# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД


| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>16.03.2016 год.<br>БРОЈ 4 ГОДИНА 51 |
|---|---|


## С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2015 година. | 4 |
| 2. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2015 година. | 23 |
| 3. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за изработка на урбанистички планови за општина Охрид 2015 – 2017. | 38 |
| 4. | Одлука за усвојување на Извештајот за работа на територијалната противпожарна единица – Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2015 година. | 54 |
| 5. | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот 01.01. - 31.12.2015 година. | 61 |
| 6. | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01. - 31.12.2015 година. | 65 |
| 7. | Одлука за усвојување на Извештајот за работата на Секторот за образование, детска, социјална и здравствена заштита за периодот 01.01.- 31.12.2015 година. | 68 |
| 8. | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Секторот за спорт, млади и невладини организации за 2015 година. | 82 |
| 9. | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Секторот за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура за 2015 година. | 88 |
| 10. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за периодот 01.01. - 31.12.2015 година. | 94 |
| 11. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за 2015 година. | 98 |
| 12. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за 2015 година. | 102 |

| | | |
|---|---|---|
| **13.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за уредување на градежно земјиште за 2015 - 2017 година за периодот од 01.01. – 31.12.2015 година. | **106** |
| **14.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата други комунални услуги за 2015 година. | **123** |
| **15.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици 2015 – 2017 за периодот од 01.01. – 31.12.2015 година. | **126** |
| **16.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за јавно осветлување 2015 - 2017 година за периодот од 01.01. – 31.12.2015 година. | **132** |
| **17.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води 2015 – 2017 година за периодот од 01.01. – 31.12.2015 година. | **140** |
| **18.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај 2015 - 2017 за периодот од 01.01.- 31.12.2015 година. | **149** |
| **19.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за изградба на системи за водоснабдување 2015 – 2017 година за периодот од 01.01. – 31.12.2015 година. | **153** |
| **20.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за 2015 година. | **159** |
| **21.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работата на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените за 2015 година. | **163** |
| **22.** | Одлука за усвојување на Извештајот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2015 година. | **165** |
| **23.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2015 година. | **167** |
| **24.** | Одлука за усвојување на годишниот Извештај и завршната сметка на Буџетот на единицата на локална самоуправа општина Охрид за 2015 година и Извештајот за годишниот попис за 2015 година. | **175** |
| **25.** | Одлука за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за периодот од 01.07. - 31.12.2015 година. | **183** |
| **26.** | Одлука за усвојување на финансискиот Извештај и Извештајот за работата на МЈП„Проаква“ Струга и Р.Е.Водовод Охрид за периодот од 01.01.-31.12.2015 година. | **191** |
| **27.** | Одлука за усвојување на годишната сметка и Извештајот за работата на ЈП„Нискоградба Охрид“ Охрид за 2015 година. | **192** |
| **28.** | Одлука за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП Градски Пазар Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2015 година. | **193** |
| **29.** | Одлука за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП„Охридски Комуналец“ – Охрид за периодот од 01.01.- 31.12.2015 година. | **193** |
| **30.** | Одлука за усвојување на годишната сметка и Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП„Градски гробишта“ Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2015 година. | **194** |
| **31.** | Одлука за усвојување на годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП„Билјанини Извори“ - Охрид за 2015 година. | **195** |

| | | |
|---|---|---|
| **32.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОУ„Христо Узунов“ Охрид. | **196** |
| **33.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОУ„Григор Прличев“ Охрид. | **196** |
| **34.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОУ„Св.Климент Охридски“ Охрид. | **197** |
| **35.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финасиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОУ„Братство Единство“ Охрид. | **198** |
| **36.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОУ„Кочо Рацин“ Охрид. | **199** |
| **37.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОУ„Живко Чинго“ с.Велгошти. | **200** |
| **38.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОУ„Ванчо Николески“ с.Лескоец. | **200** |
| **39.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОУ„Св.Наум Охридски“ с. Пештани. | **201** |
| **40.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОМУ„Методи Патче“ Охрид. | **202** |
| **41.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОСУ„Св. Климент Охридски“ Охрид. | **203** |
| **42.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на СОСУ„Св. Кирил и Методиј“ Охрид. | **203** |
| **43.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОЕМУЦ„Св.Наум Охридски“ Охрид. | **204** |
| **44.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОУТУ„ Ванчо Питошески“ Охрид. | **205** |
| **45.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“ Охрид. | **206** |
| **46.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на годишниот Извештај за работа на ОЈУ отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Кузман Шапкарев“ - Охрид за 2014/2015 година. | **207** |
| **47.** | Одлука за поставување урбана опрема – рекламни и информациони паноа на подрачјето на општина Охрид за периодот 2016 – 2021 година. | **207** |
| **48.** | Одлука за реализација на предлог проектот за поставување дренажа на училишен објект, санација на санитарни јазли и промена на врати во ОУ„Кочо Рацин“ Охрид – ПУ Д.Лакочереј. | **210** |
| **49.** | Одлука за усвојување на Програмата за управување со отпад на општина Охрид за 2016 година. | **210** |
| **50.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП„Градски гробишта“ Охрид. | **217** |
| **51.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП„Градски гробишта“ Охрид. | **225** |
| **52.** | Одлука за утврдување престанок на важност на Одлуките за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето бр.08-2815/36 од 29.02.2016 година и бр.08-2815/50 од 29.02.2016 година. | **228** |
| **53.** | Одлука за реализација на предлог проектот за уредување и санација на патишта за пристап до земјоделско земјиште, шумски и водостопански површини. | **229** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.12.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.12.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Извештајот е изработен за период од една година и ги сумира активностите извршени од страна на администрацијата во Секторот за туризам и локален економски развој, Одделение за Туризам во периодот од 01.01. до 31.12.2015 год. за реализација на:

- ПРОГРАМАТА Г2 ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2015 – 31.12. 2015 ГОДИНА

Во периодот 01.01.2015 – 31.12.2015 год. Одделението за туризам ги вршеше активностите неопходни за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид:

1. **Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)**
2. **Промоција на туризмот, организирање на настапи и присуство на саеми,**
3. **Изготвување на печатен и електронски промотивен материјал за одделни сегменти од туристичката понуда,**
4. **Подготовка на проекти и проектно управување,**
5. **Развој на информативен систем.**

Како резултати од реализацијата на програмата кои дадоа особен белег на работењето во овој период треба да се посочат:

- Процесот на евиденција, регистрација и категоризација на станоиздавачи од мал обем (вкупно регистрирани 2355 станоиздавачи)
- Процес на продолжување на решенијата за категоризација на сместувачките капацитети од мал обем,
- Поставување на туристичка сигнализација,
- Во зедничка организација со Агенцијата за промоција и поддршка на Туризамот на РМ доставен промотивен материјал од Охрид на меѓународните туристички саеми и берзи во:
  - Утрехт, Холандија 13-18.01.2015 год.
  - Хелсинки, Финска 15-18.01.2015 год.
  - Истанбул, Р. Турција 22-25.01.2015 год.
  - Брисел, Белгија 05-05.02.2015 год.
  - Софија, Р. Бугарија 12-14.02.2015 год.
  - Берлин, Р. Германија 04-08.03.2015 год.
  - Москва, Русија 18-21.03.2015 год.
  - Гетеборг, Шведска 19-22.03.2015 год.
  - Токио, Јапонија 25-28.09.2015 год.
  - Римини, Италија 09-11.10.2015 год
  - Познан, Полска 23-25.10.2015 год.
  - Измир, Турција 04-07.12.2015 год.
- Организација и учество на меѓународен саем за туризам и организација на Охридска вечер во Белград-Р.Србија од 19-22.02.2015.
- Јавен повик за субвенционирање на таксата за привремен престој на физичките лица кои вршат угостителска дејност.
- Имплементација на проект „Кон алтернативен туризам“.
- Промоција на туристичката понуда на општинската веб страница.
- Анализа на туристички движења на странските туристи во Охрид во период од 2009 – 2013.
- Организација и учество на меѓународен саем за културен туризам во Велико Трново од 01-04.04.2015.

- Промоција на туристичката понуда во Сараево и организација на Охридска вечер (05.05.2015).
- Промоција на туристичката понуда на Охрид во странски медиуми – репортажа во Al Jazeera Balkans TV.
- Промоција на Охрид во познати странски туристички спасанија GLOBER (Турција), AD (Холандија), ТУРИСТИЧКИ СВЕТ (Србија), РЕВИЈА ХОРИЗОНТ (Словенија).
- Промоција на Охрид во странски ТВ станици ATB (Турција), A Haber (Турција), SKY TURK 360 (Турција), TGRT (Турција).
- Подготовки за заедничка организација со туристичко угостителскиот сектор и учество на туристичкиот саем СКОПЈЕ ТРАВЕЛ МАРКЕТ (07-09.05.2015).
- Потпишан меморандум за соработка помеѓу сектор за ТЛЕР – општина Охрид и кластер ЕДЕН.
- Потпишан меморандум за соработка помеѓу општина Охрид и Факултетот за туризам и угостителство за вршење на обуки на стручен кадар.
- Организација и реализација на манифестацијата “БЕЛО ЛЕТО 2015” (04.07.2015).
- Организација на манифестацијата “Денови на медот во Охрид” (7-9.08.2015)
- Организација и реализација на фестивалот на “ВИНО И СИРЕЊЕ 2015” и ревија на Олдтајмери (15-16.08.2015).
- Организација и реализација на манифестацијата “ОХРИДСКА СОФРА 2015”.
- Промоција на туристичката понуда на Охрид во странски медиуми – репортажа во Croation Traveller.
- Промоција на Охрид во тиражниот магазин на „Визер“, кој се дистрибуира во сите авиони на „Визер“ кои летаа ширум светот, објавена е репортажа за Охрид.
- Промоција на Охрид во странски ТВ станици - снимени репортажи за Охрид од екипа на телевизиска куќа од Далиан - Народна Република Кина.
- Поставена туристичка берза на локацијата автобуска станица наменета за регистрираните приватни станоиздавачи.
- Тековна работа на туристичкиот информативен центар на влезот од Охрид.
- Туристичка контрола на приватните станоиздавачи за утврдување на почитување на законските одредби за издавање соби.
- Снимање на ТВ емисии ГАСТРОНОМАТ на повеќе локации во Охрид и регионот.
- Охрид претставен пред Италијанските туроператори.
- Платформа за соработка со компанија за туристички маркетинг од Израел.
- Саем за традиционална култура и туризам во НОЈКИРШЕН – Германија 07-09.11.2015 година.
- Субвенционирање на нови авиолинии ЛУТОН – ОХРИД – ЛУТОН .
- Одржана јавна расправа за Законот за угостителска дејност

**<u>Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1</u>**

**АНЕКС 1**

I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2015 год.

1. Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)

2. Промоција на туризам, организирање на настапи и присуство на саеми, техничка и логистичка поддршка на културни и спортски манифестации во градот

3. Изготвување на печатен и електронски промотивни материјали за одделни сегменти од туристичката понуда,

4. Подготовка на проекти и проектно управување

5. Развој на информативен систем

II. Информација за наплата на таксата за привремен престој

III. Извештај за туристички промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2015 год. во однос на 2014 год.), според записници од Општински Инспекторат.

**I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за периодот 01.01. – 31.12.2015 год.**

**1. Управување со туризмот**

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** | **Финансирано** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1.** | **Управување со туризмот (евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)** | | | | |
| **1** | Јануари-Декември 2015 | Континуиран процес на извршување категоризација и регистрација на станоиздавачи | Активностите опфаќаат излегување на терен на Комисиите по однапред поднесено барање од страна на лицата кои вршат угостителска дејност и изведување на процесот на категоризација на објектите. | Регистрирани се вкупно 2355 станоиздавачи од кои во 2015 година се регистрирани 70 нови станоиздавачи | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| **2** | Јануари-Декември 2015 | Континуиран процес на продолжување на решенијата за категоризација на станоиздавачи | Постапката за продолжување на решенијата за категоризација се одвива по претходно утврдена процедура. | Во текот на 2015 година продолжени се 107 решенија за категоризација | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| **3** | Јуни - Август 2015 | Изработка и дистрибуција на флаер со корисни информации за туристите и посетителите | Со цел подобра информираност на туристите и посетителите на Охрид изработен е информативен флаер . | Испечатени и дистрибуирани се вкупно 2000 флаери кои содржат корисни информации за гостите и туристи околу нивните права и должности при нивниот престој. Флаерите се дистрибуирани до сите туристичко – | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** | **Финансирано** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | угостителски работници со цел нивно понатамошно дистрибуирање до гостите кои престојуваат во нивните објекти. | |
| **4** | Јуни - Август 2015 | Туристичка контрола на приватните станоиздавачи за утврдување на почитување на законските одредби за издавање соби | Формирани тимови од вработени во Секторот за ТЛЕР кои вршеа контрола на приватните станоиздавачи во две смени | Сузбивање на нелојалната конкуренција, намален број на физички лица кои незаконски ја вршеа дејноста во соработка со СВР Охрид и УЈП. | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| **1.2. Туристички информативни центри** | | | | | |
| **1** | Јуни - Септември 2015 | Поставување на нов туристички инфо центар во центарот на Охрид | Поради потрбата од функционален туристички инфо центар во централното градсдко подрачје, во рамки на проектот е предвидена активност поставување на модерен туристички инфо центар. | Започната е постапка за припрема на тендерска документација според PRAG правилата. Поради обмноста на процедурата, реализацијата е предвидена за 2016. | Предвидена е сума од 600.000 мкд. Исплатата на средствата ќе се реализира во 2016 година. |
| **1.3. Одбележување (сигнализација) на туристичките локалитети** | | | | | |
| **1** | Април – Ноември 2015 | Проект „Кон алтернативен туризам“. | Во проектот “Кон алтернативен туризам“ Општина Охрид учествува како партнер, а финансиските средства за негова имплементација се обезбедени од страна МРФ (Македонска развојна фондација за претпријатија) во рамки на IPA CBC 2011. | Како резултат на имплементацијата на проектот на територијата на општина Охрид е поставена следната туристичка инфраструктура од мал обем: 50 патокази, 22 мали инфо табли, 5 средни инфо табли, | Реализираните активности се донација на МРФП. Не се потрошени финансиски средства од буџетот на општина Охрид. |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Финансирано |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 7 големи инфо табли, уредување на 5 видиковци, поставување на 15 дрвени маси со клупи, 5 паркинг места за велосипеди и две полетно слетни писти за параглајдинг. | |
| **1.4. Поставување на туристички берзи** | | | | | |
| **1** | Јуни - Септември 2015 | Поставување на Туристичка берза на локацијата автобуска станица за регистрираните приватни станоиздавачи | На автобуската станица беше поставена туристичка берза – штанд на кој регистрираните станоиздавачи имаа можност на организиран начин да ги нудат своите сместувачки капацитети. | Организирана промоција и понуда на сместувачки капацитети. | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| **1.5 Субвенционирање на авио превозници** | | | | | |
| **1** | Јуни-Декември 2015 | Субвенционирање на Авио превозници | Склучен четиригодишен договор со авиокомпанијата Wizzair за доделување на финансиска поддршка на авиопревозници за воведување на нови дирекни линии до Охридскиот аеродром Св. Апостол Павле со цел потикнување на туризмот и локалниот економски развој со создавање услови за посета на странски туристи на градот Охрид | Воведена нова директна авио линија Охрид- Лондон (Лутон) која согласно договорото во 2015 година реалзираше летови во периодот од 15 јуни до 15 септември. Предвидената бројка од 2500 патници за наведениот период беше надмината, односно превезени беа 4219 патници во доаѓање, а вкупно 8000 заедно со заминување, што претставува 70 % повеќе од предвиденото. | Согласно договорот за првата година е предвидена субвенција од 100.000 евра кои ќе бидат исплатени во текот на 2016 година. |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Финансирано |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Воедно, согласно договорот, Охрид како дестинација беше рекламиран на веб страната на Wizzair во текот на целта 2015 година, а бепе претставен и на една странцина во авион магазинот на компанијата. | |
| **1.6 Субвенционирање на приватни станоиздавачи од мал обем** | | | | | |
| **1** | Јануари-Декември 2015 | Субвенционирање на туристичката такса на вршителите на угостителска дејност од мал обем | За реализација на наведената програмска активност, општина Охрид, два пати годишно, односно во месец јули и јануари објави јавен повик за субвенционирање на на таксата за привремен престој. На повикот имаа можност да се јават сите регистрирани физички лица даватели на услуги. | На јавниот повикот во јануари 2015 година барање за субвенционирање на ТТ доставија вкупно 47 регистрирани вршители на угостителска дејност, а на повикот во јули се јавија вкупно 14 регистрирани вршители на угостителска дејност. | Вкупната исплатена сума по овој основ износува 320.915,00 денари. |

## 2. Промоција на туризмот

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Финансирано |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1. Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми.** | | | | | |
| **1** | Април 2015 | Организација на промо тура Охрид 2015 | Во согласност со програмата за развој и унапредување на туризмот и угостителството, секторот за ТЛЕР во соработка со туристичките субјекти од Охрид организираше ПРОМОТИВНА ТУРА ОХРИД 2015. На промо турата беа поканети медиуми од Бугарија, Србија, Турција, Русија, Словенија, Хрватска.<br>Посетени беа културно-историските знаменитости на Охрид, природните убавини, а беа промовирани и алтернативните форми на туризам. | Како резултат на промотивната тура објавени се репортажи во АТВ и A Haber ТВ (10 минутни репортажи за Охрид,10 емитувања во неделата).<br>Објавени репортажи за Охрид во ревијалните туристички магазини GLOBER кое се дистрибуира во авионите на компанијата ATLASGLOBAL (списанието се печати на англиски и турски јазик, со тираж од 72.000 примероци, а просечно на ден го читаат околу 15 000 луѓе или 450-500.000 читатели месечно<br>Репортажа за Охрид беше објавена и во специјализираните магазини за туризам „Ревија Хоризонт“ од Словенија и „Туристички свет“ од Србија. | 106.680,00 ден |
| **2** | Јули- Спетември 2015 | Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски електронски и печатени медиуми | Репортажа за Охрид во магазинот на авиопревозникот Визер, репортажа во Croatian Traveler.Снимени промотивни видео репортажи од екипи на ТВ куќи од Далиан – Народно Република Кина, ТВ куќи од Р. Турција и МРТВ – Р. Македонија. | Објавена репортажа за Охрид во хрватското списание Croatian Traveler,<br>Промовирана туристичката понуда и туристичкиот потенцијал на град Охрид - објавени репортажи за Охрид од телевизиска куќа од Далиан - Народна Република Кина и | За репортажата во Хрватско списание Croatian Traveller потрошени 41.818,оо денари, За репортажата од телевизиска куќа од Далиан- НР Кина потрошени финансиски средства во износ 36.600,оо денари |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | сателитските канали SKY TURK 360 , TRT BELGESEL од Р. Турција и МРТВ – Р. Македонија. | |
| **3** | Септември 2014 | Промоција на туристичката понуда на Охрид во странски електронски медиуми | Во соработка со агенцијата за промоција и подршка на туризмот беше организирана турата “Недела на авантури – Западен Балкан на кој учествуваа 26 интернационални медиуми и турпоератори како главниот уредник на National Geographic Traveler, уредничката на Yahoo Travel и уредничката за југоисточна и источна Европа на Lonely Planet. | Објавена репортажа за Охрид на Yahoo Travel. Снимена туристичката понуда на град Охрид и емитувани во националните електронски и печатени медиуми. | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| **4** | Ноември – Декември 2014 | Промоција на туристичката понуда на Охрид во странски електронски медиуми | Објавени репортажи за туристичките потенцијали на Охрид во чешкиот “Travel trade Gazette”, шведскиот “Lysekilsposten“ и во црногорскиот “Кафе Монтенегро” | По воспоставените партнерства и соработка со значајни медиуми и личности од специјализирани списанија и магазини за туризам, во Декемврискиот издание на чешкиот “Travel trade Gazette” како и во шведскиот “Lysekilsposten“ и во црногорскиот “Кафе Монтенегро” објавени се репортажи за атрактивноста на Охрид како туристичка дестинација. | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| **2.2. Соработка со странски туроператори** | | | | | |
| 1 | Април 2015 | Организација на промо тура Охрид 2015 | Согласно програмата за развој и унапредување на туризмот и угостителството, секторот за ТЛЕР во заедничка соработка со туристичките субјекти од Охрид организирана беше ПРОМО ТУРА ОХРИД 2015. Поканети беа Туристички агенции и | Промоција на туристичката понуда на град Охрид и регионот пред претставници на странски туроператори и туристички агенции од Бугарија, Русија, Австрија, Унгарија, Украина, Израел. Согласно преговорите кои беа | Средставата се исплатени во согласност со ставката 2.1 Промоција на туристичката понуда на Охрид во странските електронски и печатени медиуми |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | туроператорид Бугарија, Србија, Турција, Русија, Словенија, Хрватска, Израел. Покрај посетата на туристичкиот потенцијал на градот беа извршени посети на хотелите во градот и одржани B2B средби со нивните менаџменти. | одржани со претставници на локалната самоуправа и менаџментот на охридските хотели, од 2016 год Охрид ќе се најде во понудата на туристичките аранжмани на туристичките агенции и туроператори. | |
| 2 | Мај 2015 | Охридска вечер во Сараево (Стари Град) | Промоција на Охрид пред туристичките работници односно туристички агенции и туроператори од Р. Босна и Херцеговина Општина Охрид во соработка со амбасадата на Р. Македонија во Р. БИХ се организира Охридска вечер | Извршена промоција на туристичката понуда на Охрид и организирана Охридска вечер со традиционална храна и пијалоци. Промовирана туристичката понуда на Охрид преку промотивен материјал, видео презентации, директни разговори со туристички организации и институции. Присутни беа голем дел на туристички агенции и туроператори од регионот. | 27.201,00 ден |
| 3 | Октомври - Ноември 2015 | Промоција на Охрид во Израел | Делегација на општина Охрид оствари работна на Израел во рамки на која беа адржани состаноци со генералниот директор на S. ZUREL, компанија за туристички маркетинг, како и возвратна посета во Охрид. | Одржани состаноци на кои беа разгледани можностите за воведување на редовна авио линија, по сличниот принцип на соработка воспоставен со Визер, со што прогрогресивно би растел бројот на израелските туристи. Со оваа платформа предвидено е истражување на Израелскиот пазар, маркетиншки и промотивни активности за Охрид во Израел и еваулација на охридската понуда, согласно барањата и потребите на израелските туристи. | Не се потрошени буџетски средства за наведената активност. |

| **2.3. Презентација на меѓународни туристички берзи** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Јануари-Декември 2015 | Меѓународни туристички саеми и берзи | Во зедничка организација со Агенцијата за промоција и поддршка на Туризамот на РМ доставен промотивен материјал од Охрид на меѓународните туристички саеми и берзи | Промоција на туристичката понуда на град Охрид на меѓународните туристички саеми во Утрехт, Хелсинки, Истанбул, Брисел, Софија, Берлин, Москва, Гетеборг, Измир, Римини, Познан, Лондон,Парис и Токио | Нема потрошени финансиски средства |
| **2** | Февруари 2015 | Меѓународен саем за туризам во Белград-Р.Србија 19.02-22.02.2015 | Организирање и подготовка на промотивна Охридска вечер за времетраењето на Меѓународниот саем за туризам во Белград – Р. Србија. | Охрид на Саемот за туризам во Белград беше промовиран на штансот на Р Македониај и регионалниот штанд на Охрид-Преспа регионот. Промовирана туристичката понуда на Охрид преку промотивен материјал, видео презентации, директни разговори со туристички организации и нституции. Организирана Охридска вечер со охридска традиционална храна и пијалоци и охридска староградска музика. Присутни беа 10-на преставници на медиуми од Србија, 15-на претставници на туристички агенции и туроператори од Србија и 20-на претставници од дипломатскиот кор во Србија. | 239.604,00 ден |
| **3** | Април 2015 | Меѓународни туристички саеми и берзи | Во зедничка организација со Агенцијата за промоција и поддршка на Туризамот на РМ општина Охрид учествуваше на меѓународниот саем за културен туризам во Велико Трново – Р. Бугарија | Промоција на туристичката понуда на град Охрид на меѓународниот туристички саем. Остварени контакти со туристички агенции и туроператори од Р. Бугарија | Не се потрошени финансиски средства |
| **4** | Мај 2015 | Организација и учество на | Општина Охрид беше град домаќин | На простор од 60 м2 охридскиот | 70.000,00ден |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | туристичкиот саем СКОПЈЕ ТРАВЕЛ МАРКЕТ (07-09.05.2015) | на туристичкиот саем „Скопје Травел Маркет“ кој се одржа во Скопје на Скопскиот Саем. Саемот се одржа на површина од преку 3 500 м2, а охридските штандови заседоа централно место. Учествуваа преку 100 хотелско – угостителски компании, туристички агенции, тур оператори од Македонија, Црна Гора, Србија и Турција. | штанд беше претставен со карактеристична охридска, рурална и градска одаја а застапени беа и дел од старите занаети, традиционална охридска кујна како и интересен фото материјал „Охрид низ минатото“. Штандот го посетија огромен број на посетители а остварени беа и повеќе деловни средби. | |
| **5** | Ноември 2015 | Промоција на Охрид во Нојкиршен, Сојузна Република Германија | Туристичката понуда и традиционалните вредности на Охрид беа презентирани на саемската манифестација за туризам што од 7 до 9 –ти ноември се одржа во Нојкиршен, Сојузна Република Германија. | Презентацијата на Охрид како туристичка дестинација со широка палета на туристички производи, предизвика голем интерес кај посетителите на манифестацијата. Во рамки на активностите беше разговарано и за воспоставување на партнерска соработка помеѓу Охрид и Нојкиршен, како и со градот партнер на оваа манифестација Устрон од Република Полска. | Не се потрошени средства од буџетот на општина Охрид. |
| **2.4. Организација и поддршка на различни активности и настани поврзани со дефинирање, промоција и брендирање на туристичките производи** | | | | | |
| **1** | Јануари 2015 | Помагање во организација на манифестација “Богојавление Водици 2015” | Манифестацијата традиционално се одржува на 19 и 20 Јануари на која беа поканети и присуствуваа видни личности и делегации од повеке странски земји, како и голем број на гости од државата и странство. По повод манифестацијата Општина Охрид ја помогна организацијата на концертот на македонската ѕвезда Каролина Гочева како и концертот на 5 културно уметнички друштва од Охрид. | Успешна реализација на манифестацијата во делот за кој општина Охрид имаше надлежност и ингеренции. Преку ваквите манифестации и празници се настојува да се привлечат посетители и туристи со што Охрид би станал туристичка дестинација и во зимскиот период. | Исплатата на сумата од 671.000,00 ден е од Програмата за поддршка на Совет за 2015 година. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2** | Јули 2015 | Организација и реализација на мапифестацијата Бело Лето 2015 | Манифестацијата се одржа на 04 Јули, на повеќе локации низ центарот на Охрид. Оваа манифестација вклучува промоција на три сегменти од туристичката понуда на Охрид. На плоштадот кај платото на Долна Порта имаше промоција на алтернативни форми на туризам,занаетчиството и традиционални производи. На градскиот плоштад се одржа голем концерт на групата “Слаткаристика”, Тајзи и Саунд Месинџерс со кои официјално е отворена туристичката сезона во Охрид.<br>Манифестацијата „Бела Ноќ“ вклучуваше работа на угостителските објекти, без ограничување, цела ноќ. | Оваа манифестација го означува почетокот на летната туристичка сезона во град Охрид. Присутни беа голем број на туристи и посетители од Македонија и странство. Одржана промоција на различните сегменти и форми на туризам. Поставени беа штандови за промоција на алтернативните форми на туризам (селски, параглеjдерство, велосипедизам и тн). Во соработка со занаетчиската комора презентирани беа рачните изработки на сувенири. | Потрошени финансиски средства во износ од 276.000,00 ден |
| **3** | Август 2015 | Манифестација Денови на Медот во Охрид | Во соработка со здружението на Пчелари Охрид, на 5 штандови на плоштадот Крушевска Република од 7 до 9 август се одржа манифестацијата “Фестивал на Медот” на кој се извршена промоција на рурални производи од Охридскиот регион односно Мед и производи од мед. Посетителите имаа можност да вршат и дегустација на производите. | Во соработка на секторот за ТЛЕР и здружението на медари пред многубројните странски и домашни туристи беше промовиран природниот мед од Охридскиот регион. | Не се потрошени финансиски средства |
| **4** | Август 2015 | Фестивал на Вино и Сирење и ревија на Олд Тајмери | На 15 и 16 август, Охрид беше домаќин на две меѓународни манифестации – фестивал на Вино и Сирење и ревија на Олд Тајмери. Општина Охрид во соработка со | На манифестацијата присуствуваа голем број на домашни и странски гости пред кои беа промовирани разни видови на сирења и вина. Како | Вкупниот износ на потрошени финансиски средства за реализација на манифестацијата изнесува 169.100,00 ден од кои 132.200,00 ден се надоместени |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | прекуграничниот регион Преспа, како дел од програмата на ABDA која се спроведува преку Regional Rural Development Standing Working Group (SWG) ја организира манифестацијата “ВИНО И СИРЕЊЕ” преку која се изврши промоција на руралните производи –разни видови на сирења и квалитетни сортни вина на производители од Македонија и Албанија.<br>Фестивалот беше збогатен со настап на културно уметнички друштва и рок бендови.<br>Како дел од активностите што ги имплементира општина Охрид и секторот ТЛЕР, беше организирана ревијата на Олдтајмери на која што продефилираја преку 30 раритетни стари возила кои што преставуваа вистинска туристичка атракција. | дополнување на туристичката понуда се одржа изложба и ревијално возење на олдтајмери со што се зголеми туристичката понуда а воедно и зголемување на бројот на домашните и странски туристи. | од SWG. |
| **5** | Август 2015 | Организирана манифестација Охридска Софра, со цел промоција на традиционална храна и пијлаци, како и други форми на традиционални и културни вредности од Охридскиот крај. | Секторот за ТЛЕР ја организира манифестацијата ОХРИДСКА СОФРА. Во склоп на манифестацијата беше извршена промоција на подготвените ѓомлезина, традиционалната македонска храна и пијлоци, специјалитетите од готвачи од охридските ресторани и хотели, како и традиционалните охридски јадења приготвени од студентите од отсекот “Гастрономија” при Факултетот за туризам и угостителство од Охрид.<br>Манифестацијата беше збогатена со настап на етно групата | Промовирани Охридски традиционални јадења и пијлоци пред голем број на гости од државата и странство. Во натпреварувачкиот дел учество зедоа 12 учесници од кои трочлената комисија ги избра најдобрите и им додели награди во вкупен износ од 20 000ден. Мнифестацијата беше медиумски покриена од голем број на локални и национални телевизии, како и интернет портали. | Потрошени финансиски средства во износ од 86.000,00 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | “Баклава”. | | |
| **2.5. Изготвување на печатен и електронски, промотивен материјал за одделни сегменти на туристичка понуда** | | | | | |
| **1** | Јануари-Март 2015 | Репринт на промотивни материјали по разни сегменти на англиски јазик: Фотобошура, Водич на град Охрид, Брошура за активен туризам, Кеси, Постери, Флаери итн | Објавен јавен повик за графичко идејно решение и објавен тендер за печатење на промотивен материјал за град Охрид . | Промоција на туристичките потенцијали на Охрид и охридскиот регион во промотивниот материјал на град Охрид | 31.000,00 ден |
| **2** | Мај 2015 | Печатење на промотивен материјал | Согласно програмата за развој и унапредување на туризмот, секторот за ТЛЕР подготви и испечати промотивен материјал и екслузивна фотоброшура за Охрид во печатена и електронска форма. Опфатени се сите сегменти од туристичките потенцијали и туристичката понуда на град Охрид. | За прв пат Охрид преку Општина Охрид добива екслузивен промотивен материјал од висок квалитет со чија помош градот и туристичкиот потенцијал ќе бидат промовирани пред гости и делегации. | 1.156.754,00 ден |
| **2.6. Презентација на сместувачките капацитети / развој на информативен систем** | | | | | |
| **1** | Јануари - Декември 2015 | Ажурирање и дополнување на потадоци на чинителите на угостителско- туристичките субјекти за промотивни цели | Бесплатно рекламирање на сите угостителско - туристичките субјекти од Охрид на веб страната www.ipult.info | Промоција на туристичките потенцијали на Охрид и охридскиот регион | Нема потрошени финансиски средства |
| **2** | Јануари - Декември 2015 | Пополнување на база на податоци на вршители на угостителска дејност од мал обем | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем | Прегледност на регистрирани станоиздавачи и изнаоѓање на нерегистрирани станоиздавачи | Нема потрошени финансиски средства |
| **3** | Јануари - Декември 2015 | Пополнување на база на податоци на вршители на туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Прегледност на регистрирани туристички водичи и агенции и изнаоѓање на диви туристички водичи и туристички агенции | Нема потрошени финансиски средства |
| **4** | Јануари - Декември 2015 | Евиденција регистрација и контрола на податоци од општинскиот инспекторат | Редовно ажурирање на податоци за наплата на туристичка такса за привремен престој, како и податоци за ноќевања на домашни | Во соработка со општинскиот инспекторат Контрола на наплата на ТПП и воведени контроли за нелегални | Нема потрошени финансиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | и странски посетители | станоиздавачи и туристички водичи | |
| **5** | Јули - Септември 2015 | Поставување на Туристичка берза на локацијата автобуска станица за регистрираните приватни станоиздавачи | На автобуската станица е поставена туристичка берза – штанд за регистрираните станоиздавачи | Организирано нудење на сместувачките капацитети, сузбивање на нелојалната конкуренција и надминување на проблемите со дивите станоиздавачи и чекачи на гости | Не се потрошени средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението |

## 3. Подготовка на проекти и проектно управување

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** | **Финансирано** |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.2 Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти** | | | | | |
| **1** | Јануари-Март 2015 | Анализа на туристички движења на странските туристи во Охрид во период од 2009 - 2013 | Секторот за ТЛЕР во соработка со ФТУ изготви анализа на туристички движења (посетители и ноќевања) на странски туристи во Охрид за периодот од 2009 до 2013 год. врз основа на добиените податоци од Државниот Завод за Статистика | Изготвена е анализа во која се утвдува динамиката на движењето на странските туристи во Охрид. | Нема потрошени финансиски средства |

**Реализација на буџет за 2015 година**

| Реализирани средства во 2015 г, согласно програма за 2015 од општински буџет | Реализирани средства во 2015 г, согласно програма за 2015 од донации | Реализирани средства во 2015 г за исплати на обврски од претходни години | Средства предвидени за реализирани и завршени активности од програма за 2015 кои ќе се исплатат во 2016 | Нереализирани средства од програма за 2015 (дел од овие средства се резултат на реализација на предвидените активности со помалку средства од планираните во буџетот) |
|---|---|---|---|---|
| **2.429.472,00** | **132.200,00** | **1.138.055,00** | **6.750.000,00** | **1.250.273,00** |
| **20,7%** | **1,3%** | **9,7%** | **57,6%** | **10,7%** |

**II. Информација за наплата на таксата за привремен престој**

Според податоците од одделението за финансии и буџет, целокупната наплата на ТПП за периодот **од 01.01.2015 до 31.12.2015** година е следна :

**Приход од такса за привремен престој по месеци 80% (добиени податоци заклучно со месец Декември).**

| | **ВКУПНО** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.Бр** | **Месец** | **Хотели** | **Приватни станоиздавачи** | **Вкупно** |
| **1** | **Јануари** | 211584 | 105208 | 316792 |
| **2** | **Февруари** | 213600 | 47200 | 260800 |
| **3** | **Март** | 187944 | 38088 | 226032 |
| **4** | **Април** | 187016 | 6976 | 193992 |
| **5** | **Мај** | 528784 | 65840 | 594624 |
| **6** | **Јуни** | 1705912 | 110344 | 1816256 |
| **7** | **Јули** | 1421348 | 335000 | 1756348 |
| **8** | **Август** | 2048416 | 473432 | 2521848 |
| **9** | **Септември** | 4169450 | 718565 | 4888015 |
| **10** | **Октомври** | 2552587 | 511320 | 3063907 |
| **11** | **Ноември** | 859200 | 184296 | 1043496 |
| **12** | **Декември** | 341888 | 183240 | 5251280 |
| | **ВКУПНО** | 13593839 | 2635796 | 16229635 |

**<u>Во периодот од 01.01.2015 до 31.12.2015 година, согласно податоците од одделението за финансии и буџет од такса за привремен престој собрани се вкупно 16.229.635,00 денари.</u>**

**<u>Споредба Јануари - Декември</u>**

**За споредба, во 2014 година за истиот период од такса за привремен престој од основни сместувачки капацитети и од сместувачки капацитети од мал обем се собрани вкупно 14.465.481,00 денари при што може да се забележи дека наплатата за 2015 година е зголемена за 12 % во споредба со наплатата по наведениот основ во истиот период во 2014 година.**

**III. Извештај за туристичкиот промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2015 год. во однос на 2014 год.)**

| | РЕГИОН НА ОПШТИНА ОХРИД - ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ (НОЌЕВАЊА) | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.Б. | Месец | Дом. Ноќевања | | Однос% | Стр.Ноќевања | | Однос% | Вкупно Ноќевања | | Однос% |
| | | 2014 | 2015 | 2015/14 | 2014 | 2015 | 2015/14 | 2014 | 2015 | 2015/14 |
| 1 | јануари | 2817 | 1780 | 63.2 | 3257 | 3671 | 112.7 | 6074 | 5451 | 89.7 |
| 2 | февруари | 3177 | 2377 | 74.8 | 2186 | 3195 | 146.2 | 5363 | 5572 | 103.9 |
| 3 | март | 2329 | 3030 | 130.1 | 6171 | 6529 | 105.8 | 8500 | 9559 | 112.5 |
| 4 | април | 6074 | 5588 | 92.0 | 12095 | 14915 | 123.3 | 18169 | 20503 | 112.8 |
| 5 | мај | 15982 | 13448 | 84.1 | 38258 | 40315 | 105.4 | 54240 | 53763 | 99.1 |
| 6 | јуни | 15686 | 17996 | 114.7 | 42294 | 47349 | 112.0 | 57980 | 65345 | 112.7 |
| 7 | јули | 36150 | 29843 | 82.6 | 55148 | 59157 | 107.3 | 91298 | 89000 | 97.5 |
| 8 | август | 35448 | 40219 | 113.5 | 62532 | 72036 | 115.2 | 97980 | 112255 | 114.6 |
| 9 | септември | 11399 | 10043 | 88.1 | 38611 | 47423 | 122.8 | 50010 | 57466 | 114.9 |
| 10 | октомври | 12348 | 9802 | 79.4 | 17483 | 16968 | 97.1 | 29831 | 26770 | 89.7 |
| 11 | ноември | 4511 | 4392 | 97.4 | 4540 | 3762 | 82.9 | 9051 | 8154 | 90.1 |
| 12 | декември | 2153 | 5278 | 245.1 | 5563 | 5670 | 101.9 | 7716 | 10948 | 141.9 |
| | ВКУПНО | 148074 | 143796 | 97.1 | 288138 | 320990 | 111.4 | 436212 | 464786 | 106.6 |

**Согласно информацијата изготвена од Општинскиот инспекторат, бројот на ноќевањата од основни објекти во 2015 година во однос на 2014 година е зголемен за 6,6 % и тоа: кај домашните ноќевања има намалување за 2,9 %, а за странските има зголемување за 11,4 %.**

**Број 08-3698/3-1**
**14.03.2016 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.12.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.12.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.12.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

**Годишен извештај за реализација на програмата за поддршка на локалниот економски развој за период 01.01.2015 – 31.12.2015 год.**

Во текот на деловната 2015 година одделението за ЛЕР ги вршеше задачите кои произлегуваат од Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Охрид за 2015 година.
Општина Охрид оваа Програма ја реализира преку Секторот за ТЛЕР и Одделението за Локален Економски Развој, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, од стратегијата за одржлив локален економски развој.

Активностите за реализација на Годишната Програма за 2015 се реализираат во следните Подпрограми или области на делување:

1.1 Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата.
1.2 Засилување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатија.
1.3 Рационална употреба и искористување на природните ресурси во функција на локалниот економски развој.
1.4 Средства за сопствено учество во имплементација на проекти.
1.5 Оперативни расходи и договорни услуги.
1.6 Стручно усовршување и подигање на капацитетите на вработените во Секторот за туризам и ЛЕР.

**Во 2015 година во работењето на одделението за локален економски развој посебен акцент беше даден на следните активности:**

- Имплементација на одобрените проекти по извршена евалуација според однапред одредени критериуми, поднесени од страна на урбани и месни заедници, како и невладини организации според објавениот повик за финансирање на микропроекти.
- Имплементација на проект за изработка на Студија и Марктинг стратегија за интегрирана заштита на старо градско јадро во партнерство со Долна Нормандија, Франција.
- Европска соработка во рамките на Меѓународната Асоцијација посветена на европската мисија и делото на Св. Кирил и Методиј.
- Проект WATER.NET во соработка со Факултетот за туризам и угостителство Охрид и во пратнерство со Р. Грција добиен од програмата на ИПА за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција.
- Проект “LAKtive Tourism” во соработка со конзоциум на градови со езера.
- Проект SUPPORT CROSS BORDER UNTERPRENEURSHIP / TRANSNATIONAL BUSINESS CONSULTANT SCBE / TBC во соработка со НВО Центар за климатски промени и во пратнерство со Р. Грција добиен од програмата на ИПА за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција
- Промовирани капацитети погодни за инвестирање на претставници на странски делегации.
- Комуникација и продолжување на соработката со општина Исео од Италија и заедничко аплицирање со предлог проект од програмата на Европската Унија COSME со партнери од Европската мрежа на езера и градови со езера од Италија, Словенија, Шпанија и Ирска.
- Европска соработка, европска мрежа на партнерства- Network EU Lakes – Подготовка на предлог проект.
- Продолжување на Европскиот партнерски музички проект "100 Teens Orhestra" - Проектот треба да продолжи со активности и концерт во Охрид (Август 2016).

- Комуникација и соработка со општина Блед од Словенија и општина Суботица од Србија.
- Соработка со регионот Молисе, Италија.
- Меѓународна соработка со Регионот Злин од Република Чешка.
- Активности и задачи за олеснување на пристапот кон вработувањето за граѓаните на општина Охрид преку одржување на веб портал на страницата на општина Охрид www.ohrid.gov.mk.
- Доделување на бесплатни курсеви за 20 невработени лица.
- Аплициран и одобрен проект до Австралиска Амбасада со назив „Охрид без бариери за лицата со интелектуална попреченост“.
- Аплициран и одобрен проект до Германска Амбасада за реконструкција на детско игралиште.
- Аплициран и одобрен проектот „Отворање на нова дисперзирана градинка во с.Пештани” со финансиска поддршка од Генералниот конзулат на Р.Бугарија во Р.Македонија.
- Попис за експропријација на земјиште и трајни насади и посеви во корист на општината.
- Легализација на времени земјоделски објекти.
- Проценки на штети од елементарни непогоди на објекти, насади и посеви како и изготвување на информации од областа на земјоделството.
- Изготвување на извештаи од областа на земјоделството.
- Аплициран, одобрен и реализиран проект за „Брендирање на производи и региони“ спонзориран од програмата за прекугранична соработка на ЕУ преку организацијата на „SWG“ (Standing Working Group).
- Организација на работна средба на Македонско- бугарската стопанска комора.
- Аплициран проект до програмата за грант донации на ИПА за социјална заштита.
- Аплициран и одобрен проект „Одржливи вработувања IV“ од програмата општинско корисна работа на УНДП.

Деталнии информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1

**АНЕКС 1**

**1. Реализација на програмата за подршка на локалниот економски развој за период 01.07.2015 – 30.09.2015 год.**

**1.1 Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на Заедницата.**

1.1.1. Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно Стратегијата за одржлив развој – Акциони Планови 2014, и Стратегијата за Рурален развој на Општина Охрид 2014

1.1.2. Имплементација на активности од Подстратегија за рурален развој 2014 година

**1.2. Засилување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатија.**

1.2.1. Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки како модел за поддршка на развојот на МСП и претприемништвото преку интензивна промоција на економскиот потенцијал на Општина Охрид
1.2.3. Меѓународни партнерства
1.2.6 Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд

**1.3 Рационална употреба и искористување на природните ресурси во функција на локалниот економски развој.**

1.3.4.Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците

**1.4. Средства за сопствено учество во имплементација на проекти.**

1.4.1. Во оваа програмска активност е предвидено сопствено учество во општински, регионални, национални и меѓународни проекти. Од позначајните планирано е партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, како и Зедничко учество в

аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проект,**како и партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот Плански Регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој и проектите со средства од Агенцијата за рурален развој и други агенции. Исто така во оваа програмска активност предвидено е сопствено учество во проекти за стратешко планирање на регионална соработка во пограничниот регион на Преспа-Охрид-Корча, како и подготовка и имплементација на програми и проекти за реагионална соработка и поттикнување на економската соработка со акцент на руралните средини во пограничната област.

**1.5. Оперативни расходи и договорни услуги.**

**1.6. Стручно усовршување и подигнување на капацитетите на вработените во Секторот за туризам и ЛЕР.**

**1.1 Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1.1 Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно Стратегијата за одржлив развој – Акциони Планови 2014, и Стратегијата за Рурален развој на Општина Охрид 2014** | | | | | |
| **1.** | Јануари - Декември 2015 | Имплементација на одобрените проекти по извршена евалуација според однапред одредени критериуми, поднесени од страна на урбани и месни заедници, како и невладини организации според објавениот повик за финансирање на микропроекти. | По завршената процедура за преглед на поднесената проектна документација во однос на подобност спрема условите кои се дадени во повикот за финансирање на микропроекти, со право на учество на НВО-и, Месни и Урбани Заедници, одбрани беа 6 проектни апликации кои беа соодветни со критериумите на повикот и приоритетите одредени во стратегијата за потткнување на локалниот економски развој и подстратегијата за рурален развој од кои со 5 апликанти се потпишааа договори додека три проектни апликации беа реализирани заклучно со крајниот рок 31.12.2015. | - Изградена трибина на игралиштето во с. Подмоље.<br>-Реконструиран селскиот дом во с. Курајца. | Исплатен и реализиран проект „Изградба на трибини на игралиште во с. Подмоље“ кон имплементаторите Здружение за екологија и развој“ и локалната месна заедница.<br>Износ на исплата 99,430,00 ден.<br>Реализиран проект „Курајчко Средсело“ имплементиран од здружение „Св. Василиј“ во соработка со локалната месна заедница. Одобрен износ<br>100 000,00 ден. – исплатата ќе биде реализирана во 2016.<br>Реализиран проект „Изградба на видиковец кај црквата Св. Наум во с. Лескоец реализиран од Здружение на туристички водичи „Кеј“, сумата од 110.000 ќе биде исплатена во 2016 г. |

**1.2. Засилување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатијата**

| Бр | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.2.1. Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки како модел за поддршка на развојот на МСП и претприемништвото преку интензивна промоција на економскиот потенцијал на Општина Охрид** | | | | | |
| 1. | Април 2015 | Одржан форум со работодавачи и млади невработени лица | Целта на работната средба беше зголемување на информираноста на работодавачите за активните програми и мерки за вработување, дијагностицирање на бариерите со кои се соочуваат во креирање на работни места и јакнење на социјалниот дијалог помеѓу работодавачите, единиците на локалната самоуправа и државните институции на локално и национално ниво. | Се очекува подобрување на работата на институциите и на мерките кои би ја намалиле нелојалната конкуренција и сивата економија а дадени беа и предлози за подобрување и олеснување на работењето на работодавачите. Меѓу другото на средбата се разговараше за новите законски можности и олеснување при вработување на младите лица и корисници на социјална парична помош. | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| **2** | Јануари-Март 2014 | Промовирани инвестициски капацитети во делот на туризмот и индустриски капацитети на претставници на странски делегации | Вработени во одделението за локален економски развој во текот на 2015 година одржаа бројни работни состаноци со инвеститори од САД, Катар, Израел, Русија, Украина, Англија и Германија со цел претставување на можностите за инвестирање во хотелски и индустриски капацитети кои се предложени од страна на општина Охрид како потенцијални локации погодни за инвестирање. | Промоција на капацитетите кои ги нуди Општина Охрид пред заинтересираните инвеститори од земјата и странство. Континуирана комуникација со заинтересирани инвеститори со цел доставување на дополнителни информации.<br>Исто така одржуваме постојана комуникација со министрите без ресор како и со агенција за странски инвестиции кои понатаму ги проследуваат информациите до економските промотори на РМ во странство, како и директно до потенцијалните инвеститори. | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.2.2. Ажурирање на брошура ИНВЕСТИРАЈТЕ ВО ОХРИД** | | | | | |
| 1. | Јануари-Март 2015 | Ажурирање на брошурата „Инвестирајте во Охрид“ | Тековно се врши прибирање на документација за локации за ажурирање на брошурата „Инвестирајте во Охрид“, како и одредување на содржината и тематските области на капацитети поволни за привлекување на странски и домашни инвеститори. | Ажурирана брошура на „Инвестирајте во Охрид“. Печатењето на новото издание на брошурата е планирано согласно програмата за јавни набавки за 2016 година. | Активноста е реализирана во рамки на активностите на одделението за локален економски развој и досега не се потошени средства за истата. |
| **1.2.3. Меѓународни партнерства** | | | | | |
| 1. | Јули - Март 2016 | Имплементација на проект „Изработка на план за интегрирана заштита на старо градско јадро на Охрид”. | Носител на проектот е општина Охрид во соработка и партнерство со општина Каен, Долна Нормандија и НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид.<br>Проектот предвиде изработка на Студија и Маркетинг стратегија каде се овозможи мапирање и утврдување на валоризирани и ревалоризирани објекти на недвижно културно наследство, мапирање и утврдување на состојбата на одделни делови или градби во состав на споменична целина, развој на локални планови за планирање на урбаниот развој, промовирање на потенцијалот за развој на културниот туризам, како и зголемување на значењето на јавната свест за културното наследство на Охрид. | Со имплементација на проектот се изработи Студија за интегрирана заштита на старото градско јадро на Охрид и Маркетинг стратегија. Наведените документи се основа за изработка на Планот ќе овозможи и исполнување на обврската согласно Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство наведена во член 10 став 4 од Законот кој налага изработка на ваков План.<br>Во текот на имплементација на проектот се одржаа неколку состаноци со членовите на координативното тело со цел запознавање на членовите со тековните активности според предвидената временска рамка.<br>Воедно, во тек е процедура за јавна набавка за промотивен материјал, чија реализација ќе биде во 2016. | Потрошени се 30.000 денари, а остатокот од 585.000 денари ќе бидат исплатени во текот на 2016 година. |
| 2. | Јануари - Декември 2015 | Основање во Меѓународната Асоцијација посветена на европската мисија и | Учество во Меѓународната Асоцијација “European Cultural Route of Saints Cyril and Methodius”. | Формирана е Меѓународната Асоцијација посветена на европската мисија и делото на Св. Кирил и Методиј. Донесен е | Соработката со оваа Меѓународна асоцијација е дел од работните обврски на вработените во Секторот за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | делото на Св. Кирил и Методиј. | | статутот на Асоцијацијата и утврдена е програмата за работа со драфт проекти за следните години. | Тлер. |
| 3. | Јануари - Декември 2015 | Проект WATER.NET во соработка со Факултетот за туризам и угостителство Охрид и во партнерство со Р. Грција добиен од програмата на ИПА за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција. | Носител на проектот од Македонска страна е општина Охрид во партнерство со Факултетот за туризам и угостителство од Охрид. Целта на проектот е воспоставување на партнерски односи со институции од Република Грција. | Проектот е во фаза на имплементација, 76.5% од средствата се префрлени на посебната проектна сметка од страна на донаторот. Договорот е потпишсн во јуни 2015, а активностите се започнати со реализација на 15 Октомври. Ангажиран е проектен персонал по објавен јавен повик. Одржани се два координативни состаноци меѓу проектните тимови од двете држави. Отпочната е подготовка на тендерската документација за избор на изведувач за градежните работи во проектот за изградба на пешачка патека од 200 метри во рамки на постоечката патека која започнува после мостот од „Билјанини Извори“. Припремена е тендерската документација за поголемиот дел од активностите во проектот. | Вкупниот износ на одобрени средства за реализација на овој проект изнесува 210.000 еур. од кои 160.650 или 9.854.496 ден. се префрлени на проектната сметка на буџет за донации. Поради тоа што договорот се потпиша во Јули 2015 година, и обемниот процес на подготовка на тендерска документација според PRAG процедурите, најголемиот дел од активностите и нивната исплата ќе биде реализирана во 2016 г. Во текот на 2015 година исплатени се средства во износ од: 79.843,00 денари. |
| 4. | Јануари-Декември 2015 | Проект “LAKtive Tourism” во соработка со Општина Исео од Италија, проектот е дел од најновата Програма на Европската Унија COSME која вклучува партнери од Европската мрежа на езера и градови | Европски партнерски предлог проект од **Програма на Европската Унија COSME.** Програма на EUROPEAN COMMISSION Executive Agency for Small and Medium-sized Enterprises - COSME Programme. Општина Охрид е партнер од Македонија. Целта на проектот е продолжување на туристичката сезона и креирање на | Проектот беше аплициран во Јануари 2015 година, а е одобрен во Декември 2015. По завршување на постапката за прибирање на комплетната документација, во текот на 2016 година ќе биде потпишан договорот. | Не се потрошени финансиски средства за изготвување на апликацијата на проектот, а износот на проектниот буџет е 41.131 евра за општина Охрид како партнер кој ќе се раализира во 2016 по потпишување на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | со езера од Италија, Словенија, Шпанија и Ирска. | специфични туристички производи во Охрид за сениори. | | договорот. |
| 5. | Декември 2015 | Проект SUPPORT CROSS BORDER UNTERPRENEURSHIP/ TRANSNATIONAL BUSINESS CONSULTANT SCBE / TBC во соработка со НВО Центар за климатски промени и во пратнерство со Р. Грција добиен од програмата на ИПА за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција. | Добиено е официјално Известување од Делегација на Европската Унија во Скопје за одобрен проект за Општина Охрид од Програмата на Европската Унија за прекугранична соработка Македонија- Грција . Општина Охрид е главен партнер од Македонија. | После официјалното известување од Делегација на Европската Унија во Скопје, започнат е процесот на буџетско чистење по што ќе следи потпишување на Грант Договор за Проектот Support cross border entrepreneiurship, transnational business consultant- SBCE/ TBC . | Не се потрошени буџетски средства. |
| **6.** | Јануари - Септември 2015 | Аплициран и одобрен проект од Австралиска Амбасада со назив „Охрид без Бариери за лицата со интелектуална попреченост“. | Проектот беше поднесен до Австралиска Амбасада и истиот беше одобрен и финансиран од ДАП фондот. Активностите на проектот предвидуваа ангажман на две лица во дневниот центар за лица со попреченост „Зраци“, организирање на три еднодневни екскурзии за лицата кои го посетуваат центарот. Со средства од проектот се набави и техничка опрема. | Проектот е имплементиран во целост. Ангажиран беше персонал, беа организирани две екскурзии на корисниците на центарот „Зраци“, а во текот на реализацијата на проектот беше изготвен промотивен материјал и беше одржана јавна трибина со цел подигнување на јавната свест на локалното население за лицата со попреченост. | Проектот имаше предвиден буџет од 6020 ЕУР (320.230 денари) кој беше целосно реализиран во текот на тековната 2015. |
| **7.** | Јануари - Септември 2015 | Аплициран и одобрен проект до Амбасадатана СР Германија за реконструкција на детско игралиште | Проектот имаше за цел реконструкција на детското игралиште во близина на а Билјанини извори пред самиот мост кај езерската полиција. | Проектот е реализиран во целост, а во текот на неговата имплементација беше избран економски оператор од кој беа набавени реквизитите за детското игралиште. Наведените активности беа реализирани со финансиска помош од Амбасадата на СР | Одобрените средства во износ од 7.909,00 ЕУР (485.216 денари) се исплатени во целост. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Германија, додека опптина Охрид учествуваше со сопствени средства во делот на набавка и поствување на гумената подлога,како и уредување на целиот простор. | |
| **8.** | Јуни - Септември 2015 | Аплициран и одобрен проектот „Отворање на нова дисперзирана градинка во с.Пештани” со финансиска поддршка од Генералниот конзулат на Р.Бугарија во Р.Македонија | Основна цел на проектот беше зголемување на капацитетот на институциите за згрижување и вопситание на децата и обезбедување на поквалитететен развој на децата во првите години од својот живот преку отворање на нова дисперзирана градинка во с.Пештани. | Проектот е имплементиран заклучно со 30.09.2015, изработена е техничка спецификација за набавка на потребните услуги за оспособување на просториите во училиштето Св. Наум Охридски во с. Пештани за отворање на дисперзирана градинка.<br>Беше избран економски оператор и завршени се градежните работи во насока на реновирање и адаптирање на просторот каде започна со работа дисперзираната градинка. Во опремувањето на градинката учествуваа Министерството за труд и социјалн политика и општина Охрид. | Средствата се обезбедени од Генералниот конзулат на Р.Бугарија во Р.Македонија и изнесуваат вкупно 6500 ЕУР (399.750 денари) кои се целосно реализирани. |
| 9. | Март - Септември 2015 | Аплициран и одобрен проект „Одржливи Вработувања IV“ од програмата општинско корисна работа на УНДП. | Проектот „Општинско корисна работа“ предвидуваше работно ангажирање на вкупно 11 лица, од кои 6 лица беа ангажирани во дисперзираните градинки, а 5 лица беа работно ангажирани во Транзитниот центар за деца на улица во период од 6 месеци. | Проектните активности беа реализирани според временската рамка на проектот, односно за период од 6 месеци беа ангажирани вкупно 11 лица, од кои 6 лица беа ангажирани во дисперзираните градинки, а 5 лица беа работно ангажирани во Транзитниот центар за деца на улица. | Буџетот на овој проект изнесуваше 409.200 денари и е целосно реализиран. |
| 10. | Јануари - Декември 2015 | Европска соработка, европска мрежа на партнерства- Network EU Lakes – Подготовка на Предлог проект | Заедничко аплицирање на нов европски партнерски предлог проект од Програмата на Европската Унија **Erasmus +** Collaborative partnerships; (спортови на вода). Проектот опфаќа | Предлог проектот е подготвен и аплициран навремено во координација со европските партнери од Европската мрежа на Езера и Општина Исео од Италија. | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | партнери од Европската мрежа на езера од Италија, Охрид- Македонија, Блед- Словенија, Шпанија и Финска. Подготовка на предлог проектни активности за Охрид во соработка со Федерацијата на РМ за едриличарство и Клубот од Охрид за спортови на вода. | | |
| 11. | Јануари - Март 2015 | Соработка со регионот Молисе, Италија | Изготвен е и доставен предлог проект од Програмата на Европската Унија- Europe for citizens Programme 2015 EU Strand 1: European remembrance | Предлог проектот "New future from old memories" од Програмата Europe for citizens Programme 2015 ЕУ со партнери од други европски држави (Италија, Малта, Полска и Унгарија), комплетно е подготвен и аплициран во предвиденото време.(Март 2015) | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. Во Предлог Буџетот во предлог проектот за Охрид се предвидени 17.500 € |
| 12. | Јануари - Декември 2015 | Продолжување на европскиот партнерски музички проект "100 Teens Orhestra". | Во рамки на Европскиот музички проект Оркестар на 100 млади музичари од различни европски држави предвиден е концерт во Охрид кој би се одржал во август 2016 година. | Предвидена е организација на Европски музички камп во Охрид и одржување на концерт во рамките на Фестивалот Охридско Лето 2016. | Не се потрошени буџетски средства. |
| 13. | Јануари - Декември 2015 | Комуникација и соработка со Општина Блед од Словенија и Општина Суботица од Србија | Заедничка соработка и заедничко аплицирање со предлог проект на европски програми. | Одржана е работна средба во Охрид со Заменик Градоначалникот од Општина Блед, остварена е блиска комуникација и соработка со Општина Суботица. Подготвен и аплициран е во предвидениот рок партнерски предлог проект од Програмата Europe for citizens. Водечки партнер е Општина Суботица. Општина Охрид е проектен партнер. | Не се потрошени буџетски средства. |
| 14. | Јули - Декември 2015 | Комуникација и соработка со Министерството за Надворешни Работи на Република Македонија и | Иницијатива за соработка помеѓу Општина Охрид и Општина Хамерфест од Норвешка. | Започната е подготвителната фаза за соработка со вклученост на Амбасадата на РМ во Норвешка и Општина Охрид. | Не се потрошени буџетски средства. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Амбасадорот на РМ во Норвешка | | | |
| 15. | Јули - Декември 2015 | Комуникација и соработка со Министерството за Надворешни Работи на Република Македонија и Амбасадорот на РМ во Токио- Јапонија | Започнување на процесот за соработка помеѓу Охрид и Јапонија во врска со иницијативата за соработка помеѓу Езерото Бива од Јапонија и Охридското Езеро. | Започната е подготвителната фаза од соработката помеѓу Амбасадата на РМ во Јапонија, Музејот и научно истражувачкиот центар од Езерото Бива, Општина Охрид и Хидробиолошки Институт од Охрид. | Не се потрошени буџетски средства. |

**1.2.5. Одржување на редовни состаноци на Општински економски совет – „Совет на градски татковци“**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Јануари - Јуни 2015 | Редовна организација и одржување на состаноци со Општинскиот економски совет. | Со конституирањето на советот, чија цел е да претставува место на кое се води континуиран дијалог меѓу општинската власт и бизнисмените од општина Охрид се овозможува навремено препознавање на проблемите, создавање иницијативи и подобрување на вкупната економска клима и трговска понуда на градот. Состаноците на Советот е предвидено да се одржуваат најмалку еднаш месечно. | Редовно организирани состаноци и дефинирани точки на расправа во насока на остварување на дијалог и консултација за одредување на приоритети во делот на навремено препознавање на проблемите, создавање иницијативи и подобрување на вкупната економска клима и трговска понуда на градот. | Не се потрошени буџетски средства. Активноста се реализираше во рамки на тековните активности на одделението за ЛЕР. |

**1.2.6. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Јануари - Декември 2015 | Активности и задачи за олеснување на пристапот кон вработувањето за граѓаните на Општина Охрид преку одржување на веб портал на страницата на Општина Охрид www.ohrid.gov.mk. | Преку посебен линк на веб порталот на Општина Охрид, се поставуваат сите тековни огласи за вработување на територијата на Општина Охрид, со што се овозможува полесен пристап на сите заинтересирани невработени лица до информации за слободни места за вработување. | Податоците се ажурираат еднаш неделно. | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| **2.** | Јануари - Декември 2015 | Доделување на бесплатни курсеви за 20 невработени лица | Со цел стимулирање на социјалната интеграција и побрзо вклучување на пазарот на трудот, општина Охрид додели бесплатни курсеви за 20 | Со цел стимулирање на социјалната интеграција на невработените и подобрување на нивните квалификации за идно вработување | Износот на предвидените средства изнесува 128.000 ден.<br>Реализирани се 96.000 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | невработени лица од Охрид за заварувачи, готвачи и машинисти- фини подесувачи на машини | општина Охрид, согласно годишната програма на Одделението за локален економски развој за 2015 година, во која беа предвидени „ Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд“ финансиски подржа спроведување на бесплатни курсеви за 20 невработени лица од следниве стручни профили: заварувачи, готвачи, шивачи и машинисти-фини подесувачи на машини. Со курсевите беа опфатени по 5 лица од секоја од наведените стручни профили. Обуките за кроење и шиење, за заварувачи и за фини подесувачи на машини се реализираа во текот на 2015 година. Обуките беа спроведувани од страна на ОЈУ ОГУ за доживотно учење „Кузман Шапкарев“. | |

**1.3. Рационална употреба и искористување на природните ресурси во функција на локалниот економски развој**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.3.4.** | **Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците** | | | | |
| 1. | Јануари - Декември 2015 | Попис за експропријација на земјиште и трајни насади и посеви во корист на општината. | Редовна процедура на вршење на попис за експропријација на земјиште и трајни насади и посеви во корист на општината. | Тековно вршење на попис и проценка на земјиште, насади и посеви.<br><br>Изготвени се 10 записници. | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| 2. | Јануари - Декември 2015 | Легализација на времени земјоделски објекти. | Редовна процедура на легализирање на земјоделски објекти. | Изготвени се 45 записници | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| 3. | Јануари - Декември 2015 | Проценки на штети од елементарни непогоди на објекти, насади и посеви како и изготвување на информации од областа на земјоделството. | Процес за проценка и обесштетување од елементарни непогоди. | Поплави- 01.02.2015<br>Град - 09.05.2015<br>Град - 04.08.2015<br>Град - 22.08.2015<br>Поплави - 10.10.2015<br>Град - 19.06.2010<br>Град - 09.06.2011<br>Пожар - 27.08.2011<br>Земјотрес - 07.06.2012<br>Град- - 10.08.2012<br>Поплави - 01.02.2015<br>Изготвени се 11 проценки | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| 4. | Јануари - Декември 2015 | Изготвување на извештаи од обласата на земјоделството | Изготвување на информации за состојбата на земјоделско државно земјиште . | Изготвени се 9 информации за искористеност на површините со кои општина Охрид располага како земјоделско земјиште а се во сопственост на Р.М.<br>Изготвени се 4 извештаи за состојбата на државното | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | земјиште во општина Охрид. | |
| 5. | Јануари - Декември 2015 | Потврди за ИПАРД програма | Извршување на барања за потврди за учество во ИПАРД. | По доставени барања на земјоделски производители, фирми, граѓани, издадени се 36 потврди | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението |

**Реализација на буџет за 2015 година**

| Реализирани средства во 2015 г, согласно програма за 2015 од општински буџет | Реализирани средства во 2015 г, согласно програма за 2015 од донации (посебни сметки) | Реализирани средства во 2015 г за исплати на обврски од активности согласно програма на ЛЕР од 2015, а исплатени од други општински програми | Средства обезбедени за реализирани и предвидени активности од програма за 2015 кои ќе се исплатат во 2016 | Нереализирани средства од програма за 2015 (дел од овие средства се резултат на реализација на предвидените активности со помалку средства од планираните во буџетот) |
|---|---|---|---|---|
| **396.094,00** | **1.324.489,00** | **199.086,00** | **10.569.653,00** | **472.674,00** |
| **3,1%** | **10,2%** | **1,5%** | **81,5%** | **3,7%** |

**Број 08-3698/4-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ОПШТИНА ОХРИД 2015 – 2017**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за изработка на урбанистички планови за општина Охрид 2015 – 2017, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/5** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ОПШТИНА ОХРИД 2015 – 2017**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната програма за изработка на урбанистички планови за општина Охрид 2015 - 2017.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „ Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/5**
**14.03.2016 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**

ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ОПШТИНА ОХРИД 2015

**Охрид, 18.01.2016**

Во тек на 2015 година се работеше на изработка на плановите предвидени со Развојната програмата за изработка на урбанистички планови за општина Охрид 2015-2017. и Измените и дополнувањата на Развојната програмата за изработка на урбанистички планови за општина Охрид 2015-2017. Дел од нив се комплетно завршени, усвоени од Советот на општина Охрид и ставени во употреба, дел се во фаза на изработка, а дел сеуште не се отпочнати со работа

## I.Усвоени планови во 2015 година

**1. УПВНМ - индустиска зона Мауцкер**

**2. УП вон населено место Лагадин Пештани БЛОК 3 и дело д БЛОК 4**

**3. УП вон населено место туристички локалитет Св.Стефан - опфат 3**

**4. ДУП за УЗ 18 УБ 18.1 и дел од УБ 18.2 – Чекоштина**

**5.ДУП за ГП 13.4.1 во УЗ 13, УБ 13.4 на КП 3166, КО Охрид 4**

**6. Измени и дополнувања на ДУП во УЗ 17 УБ 17.4**

**7. ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 2**

**8. Опш акт за село Лагадин**

**9. ДУП заУЗ 8УБ 8.1 за гп 1 на дел од кп 11843 КО Охрид 2**

## II. Во фаза на постапка на донесување се следните планови

### А. Планови финансирани од општина Охрид

1. **ДУП за УЗ 1 дел од УБ 1.1 - Опфат Табана**
   граници: Македонски Просветители, пешачка патека меѓу ТЦ Амам и Летница, дел од ул. Климент Охридски, дел од ул. Цар Самоил, крак од Коста Абраш и Охридско Езеро

површина: ........................................................................ П = 2.30 ха

- **Изработен и утврден Нацрт план**
- добиени Конзерваторски основи од Завод и Музеј
- извршено е ажурурање на катастарските подлоги и се врши усогласување на планот со ажурираните подлоги
- Добиена Стручна ревизија и се чека Одговор на ревизијата од иработувачот на планот
- добиено Стручно мислење и одговорна мислењето
- пратено во Министерство за култура за добивање на мислење
- помината јавна анкета и презентација,се разгледуваат анкетните листови и да се комплетираат мислењата
- **се врши повторно ажурирање на подлогите**

**2. ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.1 - Опфат Кеј**

граници: Кеј Маршал Тито, Први Мај, Партизанска и Македонски Просветители

површина: ........................................................................ П = 5.70 ха

- Изработен Нацрт план
- добиени Конзерваторски основи од Завод и Музеј
- извршено ажурирање на катастарските подлоги
- Добиена Стручна ревизија и се чека Одговор на ревизијата од иработувачот на планот
- добиено Стручно мислење и одговорна мислењето
- пратено во Министерство за култура за добивање на мислење
- се работи Нацрт планот според мислењето од Министерство за култура
- помината јавна анкета и презентација,се разгледуваат анкетните листови и да се комплетираат мислењата
- **се врши повторно ажурирање на подлогите**

**3. ДУП за УЗ 3 УБ 3.1**

граници: Гоце Делчев, И.Дудановски,Туристичка и Бистрица

површина: ........................................................................ П = 17.50 ха

- **отпочната постапка за изработка на Нацрт план**
- извршено ажурирање на катастарските подлоги
- **ќе се работи**

**4. ДУП за УЗ 3 УБ 3.3**

граници: Гоце Делчев, И.Дудановски,Туристичка и Пирин Планина

површина: ........................................................................ П = 10.50 ха

- **ќе се работи Нацрт план ,**
- **ќе се работи**

**5. ДУП за УЗ 4, УБ 4.3**

граници: Васил Стефоски, Т.Трајчески, Гоце Делчев и Распаќе

површина: ........................................................................ П = 8.40 ха

- **Изработен Нацрт план ,**
- даден налог за ажурирање на подлоги
- доставен елаборат со ажурирани подлоги и пратени изводи до фирма за изработкана планот
- доставена планска програма на разгледување,
- изработено мислење по планска програма и пратено кај изработувач да постапи по забелешки
- **ќе се работи**

**6. ДУП за УЗ 4, УБ 4.4**

граници: Распаќе, Туристичка и река Дaљан
површина: ............................................................................ П = 12.30 ха

- **Изработен Предлог план**
- извршено ажурирање на катастарските подлоги
- прибирање на потребни информации во тек е разглрдување на планот
- формирана комисија за разгледување на Планската програма
- добиено Мислење од Комисијата,добиен одговор од изработувачот на Планот
- планот е Утврден на Совет
- планот е на јавна анкета 23.03,2012 до03,04,2012
- **се комплетираат мислења и спрема Предлог планот за на Согласност**

**7. ДУП за УЗ 4, дел од УБ 4.5 – опфат 1**

граници: Распаќе, улици по ДУП за 4-та УЕ и Гоце Делчев,
површина: ............................................................................ П = 6.70 ха

- **треба да се работи Нацрт план**
- **со стапување на нов катастар треба да се изврши одново ажурирање на подлоги**

**8. ДУП за УЗ 4, дел од УБ 4.5 – опфат 3**

граници: Гоце Делчев, Никола Русински, Туристичка и Распаќе
површина: ............................................................................ П = 4.20 ха

- **ќе се работи план –нов проширен опфат**

**9. ДУП за УЗ 4 УБ 4.5 и УБ 4.6**

граници: Распаќе,Туристичка, Бистрица и Гоце Делчев
површина: ............................................................................ П = 29,60 ха

- **се работи план**

**10. ДУП за УЗ 4, УБ 4.6**

граници: Гоце Делчев, Никола Русински, Туристичка и Бистрица
површина: ............................................................................ П = 14.40 ха

- **ќе се работи план ,**
- **даден налог за ажурирање на подлоги**

**11. ДУП за УЗ 4 дел од УБ 4.7 - опфат 2**

површина: ............................................................................ П = 18.10 ха

- се работи План
- подлогите се доставени за ажурирање во геодетска фирма
- направени изводи за отпочнување на Планот
-доставена Планска програма формирана комисија дадено мислење
- Одобрена планска програма
- примен предлог план и доставен за стручна ревизија.
- изработена и доставена стручна ревизија,планот пратен кај изработувач на понатамошно постапување
-Изварботка на Извештај за стратешка оценка

**12. ДУП за УЗ 5 УБ 5.2**

граници: Туристичка, Бистрица, Прв Градски Ринг и И.Дуданоски
површина: ............................................................................ П = 10.2 0 ха

- **се работи Нацрт план**
- извршено ажурирање на катастарските подлоги
- се работи

**13. ДУП за УЗ 5 УБ 5.3**

граници: Бул. Туристичка, Пирин Планина, Прв Градски Ринг и и.Дуданоски

површина: ............................................................................ П = 12.20 ха

- **изработен Предлог план**
- извршено ажурирање на подлогите
- добиена стручна ревизија
- формирана Комисија за давање на Мислење по Нацрт планот
- планот беше на јавна анкета и јавна презентација
- изработен извештај по јавната анкета и јавната презентација
- се спрема Предлог план
- се прибираат мислења на Предлог план за добавње на Согласност
- Предлог планот е пратен на Согласност во МТВи вратен со забелешки
- планот беше на повторена јавна анкета и презентација
- се подготвува извештај по јавна анкета и се постпува по анкетните листови
- **планот е за повторена јавна анкета и презентација**

**14. ДУП за УЗ 5 дел од УБ 5.4**

граници: Прв Градски Ринг, Бистрица, Железничка и Пирин Планина,
површина: ............................................................................ П = 34,20 ха

- се работи Нацрт план
- доставени ажурирани подлоги и доставена потребна документација до изработувачот на планот за отпочнување на негова изработка
- **доставена и одобрена планска програма, постапката за донесување на план е во тек**
- **се работи**

**15. ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.1 - Опфат 2**

граници: Даме Груев, Прв Градски Ринг, 7-ми Ноември,
Марко Несороски и Богомилска
површина: ............................................................................ П = 14.50 ха

- **Изработен Нацрт план**
- извршено ажурирање на подлогите
- одреден изработувач на планот
- изработена Стучна ревизија на Нацрт планот
- изработено мислење по Нацрт план и пратено кај изработувачот,
- **се работи**

**16. ДУП за УЗ 7 дел од УБ 7.2 - опфат1**

граници: Абас Емин, Прв Градски Ринг, Пирин Планина и Бекир Алириза
површина: ............................................................................ П = 6.60 ха

- **се чека да се достават плански програми да се формира комисија**

**17. ДУП за УЗ 8 дел од УБ 8.1 - опфат 3**

граници: Јане Сандански, Ванчо Питошески, дел од Асном, Никола Карев,
дел од улица Лазо Трпоски и дел од улица Галичица
површина: ............................................................................ П = 12,50 ха

- доставени ажурирани подлоги
- доставени потребна документација до изработувачот на планот за отпочнување на негова изработка изработка
- Доставена Планска програма и формирана комисија, пратено мислење од комисија кај изработувачот
- се работи план

**18. ДУП за УЗ 8 УБ 8.3**

граници: Туристичка, АСНОМ,Бејбунар и дел од ул.НиколаКарев
површина: ............................................................................ П = 12.40 ха

- доставени ажурирани подлоги
- доставени потребна документација до изработувачот на планот за отпочнување на негова изработка изработка
- доставена Планска програма и формирана комисија, пратено мислење од комисија кај изработувачот
- изработени Заштитно конзерваторски основи
- доставена е корегирана планска програма, се чека комисијата да ја разгледа и изработи ново мислење.
- доставена корегирана планска програма
-- се работи нацрт фаза

**19. ДУП за УЗ 9 дел од УБ 9.1 - опфат1**

граници: Пирин Планина, Прв Градски Ринг, Абас Емин и новопроектирана улица /по постоен ДУП за 9-та УЕ/

површина: ........................................................................ П = 12.20 ха

- треба да се преземе нова активност за изработка на план се чека измената на ГУП Охрид

**20. ДУП за УЗ 9 дел од УБ 9.1 - Опфат 2**

граници: Пирин Планина, Железничка, Абас Емин и проектирана улица според ДУП за 9-та УЕ

површина: ........................................................................ П = 5.50 ха

- треба да се преземе нова активност за изработка на план се чека измената на ГУП Охрид

**21. ДУП за УЗ 9 УБ 9.3 и УЗ 13 дел од УБ 13.2**

граници: 7-ми Ноември,Кленоец, Железничка и Егејска

површина: ........................................................................ П = 17.70 ха

- **Се работи Предлог план**
- извршено ажурирање на подлогите
- формирана комисија за Мислење по Нацрт планот и дадено Мислење поПланот
- планот е на Јавна анкета и на Јавна презентација од 29.09.2010 до 11.10.2010
- разгледани се на анкетните листови, направен Извештај се прибираат мислења и се спрема Предлог план
- **се работи Предлог план**

**22. ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 - опфат1**

граници: Питу Гули, 7-ми Ноември и по парцели

површина: ........................................................................ П = 1.30 ха

- **Изработен Предлог план**
- подлогите се ажурирани и пуштени кај изработувачот на планот
- формирана Комисија за мислење по Нацрт планот
- поминатa јавна анкета и презентација
- планот е на мислење во МЖСПП за СЕА
- планот е пратен на Согласност во МТВ Скопје
- **планот е вратен од МТВ Скопје со забелешки се постапува по забелешките**

**23. ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 – опфат2**

граници: Марко Несторoски, Прв Градски Ринг.Питу Гули и проектирани улици по ДУП за 10-та УЕ

површина: ........................................................................ П = 13,00 ха

- нема одобрена планска програма
- се работи Нацрт план
- подлогите се ажурирани и пуштени кај изработувачот на планот

- доставена верзија од нацрт план на рзагледување

**24. ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 - опфат 2**

граници: по граници од ГУП

површина: ............................................................................ П = 1.00 ха

- **Изработен Предлог план**
- подлогите се ажурирани и пуштени кај изработувачот на планот
- формирана е Комисија за давање на Стручно мислење
- планот беше на Јавна анкета и на Јавна презентација од 10.12.2010 до 24.12.2010
- разгледани на анкетните листови и изготвен е Извештај, се чекаат Мислења
- се чека мислење од Министерство за животна средина
- пратен е план во МТВ-Скопје за добивање на Согласност
- **Предлог планот е вратен со неиздавање на согласност од МТВ Скопје, се постапува по забелешките**

**25. ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 - опфат 3**

граници: по граници од ГУП

површина: ............................................................................ П = 0.50 ха

- **Изработен Предлог план**
- извршено ажурирање на катастарските подлоги
- прибирање на потребни информации во тек е разглрдување на планот
- формирана комисија за разгледување на Планската програма
- добиено Мислење од Комисијата,добиен одговор од изработувачот на Планот
- Нацр тпланот е на Јавна анкета од 23,03,2012 до 03,04,2012
- **На согласност во МТВ**

**26. ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 - опфат 5**

граници: по граници од ГУП

површина: ............................................................................ П = 0.60 ха

- **доставени ажурирани подлоги**

**27. ДУП за УЗ 14, дел од УБ 14.2 – опфат 1**

граници: извод по ГУП

површина: ............................................................................ П = 9,90 ха

- се работи план
- треба изработувачот да достави плански програми
- **плански програми на разгледување кај комисија**
- **Предлог план**

**28. ДУП за УЗ 15, УБ 15.1**

граници: 15-ти корпус, Македонска и Мирка Гинова

површина: ............................................................................ П = 15,50 ха

**-ке се работи нацрт план**

**29. Измени и дополнувања на ДУП за УЗ 15 (15-ти Корпус делод УБ 15.1 плански опфат 1**

граници: 15-ти корпус, Македонска по гп предвидени по постоен ДУП

површина: ............................................................................ П = 1,20 ха

- извршено ажурирање
- отпочната постапка за изработка на ДУП
- доставена планска програма
- доставена планска програма, формирана комисија за разгледување на пл.програма и изготвено мислење по пл.програма
- потпишана планска програма,
- пуштен на стручна ревизија

- изготвен предлог план, даден на разгледување од комисија.
- **предлог план вратен за постапување по забелешки**

**30. ДУП за УЗ 15, дел од УБ 15.4 – опфат 1**

граници: дел од градски гробишта

површина: ............................................................................ П = 4,50 ха

- изработен Нацрт план
- доставени ажурирани подлоги, пратени извори иподлоги заизработка на ДУП
- доставена планска програма, формирана комисија за разгледување на пл.програма и изготвено мислење по пл.програма
- пуштен на стручна ревизија
- Изработен нацрт план, утврден на совет.
- Помината јавна анкета и презентација 13-27.0702015 год.
- **неиздавње согласност од АКН треба да се постапи по дописот**

**31. ДУП за УЗ 15 дел од УБ 15.6 – опфат 1 /мало стопанство/**

површина: ............................................................................ П = 6,50 ха

- се работи Нацрт план
- доставени ажурирани подлоги,пратени извори иподлоги заизработка на ДУП
- доставена планска програма, формирана комисија за разгледување на пл.програма и изготвено мислење по пл.програма
- **се изработува но со зголемен опфат**

**32. ДУП за УЗ 16 УБ 16.1 и дел од УБ 17.3**

граници: според изводот од ГУП Охрид

површина: ............................................................................ П = 12,35 ха

- подлогите се ажурирани и пратени кај изработувачот на планот
- доставен графички прилог работна верзија на нацрт планот на разгледување
- **изработувачот треба да достави планска програма**

**33. ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.2 – опфат 2**

граници: според изводот од ГУП Охрид

површина: ............................................................................ П = 12,20 ха

- извршено ажурирање на подлогите
- пратено барање за бесправна градба
- доставен графички прилог работна верзија на нацрт планот на разгледување
- **изработувачот треба да достави планска програма**

**34. ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 4**

граници: според изводот од ГУП Охрид

површина: ............................................................................ П = 5,80 ха

- **изработен Предлог план**
- извршено ажурирање на опфатот,
- доставена планска програма, формирана комисија за разгледување на пл.програма и изготвено мислење по пл.програма
- изготвено мислење по Предлог план
- се чека корегиран Предлог план
- добиено позитивно мислење од ЈП државни патишта.
- се чека корегиран Предлог план.
- претен во АКН Скопје за добивање на согласност

**35. ДУП за УЗ 17 УБ 17.1 - Студенчишко блато**

граници: според изводот од ГУП Охрид

површина: ............................................................................ П = 70.50 ха

- изработена Студија, помината на Совет на општина, и пратена инцијатива во МЖСПП
- доставени ажурирани подлоги
- се чека измена на Гуп.

**36. ДУП за УЗ 18 дел од УБ 18.2 - опфат 1 /спорт и рекреација Чекоштина/**

граници: според изводот од ГУП Охрид

површина: ............................................................................ П = 6.45 ха

- изработен Предлог план
- извршено ажурирање на подлогите
- добиена Стручна ревизија
- добиени заштитно конзерваторски основи
- добиено Мислење од МЖСПП
- Нацрт планот беше на Јавна анкета и јавна презентација
- во тек е разгледување и одговор на анкетните листови
- се спрема Предлог план за на Согласност

**37. УП вон населено место за дел од туристички комплекс Горица дел од УБ 2.1**

граници: просторот над Горица Парк заедно со тениските игралишта

Финансирано од Влада на РМ

површина: ............................................................................ П = 32.90 ха

- се врши повторно ажурирање на подлогите
- отпочната е изработка со нов опфат

**38. УП вон населено место Долно Коњско – опфат 1**

површина: ............................................................................ П = 3,50 ха

- Изработен Предлг план
- извршено ажурирање на подлогите и пратени кај изработувачот на планот
- формирана комисија за давање на Мислење по планот дадено е мислење
- изработувачот на планот треба да достави одговор на Мислењето
- дадено Мислење од Комисијата
- Нацрт планот е на Јавна анкета од 23,03,2012 до 03,04,2012
- се прибираат Мислења по Планот
- се комплетира Предлог планот и се прибираат согласности од инстритуции
- **се работи општ акт за село Д.Коњско**

**40. УП вон населено место Чекоштина**

површина: ............................................................................ П = 72,50 ха

- извршено ажурирање на подлоги
- Пратена документација до изработувачот за отпочнувањена изработка на УПВНМ
- **побарани услови за планирање, и мислење од Министерство земјоделство и шумарство**

**41. УП за село Велестово**

површина: ............................................................................ П = 54,45 ха

- се работи Нацрт план
- извршено ажурирање на подлоги
- Пратена документација до изработувачот за отпочнувањена изработка на УП за село Велестово
- треба да се изврши корекција на границата на плански опфат по мислење од Национален парк Галичица
- дефинирана граница

**42. УП за село Пештани**

површина: ............................................................................ П = 43,00 ха

- **Изработен Предлог план**
- извршено ажурирање на подлогите
- формирана комисија за Мислење по Нацрт планот
- планот е на Јавна анкета и на Јавна презентација од 29.09.2010 до 11.10.2010
- планот беше на Јавна анкета и на Јавна презентација од 10.12.2010 до 24.12.2010
- разгледани анкетните листови и изготвен Извештај
- се спрема Предлог план, се докомплетираат мислења од институции
- **Предлог планот е спремен за на Согласност**

**43. УП за село Долно Коњско**

површина: ............................................................................ П = 37,90 ха

**44. УП за село Трпејца**

површина: ............................................................................ П = 30.20 ха

- ќе се работи Нацрт план
- добиени услови за планирање на просторот
- во тек е ажурирање на катастарски подлоги

/проблем со ажурирање на подлогите, подлогите се на усогласување во ДЗГР/

**45. УПВНМ - стопанска зона Вапила**

површина: ............................................................................ П =6,60 ха

- доставен елаборат со ажурирани подлоги
- пуштено барање забесправни градби
- **добиена Предлог планска програма**

**46. ЛУПД на кп 590 и кп 594 КО Долно Лакочереј**

површина: ............................................................................ П =4,20 ха

- се врши ажурирање на подлоги
- **треба да се се отпочне постапка за урбанизација**

**47. ЛУПД за гр на кп 2002 КОЛескоец –ОУ ВанчоНиколески село Лескоец**

површина: ............................................................................ П =1.40 ха

- извршено ажурирање на подлогите
- формирана комисија
- добиена предлог планска програма треба да се корегира и достави на комисија
- доставена планскапрограма на разгледување на комисија

**48. ЛУПД за гр на кп 2270 КО Велгошти –ОУ ЖивкоЧинго**

површина: ............................................................................ П =1.40 ха

- извршено ажурирање на подлогите
- отпочната постапка за урбанизација
- добиени услови и решение за планирање на простор,и доставени до изработувач
- доставени плански програми на комисија,
- изработено мислење, има забелешки
- треба да се побараат услови за пренамена на земјоделско во градежно земиште

**49. ЛУПД за откупен центар на дел од кп 702/1 КО Долно Лакочереј-вон град**

површина: ............................................................................ П =1.42 ха

-доставени ажурирани подлоги

- **се работи во системот е-урбанизам**

**50. УПВНМ за туристички локалитет Горица-Св.Стефан-Метропол со**

**пристаниште на кп 2743 и други**

површина: ............................................................................ П = 2,53 ха

-изработен предлог план пуштен воМТВ формирање на комисија за ревизија

**- се работи во системот е-урбанизам**

**51. Измена и дополна на ГУП за Охрид УЗ 2 – УБ 2.2 и УБ 2.4, УЗ 5 – УБ 5.2 и УБ 5.4 УЗ 9 – УБ 9.1 и УБ 9.3, УЗ 12 – УБ 12.2, УЗ 13 – УБ 13.2 и УЗ 17 – УБ 17.1**

- доставена предлог планска програма и формирана комисија за разгледување
-изработено мислење од Комисијата и доставено до изработувачот
- побарани конзерваторски основи
- изработена стратешка оценка
- пуштени по институции на мислење- согласност по Предлог план
- во МТВ на согласност

**52 УПВНМ за плански опфат во локалитет Св.Стефан – опфат 1**

граници:

површина: ............................................ П = 5,85 ха

- изработен и доставен геодетски елаборат
- побарани се услови за планирање

## Б. Планови финансирани од физички и правни лица

**53. ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2** - опфат 2

граници: дел од ул.Серафим Китаноски, дел од ул Страшо Пинџур, по парцели и дел од ул Војдан Чернодрински

површина: ............................................................................ П = 0,20 ха

- одобрена иницијатива од Секторот,
- доставена документација за изработка на планот
- доставена планска програма и формирана комисија за Мислењепо планска програма
- доставено мислење по планска програма треба да се одобри од Комисија
- формирана комисија за разгледување на нацрт план. Се чека мислење од комисија по нацрт план.

**54. ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 5**

граници: Даме Груев и новопроектирани улици по ДУП за УМ2 и УМ4

површина: ............................................................................ П = 0,85 ха

- одобрена иницијатива од Секторот,
- доставена документација до барателот за изработка на планот
- доставена планска програма и формира на комисија за мислење по плананска програма,изготвено мислење од комисија
- доставена до изработувач одобрена планска програма
- изработувачот треба да достави Нацртплан

**55. ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 6**

граници: Македонски Просветители, Димитар Влахов и новопроектирани улици по ДУП за УМ2 и УМ4

површина: ............................................................................ П = 0,75 ха

- одобрена иницијатива од Секторот,
- доставена документација до барателот за изработка на планот
- доставена планска програма и формира на комисија за мислење по плананска програма,изготвено мислење од комисија
- се постапува по мислење од комисија по планска програма
- одобрена планска програма

- **доставен Нацрт план, до комисија за мислење по планот се чека мислење од комисија**

**56. ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 1**

граници: ул. 8-ми Март, Партизанска Новопредвидена улица и Кеј Маршал Тито
површина: .......................................................................... П = 6.30 ха

- Изработен Предлог план
- се комплетира за да се пратри планот на Согласност во МТВ Скопје
- поради поголеми промени во планот планот е на повторена јавна анкета и презентација до 30.01.2015
- изработен извештај по анкетни листови се постапува по нив
- достравени мислења од институции, се постапува по забелешки од извештајот
- планот доставен на Согласност во МТВ Скопје и вратен со неиздавање на согласност

**57. ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.5 - опфат 3**

граници: булевар Туристичка и улици поДУП за II УЕ
површина: .......................................................................... П = 1,15 ха

- ќе се работи Нацрт план ,
- даден налог за ажурирање по тендер од 2012, доставени ажурирани подлоги

**58. ДУП во УЗ 3 дел од УБ 3.2 – опфат 2**

граници: дел од ул Васил Стефоски, дел од ул. Бистрица
и дел од станбени улици предвидени по ДУП за 3-та УЕ
површина: .......................................................................... П = 1,00 ха

- одобрена иницијатива од Секторот,
- доставена документација за отпочнување на планот
- доставена планска програмаи формирана комисија за разгледување на планската програма
- одобрена планска програма
- **се работи нацрт план**

**59. ДУП за УЗ 4, дел од УБ 4.5 - опфат 2**

граници: Распаќе , улици по ДУП за 4-та УЕ, Никола Русински, и Туристичка
површина: .......................................................................... П = 5,10 ха

- **Изработен Предлог план**
- извршиено ажурирање на катастарските подлоги
- Формирана е Комисија за Мислење по Планска програма и се врши разгледување на истата
- добиено Мислење од Комисијата, добиен одговор од изработувачот на Планот
- се спрема Нацрт планот за на Совет
- поминатa јавна анкета и презентација
- планот е пратен на Согласност во МТВ Скопје
- **планот е вратен од Согласност со забелешки по кои треба да се постапи**

**60. ДУП за УЗ 5 дел од УБ 5.4 - опфат 4**

граници: Пирин Планина, Железничка и по парцели
површина: .......................................................................... П = 2,50 ха

- се работи Нацрт План
- доставена Планска програма, формирана комисија
- **доставено мислење со забелешки по Планска програма,**

**61. ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.1** - Опфат 1

граници: Туристичка, 7-ми Ноември, Богомилска и Даме Груев
површина: .......................................................................... П = 9,30 ха

- **изработен Предлог план**
- извршено ажурирање на катастарските подлоги
- добиена Стручна ревизија и Стручно мислење
- добиено мислење од МЖСПП
- помината Јавната анкета и Јавната презентација
- се разгледани анкетните листови поради многу неприфатени анкетни листови планот ќе оди на повторена јавна анкета и презентација
- Нацрт планот беше изложен на повторена Јавна анкета и јавна презентација
- изработен извештај по јавната анкета и јавната презентација
- комплетирани се мислењата по планот
- Вратен од на Согласност со забелешки се постапува по нив
- планот беше на повторена јавна анкета и презентација
- се подготвува извештај по јавна анкета и се постпува по анкетните листови
- Планот пуштен на Согласност воМТВ Скопје
- **Планоте на повторена јавна анкета од 23.09. до 06.10 2015**

**62. Измени и дополнувања на дел 2 од ДУП за 6-та УЗ УБ 6.2**

граници: Туристичка, Јане Сандански и проектирана улица по ДУП
површина: ........................................................................... П = 4,70 ха

- поднесена иницијатива за на Совет
- Доставен геодетски елаборат, доставени изводи во фирма за изработка на ДУП
- доставена планска програма и формира на комисија за мислење по плананска програма,изготвено мислење од комисија
- **одобрена планска програма изработувачот треба да достави Нацрт план**

**63. ДУП за УЗ 9 дел од УБ 9.1 - Опфат 2 ДЕЛ 1**

граници: Пирин Планина, Железничка, граници на парцели и проектирани улици според ДУП за 9-та УЕ
површина: ........................................................................... П = 9.10 ха

- **изработен Нацрт план**
- доставен елаборат со ажурирани подлоги
- доставена планска програма формирана комисија
- се чекаат податоци од институции
- формирана комисија за разгледување на Нацрт планот, изработено мислење, изработувачот треба да постапи по забелешките.
- **Се чека инвеститорот да достави Заштитно конзерваторски основи.**

**64. ДУП за УЗ 9 дел од УБ 9.1 – опфат 3**

граници: Пирин Планина, Железничка,граница на парцели и улици предвидени по ДУП
површина: ........................................................................... П = 1.25 ха

- одобрена иницијатива од Секторот,
- - се работи во системот е-урбанизам

**68. ДУП за УЗ 11 дел од УБ 11.2 – опфат 1**

граници: новопроектирани улици по постоен ДУП за 11 УЕ
површина: ........................................................................... П = 0,12 ха

- одобрена иницијатива за изработка на план од Секторот
- доставена документација до барателот за изработка на планот
- доставена планска програма и формира на комисија за мислење по плананска програма,изготвено мислење од комисија
- доставено мислење по Планска програма,се чека одговор од изработувачот
- **Изработувачот постапува по забелешки**

**69. ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.2 - опфат 2**

граници: според графички прилог од ГУП Охрид
површина: ............................................................................ П = 3,00 ха
- одобрена иницијатива од Секторот,
- доставени ажурирани подлоги
- доставена Планска програма и формирана комисија за разгледување на истата
- изработено мислење по пл.програма идоставена до изработувачот
- **доставено мислење по Планска програма, се чека одговор од изработува**
-**Изработувачот постапува по забелешки**

**70. ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.3 - опфат 2**
граници: според графички прилог од ГУП Охрид
површина: ............................................................................ П = 1,00 ха
- поднесена иницијатива за на совет
-прифатена иницијатива на Совет,
- **доставен геодетски елаборат**

**71. ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 - опфат 4**
граници: по граници од ГУП
површина: ............................................................................ П = 0.25 ха
- Изработен и утвредн нацрт план
- одобрена планска програма
- планот е на комисија за Мислење по Нацрт планот
- добиена согласност од АКН на Нацрт планот
- изработен предлог план
- **на согласност во МТВ**

**72. ДУП за УЗ 13 дел од УБ 13.3 - опфат 1**
граници: ул железничка, ул Будва и постојна улица
површина: ............................................................................ П = 3,50 ха
- одобрена иницијатива од Секторот,
- доставена документација за отпочнување на планот
- доставена планска програма и формира на комисија за мислење по плананска програма,изготвено мислење од комисија
- **планска програма**

**73. ДУП за УЗ 15 дел од УБ 15.5 - опфат 1**
граници: ул железничка, ул Будва и постојна улица
површина: ............................................................................ П = 2,20 ха
- прифатена иницијатива од Секторот,
- доставена документација за отпочнување на планот
- доставена планска програма и формира на комисија за мислење по плананска програма, изготвено мислење од комисија
- одобрена Планска програма
- **се работи Нацрт план**

**74. ДУП за УЗ 15 УБ 15.7**
граници: 15-ти корпус по парцели и новопроектирани улици
површина: ............................................................................ П =25.10 ха
- прифатена иницијатива на совет
- инвеститорот треба да достави геодетски елаборат

**75. ДУП за УЗ 15 УБ 15.7 – опфат 1**
граници: по ГУП охрид
површина: ............................................................................ П = 2.75 ха

- прифатена иницијатива на совет
- планска програма.

**76. ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1 иУЗ 17 дел од УБ 17.3 опфат 1**

граници: според изводот од ГУП Охрид

површина: ........................................................................... П = 1,20 ха

- изработен Предлог план
- **се вклопува во изработката на поголем опфат воУБ 16.1**

**77. ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.2 – опфат 3**

граници: според изводот од ГУП Охрид

површина: ........................................................................... П = 0,47 ха

- одобрена иницијатива од секторот,
- доставена планаска програма треба да се формира комисија
- Изработен Предлог план
- планската програма одобрена од комисија
- планот се спрема за утврдување на Совет како нацрт план
- Планот се спрема за на Согласност
- **се вклопува во изработката на поголем опфат воУБ 16.2 опфат2**

**78. ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 2**

граници: според изводот од ГУП Охрид

површина: ........................................................................... П = 1,20 ха

- одобрена иницијатива од секторот,
- доставена планаска програма, формирана комисија и разгледана планска програма
- одобрена Планска програма,
- **Нацрт план за корекции**

**79. УПВНМ Горица Север**

граници: според графички прилог од ГУП Горица-Св.Стефан-Метропол

површина: ........................................................................... П = 15.60 ха

- изработен Нацрт план
- извршено ажурирање на подлогите и одреден изработувач на Планот
- доставена Планска програма, треба да се разгледа на Комисија
- се комплетира за на Совет
- добиени услови за планирање на простор
- **извршено ново ажурирање на подлоги.**
- **планска програма**

**80. УП вон населено место БЛОК 4.3 дел од Туристички комплекс Свети Стефан**

граници: според графички прилог од ГУП Горица-Св.Стефан-Метропол

површина: ........................................................................... П = 9,35 ха

- Изработен Предлог план
- планот беше на Јавна анкета и презентација
- се чека мислење од МЗСПП

**81. УП за село Шипокно – дел од УБ 5,1 (дел од населба Св.Стефан)**

граници: според графички прилог од ГУП Горица-Св.Стефан-Метропол

површина: ........................................................................... П = 3,70 ха

- **се работи нацрт план**

**82. УП вон населено место Долно Коњско делод БЛОК 6,1 и дел од БЛОК 6,2**

граници: според графички прилог од ГУП Горица - Св.Стефан-Метропол

површина: ........................................................................... П = 2,40 ха

- Изработен Предлог план
- Вратен е од Согласност треба да се постапипо забелешките
- побарани услови за планирање
- **треба да оди со општиот акт за село Коњско**

**84. УП вон населено место Долно Коњско дел од БЛОК 6,1 – опфат 2**

граници: според графички прилог од ГУП Горица - Св.Стефан-Метропол

површина: ........................................................................... П = 0,60 ха

- изработен Нацрт план
- формирана комисија за разгледување на Нацрт планот
- **треба да оди со општиот акт за село Коњско**

**85. УП вон населено место Лагадин Пештани дел од УБ 1 - опфат 1**

површина: ........................................................................... П = 0,35 ха

- Изработен Предлог план
- пратен на Согласност во МТВ Скопје
- Вратен е од Согласност треба да се постапи по забелешките
- **треба да оди со општиот акт за село Лагадин**

**86. УП вон населено место Лагадин Пештани дел од УБ 1 - опфат 2**

површина: ........................................................................... П = 0,15 ха

- одобрена иницијатива од Секторот,
- доставени ажурирани подлоги
- **треба да оди со општиот акт за село Лагадин**

**87. УП за село Љубаништа - опфат 1**

површина: ........................................................................... П = 0,40 ха

- изработен Предлог план
- Вратен од МТВ Скопје со неиздавање на согласност
- треба да оди со општиот акт за село Љубаништа

**88. УПВНМ – бензинска пумпа Подмоље**

површина: ........................................................................... П = 2,40 ха

- за планскио опфат наместо УПВНМ треба да се работи државна урбанистичка планска документација

**89. УПВНМ Долно Лакочереј за викенд населба наместо викано Вишо**

површина: ........................................................................... П =21,60 ха

- изработен Предлог тплан
- поминатa јавна анкета и презентација
- се коплетираат мислења попланот
- вратен од МТВ Скопје со неиздавање на согласност се постапува по забелешки
- **побарана пренамена на земјиште во Министерство за шумарство и земјоделие**

**90.УПВНМ за комплекс Андон Дуков**

површина: ................................................................. П = 28,7 ха

- одобрена иницијатива на Совет се ажурираат подлоги
- **побарани услови за планирање**

**91. ДУП за една градежна парцела во опфатот на ГУП Охрид 17**

**92. УПВНМ за една градежна парцела 4**

**93. УП за село за една градежна парцела 1**

**94. Опш акт за село Елшани**
површина: ............................................................................ П =15,18 ха
- се работи општ акт

**95. Опш акт за село Долно Коњско**
површина: ............................................................................ П =37,85 ха
- се работи општ акт

**96. Опш акт за село Љубаништа**
површина: ............................................................................ П =35,15 ха
- се работи општ акт
- пратен на мислења во МЖСПП - Скопје,Национален парк Галичица и ЈП за државни патишта

**97. Опш акт за село Велгошти**
површина: ............................................................................
-пратен на согласност во МТВ

**Сектор за урбанизам и управување**
**со градежно земјиште**
Овластено лице од Секторот за урбанизам
Татјана Стојческа, диа

**Број 08-3698/5-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА – ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.12.2015 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работа на територијалната противпожарна единица – Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/6** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА – ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.12.2015 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на територијалната противпожарна единица – Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 43 став 1 од Законот за пожарникарство на РМ го изготвувам следниот:

**И З В Е Ш Т А Ј**
**за работата на Територијалната противпожарна единица - Охрид (ТППЕ) за 2015 година, за период од 01.01.2015 до 31.12.2015 година.**

Заради гаснење на пожари, спасување на животот на граѓаните и имотот загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди воедно и извршување на задолженија, наредби и услуги, ТППЕ Охрид во 2015 година изврши и превзеде за решавање 400 интервенции и тоа:

**I. ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИ**

ТППЕ Охрид во текот на 2015 година изврши вкупно 287 интервеницији за гаснење на пожари и тоа:
- пожари на објекти - 139 интервенција;
- пожари на отворен простор - 129 интервенции и
- пожари на сообраќајни средства - 19 интервенции.

Пожарите се појавени и интервенциите за гаснење на пожарите се извршени на подрачјето на Општина Охрид 266 пожари (92,68%) и Општина Дебрца 20 (6,97%) и Општина Струга 1 (0,35%).

**1. Пожари и интервенции за гаснење во Општина Охрид**

На подрачјето на Општина Охрид (градот со населените места) појавени се и интервенирано е за гаснење на вкупно 266 пожари прикажани во следната табела.

| Населено место | пожари на објекти | пожари на отворен простор | пожари на сообраќајни средства |
|---|---|---|---|
| Охрид | 120 | 88 | 16 |
| с. Лескоец | 3 | 5 | - |
| с. Косел | 4 | - | - |
| с. Вапила | - | 2 | - |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Авток.Андон Дуков | - | 1 | - |
| с. Д. и Г. Лакочереј | - | 2 | - |
| с. Подмоље | 1 | 2 | - |
| с. Пештани | 1 | - | - |
| нас. Рача | 1 | 1 | - |
| нас. Коњско | - | 1 | - |
| с. Рамне | - | 2 | - |
| с. Свињишта | - | 1 | - |
| с. Љубаништа | 1 | - | - |
| с. Велгошти | 5 | 2 | - |
| с. Куратица | - | 3 | - |
| с. Шиокно | - | 1 | - |
| с. Расино | - | 3 | - |
| **ВКУПНО:** | **136** | **114** | **16** |

## 2. Пожари и интервенции за гаснење во Општина Дебрца

На подрачјето на Општина Дебарца (сите населени места) појавени се и интервенирано е за гаснење на вкупно 20 пожари прикажани во следната табела.

| Населено место | пожари на објекти | пожари на отворен простор | пожари на сообраќајни средства |
|---|---|---|---|
| с. Волино | - | 1 | - |
| с. Горенци | - | 1 | - |
| с. Мешеишта | - | 4 | 3 |
| с. Оровник | 1 | 1 | - |
| с. Арбиново | - | 1 | - |
| с. Лактиње | - | 1 | - |
| с. Велмеј | - | 1 | - |
| с. Црвена Вода | - | 1 | - |
| с. Ново Село | - | 1 | - |
| с. Ботун | - | 2 | - |
| с. Требеништа | 1 | - | - |
| с. Годивје | - | 1 | - |
| ВКУПНО: | 2 | 15 | 3 |

## 3 Пожари и интервенции за гаснење во Општина Струга.

На подрачјето на Општина Струга појавен е и интервенирано е за гаснење на 1 пожари, прикажан во следната табела.

| Населено место | пожари на објекти | пожари на отворен простор | пожари на сообраќајни средства |
|---|---|---|---|
| Струга | 1 | - | - |

На сите интервенции за гаснење на пожарите во 2015 година настаната е материјална штета на 34 пожари од сите видови во вкупна вредност од 4.403.000,оо денари, и тоа:

- Материјалната штета во Општина Охрид на 28 пожари изнесува 3.483.000,оо денари и тоа:
  - а) на објекти 2.376.000,оо денари
  - б) на отворен простор 260.000, оо денари
  - в) на сообраќајни средства 847.000,оо денари
- Материјалната штета во Општина Дебрца на 5 пожари изнесува 920.000,оо денари.
  - а) на објекти 600.000,оо денари
  - б) на отворен простор 100.000, оо денари
  - в) на сообраќајни средства 220.000,оо денари

На вкупниот број на пожари и интервенции на ТППЕ Охрид во 2015 година сопственоста на објектите и просторот е:

- во приватна сопственост - 180 (мат. штета 4.403.000,оо денари )
- во државна сопственост - 104 (без материјална штета)
- во државно - приватна сопств.- 3 (без материјална штета)

Од сите опожарени објекти и простори во 2015 година на кои интервенираше ТППЕ Охрид осигуран по основ штета од настанат пожар е само 1 објект во државна сопственост и 3 во приватна сопственост.

За сите опожарени објекти и простори во 2015 година констатиран е следниот начин на предизвикување:

- намерно палење - 76 пожари
- невнимание - 163 пожари
- природно - 1 пожар
- неутврдено - 47 пожари

За сите опожарени објекти и простори во 2015 година констатирани се следните причини за појава на пожарите:

- употреба на отворен пламен - 98 пожари
- употреба на ложиште-огниште - 106 пожари
- електрични уреди и апарати - 9 пожари
- проводници загреани со оптеретување - 11 пожари
- електрични проводници - 5 пожари
- самозапалување - 2 пожари
- брусење - 1 пожар
- триење - 1 пожар
- експлозии - 1 пожар
- останати причини - 6 пожари
- неутврдено - 47 пожари

Од пожарите на објекти во текот на 2015 година, ТППЕ Охрид интервенираше на следните видови објекти:

- станбена зграда - 118 пожари
- работна зграда - 1 пожар
- станбено - работна зграда - 1 пожар
- шупа - 5 пожари
- угостителски објект - 3 пожари
- хотел-мотел-камп - 5 пожари
- трансформаторски станици - 1 пожар

- останати градежни објекти - 2 пожари
- трговски дуќан - 1 пожар
- останати магацини - 1 пожар
- производствен погон - 2 пожари

**Од вкупниот број пожари на објекти на подрачјето на Општина Охрид (вкупно 136 пожари) само во градот Охрид ТППЕ Охрид имаше 120 интервенции за гаснење пожари на објекти - индивидуални и колективни станбени згради, од кои 108 интервенции на индивидуални и колективни станбени згради во делот на ложиштата и оџаците.**

Од пожарите на отворен простор во текот на 2015 година, ТППЕ Охрид интервенираше на следните површини и количини отворен простор:

- пожари во шуми - 14 пожари - 93,02 хектари
- пожари на земјоделски површини - 23 пожари - 7,045 хектари
- депонии и друго на отворен простор - 77 пожари - 20,19 хектари

вкупно: 120,55 хектари

**Од вкупниот број пожари на отворен простор на подрачјето на Општина Охрид (вкупно 114 пожари) само во градот Охрид и најблиската околина ТППЕ Охрид имаше 88 интервенција за гаснење пожари на отворен простор, од кои 33 интервенциии за гаснење депониран отпад во контејнери во градот Охрид.**

Од пожарите на сообраќајни средства во текот на 2015 година, ТППЕ Охрид интервенираше на следните видови возила:

- патнички моторни возила - 16 интерв. (мат. штета 667.000,оо)
- останати моторни возила - 3 интерв. (мат. штета 400.000,оо)

Пожарите во текот на 2015 година појавени се во следните временски интервали:

- од 06 часот до 14 часот - 101 пожари
- од 14 часот до 20 часот - 110 пожари
- од 20 часот до 06 часот - 76 пожари

ТППЕ Охрид, дежурната интервентна група, од моментот на пријавата на пожарот до местото - локацијата на појавениот пожар има пристигнато за следното времетраење:

- за време до 5 минути - 199 пожари
- за време од 6 до 10 минути - 45 пожари
- за време од 11 до 15 минути - 17 пожари
- за време над 15 минути вон град - 21 пожари
- за време над 15 минути во град - 5 пожари

Ширењето на пожарите во објектот и на други објекти и простори спречено, односно локализирано е за следното време:

- за време до 5 минути - 144 пожари
- за време од 6 до 15 минути - 76 пожари
- за време од 16 до 30 минути - 38 пожари
- за време над 30 минути на градежни објекти- 8 пожари
- за време над 30 минути на отворен простор - 21 пожари

Од моментот на пристигнување на лице место, пожарите се изгаснати, односно ликвидирани за следното времетраење:

- за време до 1 час - 257 пожари
- за време од 1 до 2 часа - 18 пожари

- за време над 2 часа на градежни објекти - 2 пожари
- за време над 2 часа на отворен простор - 10 пожари

Пожарите во текот на 2015 година гаснети се со следниот број противпожарни возила:
- со 1 противпожарно возило - 249 пожари
- со 2 противпожарни возила - 28 пожари
- со 3 противпожарни возила - 7 пожари
- со 4 противпожарни возила - 4 пожари

За гаснење - локализирање и ликвидирање на пожарите во текот на 2015 година интервенирано е со следниот број пожарникари:
- со група до 3 пожарникари - 236 пожари
- со група од 4 до 7 пожарникари - 44 пожари
- со група од 8 до 12 пожарникари - 5 пожари
- со група над 12 пожарникари вон град - 2 пожари

Споредено со 2014 година ТППЕ Охрид во 2015 година имаше 9 пожари и интервенции за гаснење помалку (296 во 2014 г., а 287 во 2015 г.)

Како припомош при гаснењето на пожарите учествувале 43 граѓани и 11 работници на јавните шумски претпријатија.

## II. ТЕХНИЧКИ ИНТЕРВЕНЦИИ

Во текот на 2015 година ТППЕ Охрид во ситуации од потреба на спасување на животот на граѓани и укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации изврши 44 технички интервенции и тоа:
- интервенции во услови на сообраќајни незгоди - 5 интервенции
- интервенции за црпење вода од поплавени објекти - 9 интервенции
- интервенции за спасување од височини - 5 интервенции
- интервенции за отворање на заклучени објекти - 19 интервенции
- други интервенции - 3 интервенции
- обезбедување и санирање состојби после несреќи - 3 интервенции

Техничките интервенции се извршени со 44 ПП возила и 158 пожарникари, од кои:
- успешно завршени за време до 1 час - 24 интервенции,
- за време од 1 до 2 часа - 14 интервенции
- со времетраење над 2 часа - 6 интервенции.

Сите технички интервенции се реализирани за вкупно време од 59 часа поединечно, при што се остварени вкупно 197 работни часа.

## III. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ТППЕ ОХРИД

Во придонес за поголема безбедност на подрачјето во Општина Охрид и Општина Дебарца во одредени случаи на потреба, задолженија, барања и наредби, ТППЕ Охрид во текот на 2015 година изврши 69 други активности и услуги и тоа:
- обезбедување на спортски натпревари - 21 интервенции
- обезбедување објекти и други простори - 9 интервенции
- носење техничка вода и вода за пиење - 2 интервенции
- други акт. и услуги - чистење на простори со млазеви вода - 37 интервенции

Сите претходно наведени активности ТППЕ Охрид ги изврши со 69 ПП возила и 191 пожарникар, за време од 126 час поединечно, при што се остварени вкупно 684 работни часови.

Во текот на 2015 година преку јавните електронски медими од Охрид, во повеќе наврати пред летна и зимска сезона извршено е презентирање на противпожарната заштита и култура во смисла за подобро запознавање на граѓаните на Општина Охрид, Дебрца и пошироко, со причините за појава на пожарите од сите видови посебно на објекти и отворен простор и постапка при појава на пожар за спречување на пожарот во било кое време и место.

Во текот на 2015 година согласно Правилникот за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции, а соодветно со Програмата на градоначалникот на Општина Охрид, ТППЕ Охрид изврши предавање од проблематиката на заштита од пожари, постапки и спасување при истите во неколку основни училишта и во сите средни училишта на подрачјето на Општина Охрид.

Согласно Годишниот план за стручно оспособување и усовршување на работниците во ТППЕ Охрид, а врз основа на распоредот за работа и работни време реализирани се сите планирани теоретско-практични активности.

Согласно Правилникот за правилата за вршење на службата, како и минималните критериуми за сместување, техничката опрема и средства за гаснење на пожарите со кои треба да располагаат противпожарните единици, во ТППЕ Охрид во текот на 2015 година се превземани планирани редовни и непланирани вонредни активности за одржување во исправна состојба на техниката и опремата заради навремено стручно и безбедно интервенирање и извршување на работните обврски во секој момент на потреба.

Земајќи ги предвид реализираните активности од доменот на работата и појавените непланирани активности од доменот на работата на ТППЕ Охрид и вон тоа, стручната оспособеност на работниците во единицата е одржана на високо ниво за пружање на навремена стручна и професионална помош и заштита на граѓаните во подрачјето кое го заштитува и пошироко.

Охрид
04.02.2016 г.

ТППЕ Охрид
Командир
Спасе Прентоски

**Број 08-3698/6-1**
**14.03.2016год.**
**Ох р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. - 31.12.2015 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот 01.01. - 31.12.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/7**
**14.03.2016 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. - 31.12.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01. до 31.12.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/7**
**14.03.2016 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ОД 01.01.2015 ДО 31.12.2015 ГОДИНА**

Во рамки на надлежностите на локалната самоуправа Одделението за даноци ги врши работите што се однесуваат за утврдување на обврската за даноци, изготвува решенија и ја следи наплатата на даноците.

**ДАНОК НА НАСЛЕДСТВО И ПОДАРОК**

За период од 01.01.2015 до 31.12.2015 година поднесени се **1027** даночни пријави за **данок на наследство и подарок** и формирани се исто толку предмети од кои:

- За 1013 изготвени се решенија.
- За 118 изготвени се решенија со даночно задолжување. Даночното задолжување за општина Охрид по основ издадени решенија по предмети од 2015 година изнесува 6.349.442,00 денари.
- За 895 изготвени се решенија со даночно ослободување.
- 11 предмети се во процедура пред проценувачите од областа на недвижен имот.
- 2 предмети се повлечени од процедура.
- 1 предмет е некомплетен.

Од страна на даночните обврзници поднесена е 1 жалба на решение. Постапката по жалбата е во фаза на одлучување пред Управен суд.

Во буџетот на општина Охрид за 2015 година по основ на данокот на наследство и подарок планирани се приходи во износ од 5.900.000,00 денари. Во период од 01.01.2015 година до 31.12.2015 година по овој основ остварени се приходи во износ од 6.053.625,00 денари или

буџетот е реализиран 102,6 %. Од нив 5.284.470,00 денари се по предмети од 2015 година, а 769.155,00 денари се по предмети од минати години.

Вкупното даночно задолжување за 2015 година по овој основ изнесува 6.349.442,00 денари. Наплатата по предмети од данок на наследство и подарок од 2015 година изнесува 5.284.470,00 денари или процентуално наплатата изнесува 83,22 % со состојба на 31.12.2015 год.

**ДАНОК НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

За период од 01.01.2015 до 31.12.2015 година поднесени се **1180** даночни пријави за **данок на промет на недвижности** и формирани се исто толку предмети од кои:

- За 1128 изготвени се решенија.
- За 967 изготвени се решенија со даночно задолжување. Даночното задолжение за општина Охрид по основ издадени решенија по предмети од 2015 година е во износ од 77.141.607,00 денари.
- За 161 изготвени се решенија со даночно ослободување.
- 36 предмети се во процедура пред проценувачите од областа на недвижен имот.
- 12 предмети се повлечени од процедура.
- 2 предмети се пренасочени за данок на наследство и подарок.
- 2 предмети се некомплетни.

Од страна на даночните обврзници поднесени се 6 жалби на решенија од кои 2 се прифатени од првостепениот орган , 4 жалби се процесуирани до Министерството за финансии и постапката е во тек. Во буџетот на општина Охрид за 2015 година по основ на данокот на промет на недвижности планирани се приходи во износ од 80.000.000,00 денари. Во период од 01.01.2015 година до 31.12.2015 година по овој основ остварени се приходи во износ од 80.962.108,00 денари или буџетот е реализиран 101,2 %. Од нив 66.817.641,00 денари се по предмети од 2015 година, а 14.144.467,00 денари се од предмети од минати години.

Вкупното даночно задолжување за 2015 година по овој основ изнесува 77.141.607,00 денари, а наплатено по предмети од данок на промет на недвижности од 2015 година е 66.817.641,00 денари или процентуално наплатата изнесува 86,61 % со состојба на 31.12.2015 год.

**ДАНОК НА ИМОТ**

За период од 01.01.2015 до 31.12.2015 година обработени се **3.719** даночни пријави за **данок на имот** од кои 139 даночни пријави се од страна на даночните обврзници и 3.580 по службена должност, **2469** даночни одјави за данок на имот и **1578** пријави за промена на имот и истите се целосно обработени.

За 2015 година изготвени се **27.324** решенија од данок на имот од редовен облог од кои **26.737** решенија од данок на имот на физички лица и **587** решенија од данок на имот на правни лица и **359** решенија за припис за 2015 година.

Вкупното задолжување по основ донесени решенија за 2015 година изнесува 77.302.107,00 денари. (редовен облог за физички лица 54.952.669,00 денари + редовен облог за правни лица 21.637.940,00 денари + припис 711.498,00 денари).

Во период 01.01.2015 до 31.12.2015 година изготвени се 603 решенија за данок на имот по припис за период 2011-2015 година, по службена должност, со задолжение во износ 2.556.866,00 денари.

Доставени се на даночните обврзници вкупно 23.274 решенија, односно 84,07 %.

Во буџетот на општина Охрид за 2015 година по основ данок на имот планирани се приходи во износ од 67.000.000,00 денари.( 44.000.000,00 денари од физички лица и 23.000.000,00 денари од правни лица ). Во период од 01.01.2015 до 31.12.2015 година остварени се приходи во износ од 66.521.135,00 денари ( 46.208.527,00 денари од физички лица и 20.312.608,00 денари од правни лица) или буџетот е реализиран 99,28 %.

Од страна на даночните обврзници поднесени се вкупно 58 жалби по решенија, од кои 21 се решени од страна на првостепениот орган, 1 е отфрлена како ненавремена, 5 се некомплетни, 5 се процесуирани до Министерството за финансии и се во процедура и 26 жалби се решени од страна на второстепениот орган. Од нив 10 жалби се одбиени а 16 уважени. Исто така поднесени се 274 други барања по различен основ во врска со данокот на имот и истите се обработени.

**ПРИСИЛНА НАПЛАТА**

Во период од 01.01.2015 до 31.12.2015 година изготвени се 5.143 опомени за неплатен долг по основ на данок на имот на физички лица во постапка на присилна наплата , 261 опомена за неплатен долг по основ данок на имот на правни лица како и 82 опомени за неплатен долг по основ данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок. Во истиот период изготвени се и 566 решенија за присилна наплата на данок на имот и 14 решенија за присилна наплата на данок на промет и данок на наследство и подарок. Во истиот период изготвени се и 12 заклучоци за целосно или делумно запирање на постапката за присилна наплата.

**ДАНОЧНО КНИГОВОДСТВО**

Во период од 01.01.2015 до 31.12.2015 искнижани се 245 изводи со 23147 ставки, 239 задолженија по решенија за данок на промет на недвижности изготвени во word, 759 приписи за данок на имот, 396 книговодствени спроведувања на решенија за пренасочување на парични средства и 12 решенија за повраќај на парични средства. Во истиот период проверени се 5766 финансиски картици на даночни обврзници по основ задолжување и уплата на приписи за данок на имот од претходни години, 400 финансиски картици на даночни обврзници по основ задолжување и уплата на данок на промет на недвижност и 1750 картици на даночни обврзници по основ задолжување и уплата на данок на имот.

**ПОДНЕСОЦИ**

За период од 01.01.2015 до 31.12.2015 година поднесени се вкупно **121** барања од кои:

- 27 барања за даночни (не)обврзници на недвижен имот за комплетирање на документи за аплицирање за социјални станови и закупнина.

- 4 барања за даночни (не)обврзници на недвижен имот за пред судски органи и МВР.

- 22 барања за комплетирање документи за виза за странство.

- 18 барања за сместување во студентски дом и стипендија.

- 9 барања од други одделенија и сектори во општина Охрид за разни потреби.

- 27 барања од институции, органи и физички лица за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот.

- 7 барања од УЈП за доставување податоци за даночни обврзници.

- 2 барања од УЈП за доставување купопродажни договори и податоци за данокот на промет.

- 5 барања од други општини за проценка на пазарна вредност на недвижен имот на територија на општина Охрид.

Сите поднесоци се обработени и на истите е одговорено.

Во истиот период донесени се и **499** решенија за пренасочување на погрешно уплатени сретства како и **22** решенија за повраќај на паричен износ.

Во период 01.01.2015 до 31.12.2015 година извршено е вреднување на 195 станови од 7 нови згради на подрачјето на општина Охрид, 6 деловни простори и 125 гаражи. Во период 06.10.2014 до 31.12.2015 година извршено е ревреднување на 2065 индивидуални станбени згради (куќи), 227 деловни простори и 892 помошни објекти и гаражи во склоп на куќите на подрачјето на општина Охрид.

**ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО 2015 ВО ОДНОС НА 2014 ГОДИНА**

Во период 01.01.2015 до 31.12.2015 година од данокот на наследство и подарок, данокот на промет на недвижности и данокот на имот остварени се вкупно **153.536.868,00** денари.Во буџетот по овие основи предвидени се приходи во износ од **152.900.000,00** денари**,** односно буџетот е остварен **100,41 %.**

Во 2015 година остварените приходи по основ на даноци изнесуваат 153.536.868,00 денари и се за **14.455.349,00** денари **повеќе** од 2014 година кога изнесувале 139.081.519,00.

- Кај данокот на наследство и подарок има зголемување за 814.868,00 денари.
- Кај данокот на промет на недвижности има зголемување за 13.286.169,00 денари. Причините за повеќе остварените приходи по овај основ се во зголемениот број купопродажби во 2015 година ( 51 даночна пријава за данок на промет на недвижности повеќе од 2014 година) и купопродажби на недвижен имот со поголема вредност , со што е и поголем износот на данокот на промет.
- Кај данокот на имот на физички лица има зголемување за 6.868.817,00 денари.Причините за зголемениот прилив по овој основ е во зголемување на облогот ( утврдената даночна обврска) за 6.541.702,00 денари како резултат на ревреднувањето на индивидуални станбени згради (куќи) и континуираната и засилена присилна наплата.
- Кај данокот на имот на правни лица има намалување за 6.514.505,00 денари. Причините за намалувањето на приходите по овај основ се должат на тоа што со засилена присилна наплата кај правните лица во 2014 година се наплатија заостанатите долгови од минати години, така да наплатата на приходите од данок на имот на правни лица за 2015 година се движи во рамките на облогот за 2015 година.

**Број 08-3698/7-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.12.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01. - 31.12.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. - 31.12.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01. до 31.12.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2015 ДО 31.12.2015 ГОДИНА**

Во рамки на надлежностите на Локалната Самоуправа, Одделението за комунални такси ги врши работите што се однесуваат за утврдување на обврската за комунална такса за фирма(назив),изготвува решенија и ја следи наплатата на комуналната такса за фирма(назив),како и изготвување на задолженија за поставување на урбана опрема и врши

наплата на истите, изготвување на задолженија за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места и наплата на истите, како и други надлежности утврдени со закон.

**1. КОМУНАЛНА ТАКСА за фирма(назив)**

За 2015 година изготвени се **4567** решение за комунална такса за фирма(назив),од кои **3925** решенија за комунална такса за фирма на правни лица и **412** решенија за комунална такса за фирма на вршители на дејност.Доставени се **2487** решенија,односно околу 60 % .При доставувањето,не се пронајдени **2.080** или одбиле да ги примат решенијата.Одделението за комунални такси се соочува со бројни проблеми на терен во врска со доставата,поради големиот број регистрирани фирми кои не работат (повеќе од 4-5 години и подолго),а не отпочнале постапка за нивно бришење од регистарот на фирми,односно поради големите трошоци за ликвидација (стечај) на фирмите,сопствениците не се решаваат да ги отпочнат гореспоменатите постапки,односно ги оставаат фирмите во состојба на т.н.наречена мирување,промени на адреси на правните субјекти и сл.

Во периодот од 01.01.2015 до 31.12.2015 година по основ комунална такса за фирма остварени се приходи во износ од **7.919.171,00** денари.

Во буџетот на Општина Охрид за 2014 година,по основ на комунална такса за фирма предвидени се приходи во износ од **7.000.000,00** денари.Во период од 01.01.2015 година до 31.12.2015 година остварени се приходи во износ од **7.919.171,00** денари,или планирањето во буџетот е натфрлен со **20 %** .

(ВО 2014 ГОД. остварен е приход од 7.471.679,00 ДЕН.)

Од страна на даночните обврзници за 2015 година поднесени се 2 жалби и истите се навремено решени.

На крајот на 2015 год.започна постапката за присилна наплата по основ на комунална такса за фирма.Постапката за присилна наплата ќе продолжи и во 2016 год.

- Одделението за комунални такси се соочува со бројни проблеми при наплатата на доспеаните долгови со присилна наплата,поради неможноста на банките да ги извршат решенијата за присилна наплата од бројни причини,како на пр.стари сметки,затворени сметки,затворени фирми кои не се одјавени во централен регистар,фирми кои постојат како активни,а немаат отворено сметка во банка и сл.

**2.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност.**

Во периодот од 01.01.2015 год до 31.12.2015 год.по основ на комунална такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност,врз основа на доставените договори за закуп од Секторот за урбанизам,издадени се **64** ЗАДОЛЖЕНИЈА и остварен е приход во вкупен износ од **3.727.216,00** денари.

(ВО 2014ГОД остварен е приход од. 3.257.333,00 ДЕН.)

**3.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на плоштадите и друг простор во градот.(ТЕНДЕРИ)**

Врз основа на тендерската документација од одделението за јавни набавки и по склучувањето на договорите за закуп,во времетраење од 90 дена,за доделените локации во Секторот за урбанизам,по нивното доставување во одделението за комунални такси извршена е уплата од **51** обврзници и остварен е приход во износ од **177.240,00 ден.(НАПЛАТАТА ЦЕЛОСНО Е ИЗВРШЕНА).**

**4. КОМУНАЛНА ТАКСА за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места.**

Во рамки на надлежностите на одделението за комунални такси,изготвени и доставени се 2 решенија за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места,и тоа;

**1.АКЦЕНТ МЕДИА**(за период од 12.04.2015 год. до 12.04.2016 год.) за **5 *светлечки рекламни панели-сити лајти*** и **45 *рекламни панели-билборди*** за период од една година во вкупен износ од **50,000.00** денари.Истиот износ е наплатен во целост.

**2.ПАП КОМПАНИ**(за период од 10.10.2014 до 10.10.2015 год.) за 170 ***рекламни паноа,*** за период од една година во вкупен износ од 170.000. оо ден.Истиот износ е наплатен во целост.

Во периодот од 01.01.2014 до 31.12.2014 год,по основ на комунална такса за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места остварени е вкупен приход во износ од, **220.000,оо ден.**

**5.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на плоштадите и друг простор во градот.(ПРЕЗЕНТАЦИИ)**

5.Во периодот од 01.01.2014 до 31.12.2014 година, доставени се барања за **3 *презентации*** ,од кои е остварен приход во износ од **3.974.,00** денари.

**6. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на улици со патнички возила.**

Во периодот од 01.01.2015 до 31.12.2015 година,остварени се приходи во износ од **4.478.151.00 денари,**а во буџетот по овој основ предвидени се приходи во износ од **4.500.000,00** ден.
(во 2014 остварен е приход ви износ од 4.220.929.00 ден.)

**7.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на музика во јавните локали.**

Во периодот од 01.01.2015 до 31.12.2015година изготвени се 112 решенија.Доставени се 112 од кои 20 и остварен е приход од 303.600,00 ден, а во буџетот по овој основ предвидени се приходи во износ од 347.250. 00 ден.
(во 2013 год. остварен е приход од 320.300.00 ден.)

**8. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење и одржување на јавно осветлување.**

Во периодот од 01.01.2015 до 31.12.2015 година,остварени се приходи во износ од **63.438.711.00 ден,** а во буџетот по овој основ предвидени се приходи во износ од**, 60.000 000.00 ден.**.
(во 2014год. остварен е приход од 61.205.726.00, ден.)

**9. Комунална такса за користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба**

Во периодот од 01.01.2015 до 31.12.2015 год.остварени се приходи во износ од 771.490,00 ден., а во буџетот по овој основ предвидени се приходи во износ од 550. 000.00, ден.

Раководител
Миливој Котески

**Број 08-3698/8-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ДЕТСКА, СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. - 31.12.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работата на Секторот за образование, детска, социјална и здравствена заштита за периодот 01.01.-31.12.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/9** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ДЕТСКА, СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. – 31.12.2015 ГОДИНА**

**Член 1**
**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на Секторот за образование, детска, социјална и здравствена заштита за периодот 01.01. – 31.12.2015 година.

**Член 2**
Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА**
**СЕКТОРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ДЕТСКА, СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕН ЗАШТИТА**
**за периодот 01.01.-31.12. 2015 година**

**Вовед:**

Во делокругот на своите работни задачи, Секторот за образование детска, социјалната и здравствената заштита, ги опфаќа: основното и средното образованието, детската, социјалната и здравствената заштита.

Директни надлежности Општина Охрид има само во делот на образованието и детската заштита.

Надлежностите во овие општествени дејности се во смисла на основање, финансирање и администрирање на основните, средните училишта и детската градинка, во соработка со централната власт. Согласно Законите за основно,средно образование и детска заштита како и согласно актуелните правилници и нормативи донесени од страна на ресорните министерства,Општината секоја година финансира голем број активности . Тие активности се составен дел на Годишните програми за образование и детска заштита .Следствено на тоа и овогодинешниот извештај за работата на Секторот за образование,детска здравствена и социјална заштита,ги опфаќа **реализираните активности** опфатени со Програмите за 2015 година .

***Образование и детска заштита***

**Во дејностите опфатени во овој Сектор , во временскиот рок предвиден со Законот за основно образование и Законот за средно образование, се подготвени и доставени до МОН следните барања:**

- На почетокот од 2015 година , доставен е до МОН **Предлог-план за упис на ученици во прва година** во средните училишта ,како основ за подготвување на Конкурсите за упис на ученици во учебната 2015/2016 година .

За прв пат во нашата општина, како дел од Спортската академија, во рамките на ОУТУ„Ванчо Питошески“Охрид,во учебната 2015/2016 година ,покрај паралелките за фудбал и ракомет ,отпочна со работа и **спортска паралелка за кошарка**.

- Согласно законските одредби ,после јунскиот уписен рок на ученици во основните и средните училишта, до МОН се достави барање за добивање позитивно мислење за **формирање паралелки со помал број ученици** од законски дозволениот минимум.

Во врска со оваа одредба ,треба да се напомене дека , општина Охрид години наназад се соочува со сериозен проблем на намалување на бројот на ученици на годишно ниво.Бидејќи за формирање паралелки е утврден законски минимум на ученици во паралелка(24 за основно и 25 за средно),намалениот број на ученици би значело и намалување на бројот на паралелки .Помалиот број паралелки би довел до намалување на фондот на часови со што на одреден број наставници би им се намалил фондот на часови или би ги прогласиле за технолошки вишок.

Како не би се случило тоа, Советот на општина Охрид пред почетокот на учебната 2015/2016 година даде согласност да се формираат вкупно 277 паралелки со помал број на ученици од законски дозволениот минимум, од кои , 216 паралелки во основните училишта и 61 паралелка во средните училишта.

- Во рамките на законските одредби, пред почетокот на учебната 2015/2016 година, до МОН се поднесоа барања за добивање **согласности за вработување** на лица на определено време по основ старо финансирање (за ослободени работни места по основ пензионирање и боледување) и ново финансирање (барање нови вработувања на работни места кои се по утврден норматив ).

За пополнување работни места во основните училишта, по основ на **старо финансирање**, беа добиени вкупно 125 согласности а за средните училишта 68 согласности .

По основ на **ново финансирање** беа добиени 5 согласности за работни места наставници по физичко воспитание,за спортските паралелки во рамките на ОУТУ„Ванчо Питошески“ Охрид.

По основ на **Законот за трансформација во редовен работен однос** , донесен во текот на 2015 година, вкупно 46 лица ангажирани во училиштата и детската градинка на определено време неколку години наназад , добија статус на вработени лица на неопределено време и тоа:

- 9 лица во основно образование (5 наставнички од продолжен престој, 3 сметководителки и еден домаќин) ,
- 2 лица во средно образование (секретар и сметководител) и
-35 лица во детската градинка(6воспитувачи,15негователи,5садомијачи, 4хигиеничари, 1 сметководител,1чувар и 1 шивач),.

Во дејностите опфатени во овој Сектор , во временскиот рок предвиден со Законот за основно образование, Законот за средно образование и Законот за заштита на децата, се подготвени и доставени **до Советот на општината** на разгледување и усвојување:

- Годишните програми за работа на училиштата и градинката;
- Годишни програми за екскурзии во основните училишта;
- Согласности за формирање паралелки во основните и средните училишта со помал број ученици од со закон утврдениот минимум;
- Согласности за формирање групи во детската градинка, со поголем број деца од законски утврдениот број;
- Годишните извештаи за работата на училиштата и детската градинка;
- Годишните извештаи за материјално-финансиското работење на училиштата и градинката и
- Завршните сметки.

Од Одделението за образование до Советот на општина Охрид во текот на 2015 год. се доставени барања за носење Одлука за исплата на долгот на ОУ„Григор Прличев“ Охрид кон ЕВН, за потрошена електрична енергија, преку општинската сметка бидејќи училиштето работи со блокирана сметка .

На барање од Одделението за образование ,Советот на општина Охрид донесе Одлука за бесплатно сместување во ученичкиот дом при ОУТУ„Ванчо Питошески“ , на учесници во активности и манифестации од областа на образованието,културата и спортот кои се од значење за општина Охрид.

Во Одделението за образование, тековно,според доставени барања од училиштата и детската градинка се изготвуваат и доставуваат согласности за отпочнување постапки за јавни набавки,согласности за исплаќање средства од општинската сметка ,согласности за издавање под закуп на објекти кои се во нивна сопственост (ученичкиот дом, ресторанот ,кујни,термини во спортски сали,киосци и сл), воедно, се следи законитоста во овој дел од работењето на училиштата и градинката.

Во текот на учебната година ,според тековните потреби, се издаваат и согласности за ангажирање лица до три месеци на ослободено работно место по различен основ: пензионирање, боледување,неплатено отсуство и сл.

Во Одделението за образование се врши контрола на месечните пресметки на платите за вработените во училиштата и детската градинка ,исплата на надоместоците по основ пензионирање и солидарна помош, а во соработка со Одделението за јавни набавки и Одделението за буџет , учествува во спроведувањето на постапките за организирање превоз на учениците, набавка на нафта, дрва за греење и други набавки на стоки и услуги, според годишниот план за Јавни набавки.

До Одделението за буџет, навремено ,согласно законските рокови ,се доставуваат обработени и исконтролирани од страна на Одделението за образование , кварталните финансиски извештаи од училиштата и детската градинка.

Согласно Законот за основно образование во основните училишта се организира **продолжен престој** на учениците кои посетуваат одделенска настава. По тој основ ангажирани се вкупно 16 наставнички по одделенска настава и тоа:четири во ОУ„Братство единство“(две на македонски наставен јазик,и по една на турски и албански наставен јазик), две во ОУ„Христо

Узунов“, две во ОУ„Св.Климент Охридски“, две во ОУ „Живко Чинго“Велгошти, две во ОУ„Св.Наум Охридски“Пештани, две во ОУ„Кочо Рацин“ и две наставнички во ОУ„Ванчо Николески“Лескоец .Во ОУ„Св.Наум Охридски“ Пештани ангажирано е лице за дополнително одржување на хигиената во спортската сала.

Во 2015 година, по распишан Конкурс за вкупно 70 стипендии за учебната 2014/2015 година беа исплатени 45 стипендии од кои: 18 за ученици од основните училишта,21 за ученици од средните училишта и 6 за редовни студенти од државните универзитети.Висината на ученичките стипендии е 1.500,00 ден месечно, во текот на 9 месеци а износот на студентските стипендии е 2000,00 ден месечно , во текот на 10 месеци.

Во текот на месец септември 2015 г. се расписа Конкурс за доделување вкупно 80 ученички стипендии за учебната 2015/2016г и тоа:

- 20 (дваесет) стипендии за талентирани ученици од VII,VIII и IX одделение од основните училишта;
- 20 (дваесет) стипендии за ученици кои живеат во потешки социјални услови од VII,VIII и IX одделение од општинските основни училишта;
- 20 (дваесет) стипендии за талентирани ученици од II,III и IV година во општинските средни училишта и
- 20 (дваесет) стипендии за ученици кои живеат во потешки социјални услови, од II,III и IV година во општинските средни училишта..

Исто така, се расписа и Конкурс за доделување 30 (триесет) стипендии за редовни студенти на додипломски студии од II,III,IV,VиVI година, од општина Охрид, кои студираат на државните универзитети во РМакедонија, за академската 2015/2016 година.

Во текот на 2015 год., продолжуваат постапките за легализации на училишни објекти со што училиштата ке се здобијат со имотни листови, кои се услов за добивање одобренија за градба, како основ за отпочнување и реализација на низа реконструкции и капитални инвестиции кои се дел од Развојните програми за образование и детска заштита

Од страна на овластена геодетска фирма во текот на 2015 година изработени се 15 елаборати за легализација за објекти на основните училишта, за што се потрошени 188.898,00 ден. Започната и завршена е постапка за легализација на ОУ „Кочо Рацин“, а отпочнати и во завршна фаза се постапките за легализација на ПУ Долно Лакочереј и ОУ „Братство Единство“. Постапките за легализација се во тек и за останатите основни и средни училишта.

**Во соработка со Секторот за образование,детска,здравствена и социјална заштита во текот на 2015 година во училиштата и детската градинка се реализирани следните проекти и активности:**

**- „Безбедни училишта“ –** Овој проект се реализираше во соработка со отсекот за превенција при СВР Охрид, средните училишта и едно основно училиште.Преку проектот се реализираа едукативни работилници, спортски настани со цел превенција и заштита од насилство помеѓу учениците.

**-Проект „Донирај“ -** Целта на овој проект е да им се помогне на социјално загрозени семејства во Општина Охрид. Во рамки на акцијата учениците од основните и средните училишта и децата со родителите од градинките, донираат средства во облека и прехрамбени продукти, што во соработка со Црвениот Крст се доделуваат на оние што им се потребни.

- **Проект за меѓуетничка интеграција во образованието:** Целта на овој проект кој се реализира во соработка со УСАИД во рамки на Компонентата 2 за градење на капацитети, е да овозможи континуиран развој на активностите за меѓуетничко интегрирање во средината, каде што клучните учесници во образованието активно учествуваат и се организираат различни работилници за професионален развој, активности за учење организирани на ниво на училиште и последователна менторска програма. Со проектот се опфатени наставниците, раководствата на училиштата, членовите на училишниот одбор, родителите и одговорните за образование на општините со цел да стекнат вештини потребни за успешно интегрирање во нивните училишта.

- **„Матурска парада 2015“**-проект кој традиционално го спроведуваат матурантите од сите средни училишта, а е финансиран од општински средства.
За оваа активност потрошени беа 110.330,00 ден

- **„Вештини за адолесценција“ –** во соработка со Министерство за образование и наука се реализираше програма наменета за адолесценти а воедно и за наставници, професори, училишни стручни тимови и родители со цел, од една страна да се подигне нивото на знаења за превенцијата од насилство, меѓуврснички конфликти, злоупотреба на алкохол, дроги и психотропни супстанци и слично, а од друга страна, да ја развие социјално-емоционалната интелигенција.

- **„ЕРАЗМУС+“ Национална Агенција за Европски образовни програми и мобилност** – во текот на 2015 година одржани се две работилници на кои претставници од основните, средните училишта, високообразовните институции и здруженија на граѓани беа запознаени со можностите кои ги нуди програмата „Еразмус+“ и правилата и начинот за аплицирање,
ОЕМУЦ„Св.Наум Охридски“ Охрид, преку проектот за доживотно учење Мобилност - Еразмус+, обезбеди средства во висина од 4.705.000,00 ден. .

- **Проект „Превенција од пороци“** под мотото **„Живеј здраво,живеј безбедно“** по повод 7 април Меѓународен ден на здравјето, во соработка со СВР Охрид – Отсек превенција, се организираше настан од едукативен карактер со ученици од седмо и сомо одделение, кои преку театарски и музички творби испратија пораки за здрав и безбеден живот до своите врсници.

- **„Реонскиот полицаец Ве советува“** – се реализираше во соработка со СВР Охрид – Отсек за превенција, со цел обезбедување на безбедна средина за живот на децата, како и подигнување на свеста кај децата за личната одговорност и самозаштита. Проектот се реализираше во основните училишта.

- **„Превенција од злоупотреба на пиротехнички средства“**– се реализираше во соработка со СВР Охрид-Отсек за превенција, со ученици од основните училишта под мотото „Биди звезда не фрлај петарди“.

- **„Ден на дрвото – Засади ја својата иднина“** - се реализираше со основните и средните училишта, со единствена цел подигнување на јавната свест и заштита на животната средина.

- **„Одбиј работа на црно“** – се реализираше во соработка со МТСП. Преку предавања учениците од завршните години на средното образование се запознаваа со основните права од работен однос и намалување на бројот на млади лица ангажирани во сивата економија.

- **„Училишни игри без граници“** – се реализираше во соработка со извидничкиот одред „Пионер“ – Целта на проектот беше, преку едукација и игра, учениците од основните училишта да се стекнат со одредени вештини, јакнење на организациски способности, спортување, дружење и сл.

- **„Цифони Филмскиот Фестивал“** – Се реализираше во соработка со Филмскиот институт од Охрид и средните училишта. Филмската програма се реализираше преку работилници, со кои едукативно се влијаеше на учениците од средните училишта за значењето на филмската уметност и запознавање со филмските жанрови.

- **Проект „Електричниот отпад создава можности – WEEE Creates possibilities“ –** се реализираше во соработка со Центарот за климатски промени - Целта на проектот е подигнување на свеста на населението со фокус на децата од основните училишта во Охрид за негативните влијанија на електричниот и електронски отпад (ЕЕО) врз животната средина и здравјето на луѓето, како и да ја истакне потребата од селектирање на овој отпад.

- **Проект „3Д Еко бус“-** организатор на настанот беше непрофитната компанија „Пакомак“, поддржан од Општина Охрид и основните училишта. Целта на проектот е подигање на јавната свест за значењето на амбалажниот отпад.

- **Европска недела на мобилност и Ден без автомобили 22.09.2015 год. –** на настанот зедоа учество ученици од основните и средните училишта од Општина Охрид, претставници од локалната самоуправа и велосипедсисти од Охрид. Целта на настанот е подигнување на свеста кај младите и воопшто кај граѓаните повеќе да го користат велосипедот како превозно средство, ставајќи посебен акцент учесниците да внимаваат повеќе во сообраќајот како би се намалил бројот на сообраќајни несреќи.

- **„Мојот пријател полицаец“ –** Поради неинформираност на децата од предучилишна возраст за значењето на општата безбедност и значењето на полицијата, Секторот за образование при општина Охрид, градинката „Јасна Ристеска“ и МВР-Охрид превзедоа мерки и активости со планиран проект на тема: „За мојата безбедност се грижиме јас и мојот пријател полицаец“, што беше имплементиран во програмските активности на градинката. Реализацијата на проектот опфати:
- посети на униформирани полицајци во градинка, на децата од 5-6 годишна возраст и заеднички разговори; изработка на сообраќајни знаци, крстосници и возила од отпадни и природни материјали и цртежи и реализирање на изложба од истите; посета на полициска станица, езерска полиција, полициско возило и запознавање со работата на полициските служби и нивната опрема, кој ќе се реализира со вклучување на родителите; подготовка и реализирање на приредба посветена на полицијата за нивниот празник 7-ми Мај.

- **„Детски БОНТОН“ –** Целта на овој проект е едукација на деца од предучилишна возраст за значењето на убавото и пристојно однесување што ќе им овозможи полесно прифаќање во општеството и подобар живот. Тоа би допринело и за поквалитетно живеење, поголема толеранција, спречување на конфликти и меѓусебно почитување. Особено родителите и воспитувачкиот кадар во градинките треба да бидат пример од кој децата ќе учат како децата да се однесуваат. Реализацијата на проектот опфати: изработка на Прирачник „Бонтон за деца“, прикажување на видео материјал преку кој децата се едуцираа како треба да се однесуваат,

влијание врз воспитниот кадар и родителите преку едукација правилно да ги воспитуваат своите деца, подготовка и реализирање на приредба посветена на убавото и пристојно однесување, едукативни средби со припадниците на секторот за превенција што ги едуцираа децата за начинот на однесување на улица и во сообраќајот, медиумска кампања.

Во соработка со општинскиот Совет за безбедност се реализираа следните активности:
**- Едукативен час со децата од ЈОУДГ „Јасна Ристеска“** – едукативниот час се одржа со претставниците од Секторот за внатрешни работи, кои практично им презентираа на најмладите како треба да се движат на раскрсница и дека треба да ги почитуваат сообраќајните правила.

**- Велосипедско дефиле** – На овој настан беа присутни ученици и деца од ЈОДУГ „Јасна Ристеска“. Целта на настанот освен промоција на велосипедизмот е и најмладите подобро да се запознаат со велосипедот како превозно средство со кое позитивно се влија и врз животната средина.

**- Недела на сеќавање на жртвите во сообраќајот** – оваа кампања се реализираше во основните и средните училишта со цел младите да се запознаат со штетните последици од брзото возење.

**- Панорамски разглед на градот со двокатен автобус** – настанот беше организиран исклучиво за децата од детската градина ЈОУДГ „Јасна Ристеска“, заради подигнување на свеста кај најмладите за безбедносната култура. Активноста имаше едукативен карактер со цел најмладите да се запознаат со сообраќајната инфраструктура на градот, за важноста на автобусот како најискористено превозно средство и потребата од почитување на сообраќајните правила и прописи.

**Финансирањето на активностите,проектите и инвестиционите приоритети од областа на образованието и детската заштита се врши од повеќе извори и тоа: од буџетот на општина Охрид ,од сопствени приходи ,од донации и од буџетот на РМ.**

## 1.ПОТРОШЕНИ ОПШТИНСКИ СРЕДСТВА ВО 2015 год., ИСКАЖАНИ ЗБИРНО, ПО ПРОГРАМИ , СПОРЕД НАМЕНАТА :

***Програм Н1-основно образование / 34.551.907,00 ден***

- 19.235.903,00 денари се исплатени за нафта, електрична енергија, и дрва за греење;
- 6.829.419,00 ден. се исплатени за превоз на ученици ;
- 285.706,00 ден. се исплатени за систематски и санитарни прегледи на вработените;
- 109.100,00 ден. се исплатени за осигурување на објектите ;
- 2.407.001,00ден. се исплатени за обврски по основ договор на дело за ангажирани лица во училиштата:чувари,хигиеничари, одделенски наставници ангажирани по проектот продолжен престој и наставници по физичко воспитување како долг од претходните години);

- 1.802.293,00ден ден. се исплатени за привремени вработувања преку Агенција за посредување при вработување, одделенски наставници ангажирани во продолжен престој ;

- 519.000,00ден.се исплатени за трансфери при пензионирање и солидарна помош;

- 497.034,00 ден.се исплатени за поправки и тековно одржување на објектите,опрема и мебел;

- 2.771.218,00ден. се исплатени за градежни зафати (дел тековни,дел од изминатите години);

- 95.233,00ден. се исплатени по основ други образовни услуги(објавување огласи,семинари ,обуки ,развој на наставни планови и програми и сл.).

***Програм Н2-средно образование 10.216.003,00 ден***

- 2.249.132,00 денари се исплатени за превоз на ученици ;

- 500.000,00 денари се исплатени се за течни горива ;

- 197.160,00 денари се исплатени за санитарни и систематски прегледи на вработените ;

- 52.000,00 денари се исплатени за дезинфекција,дезинсекција и дератизација;

- 110.330,00 денари се исплатени за матурската парада

- 106.063,00 денари се исплатени за договорни услуги за ангажирани лица во училиштата: хигиеничари, наставници по физичко воспитување како долг од претходните години)

- 428.818,00 денари се исплатени за привремени вработувања преку Агенција за посредување при вработување на тренери за фудбал и ракомет и физиотерапеут за спортските паралелки

- 257.000,00ден. се исплатени за трансфери при пензионирање и солидарна помош

- 363.191,00 ден. се исплатени за поправки и тековно одржување на згради и опрема

- 5.736.899,00ден. се исплатени за градежни зафати (тековни и од изминатите години)

- 212.460,00 ден се исплатени по основ печатење,копирање,издавање

***Програм В1- детска заштита / 5.817.141,00 ден.***

- 4.586.238,00ден. се потрошени за плати на ангажираните лица во градинката преку агенција за посредување при вработување .Во текот на 2015 год. отпочна процесот на трансформација на нивниот работен однос од определено на неопределено работно време.Во декември 11 лица добија решение за работен однос на неопределено време а

11 лица добија решенија за трансформација на работниот однос во третата фаза ,односно од 01.09.2016 год.

- 976.103,00 ден. се исплатени за градежни зафати (дел се за долг од претходни години)

- 141.000,00ден. исплатени се по основ изнајмување друг тип на простор односно исплатени се закупнини на ОУ„Живко Чинго“Велгошти , ОУ„Ванчо Николески“ Лескоец и на ОУ„Кочо Рацин“ за просториите кои ги користи детската градинка за престој на деца од предучилишна возраст ;

- 100.000,00 ден се исплатени за одржување на објектите;

- 13.800,00 ден се исплатени за договорни обврски од претходни години.

**2. ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ОД БЛОК ДОТАЦИИ ВО 2015 г., ИСКАЖАНИ ЗБИРНО, ПО ПРОГРАМИ , СПОРЕД НАМЕНАТА :**

***Н1/ основно образование***: 205.545.601,00 ден

- 195.887.114,00 ден. за плати и придонеси на вработените исплатени се за основни плати и придонеси за вработените ;

- 6.810.724,00 денари се исплатени за комунални услуги (греење,електрична енергија, вода, ѓубретарина, телефонски услуги);

- 1.636.238,00 денари се исплатени за превоз на ученици (законска обврска за секој ученик што живее над 2км. од училиштето) ;

- 729.455,00 денари се исплатени за поправки, ситен инвентар, канцелариски материјали ,средства за хигиена и нагледни средства;

- 263.508,00 ден се исплатени за договорни услуги за ангажирани сметководители со договор на дело .Со стапувањето во сила на новиот Закон за трансформација во редовен работен однос сметководителите добија статус на вработени во училиштата на неопределено работно време;

- 99.662,00 денари се исплатени за други тековни расходи (објавување огласи );

- 79.603,00 ден се исплатени на име разни услуги(правни услуги,услуги за вонучилишни образовни активности,услуги за копирање,печатење и издавање,услуги за развој на наставен план и програма и сл.) и

- 39.297,00 ден.се исплатени за осигурување на недвижности .

***Н2/ средно образование:*** *123.463.841,00 ден.*

- 86.986.525,00 денари се исплатени за основни плати и придонеси за вработените ;

- 27.355.145.,00 денари се исплатени за превоз на ученици;

- 7.591.167,00 денари се исплатени за комунални услуги (греење, електрична енергија, вода, ѓубретарина, телефонски услуги);
- 451.838,00 денари се исплатени за поправки, ситен инвентар, канцелариски материјали,средства за хигиена и нагледни средства;
- 157.976,00 денари се исплатени за отпремнини по основ пензионирање и солидарна помош ;
- 49.343,00 ден .се исплатени за одржување на софтвер и хардвер и др.опрема;
- -54.987,00 ден се исплатени по основ осигурување на недвижности и права;
- 339.195,00 ден се исплатени за др.договорни услуги односно за пракса во медицинските паралелки и сметководител;
- 39.072,00 ден се исплатени за услуги за копирање и печатење.

***В1/ Детска заштита:*** *28.006.185,00 ден.*

- 23.810.502,00 денари се исплатени за основни плати и придонеси за вработените ;
- 200.800,00 денари се исплатени за отпремнини по основ пензионирање и солидарна помош;
- 3.064.400,00 денари се исплатени за течни горива;
- 930.483,00 денари се исплатени за лица кои неколку години беа ангажирани со договор на дело а кои со Законот за трансформација во редовен работен однос ,добија статус на редовно вработени.Се работи за вкупно 13 лица.

Поголеми инвестициони зафати во основните,средните училишта и детската градинка , во текот на 2015 г :

**ОУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец**

- Изградба на библиотека -183.000,00ден.донација, 70.000,00ден. Локална самоуправа ;
- Промена на под во училницата за прво одделение - 33.120,00ден.;
- Промена на под во просторијата од техничкиот персонал- 29.996,00 ден. со средства од Локална самоуправа;
- Поставување нов таван во кабинетот по биологија –35.400,00 ден од сопствени средства;

**Во ПУ Косел:**

- Изработка на основа за ограда од страна на реката – сопствени средства;
- Реконструкција на спортската сала- со средства од МОН;

**ОУ „Живко Чинго“ с.Велгошти**

- Поставување на ролетни во износ од 15.930,00 ден.- со сопствени средства;
- Наставно научни помагала 22.346,00 ден.- со сопствени средства;
- За преградување и опрема на кабинет 185.456,00 ден.- со сопствени средства;
- За реконструкција на влезот од училиштето 81.560,00 ден. - со сопствени средства;
- За салата за заштитни мрежи стакло кабли, семафор 111.419,00 ден. потрошени се сопствени средства и средства од донација.

**ОУ „Св.Климент Охридски“**

- Набавена е информатичка опрема во износ од 14.150,00 ден. и набавен е ламинат во износ од 28.977,00 ден. – од сопствени средства

**ОУ „Христо Узунов“**

Од сопствени средства , општински средства и од донации,во текот на 2015 г. реализирано е следното:

- Доопремување на салата за приредби;
- Комплетно бојадисување и лакирање на спортската сала ;
- Промена на рефлектори во спортска сала;
- Промена на 20 водоводни чешми во тоалети;
- Комплетно уредување на кабинетот по физичко образование (абриб, тавански плочки, умивалник и други потребни работи)
- Поставување на столици во школски двор;
- Набавка на 3 телевизори во одделенска настава
- Набавка на алат машини :шлајферица, косилица и бормашина
- Набавка на нагледни средства – географски карти, глобус вага, топки по физичко.

**ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски“**

- За уредување на училишниот двор и пешачката патека до училиштето потрошени се вкупно 416.973,00 ден. -од општински средства;
- За изградба на Кариерен центар потрошени се 34.905,00 ден. –од општински средства;
- Уредување на дворна површина со парковни ивичници, набавка и изработка на тампон, чистење смет 19.909,00 ден.- од општински средства.

**ОСУ „Св.Климент Охридски“**

- Санација и молерисување на училишните простории, во вредност од 198.000, 00 ден.општински средства;
- Реновирање на дел од доводната инсталација и бренерот на котелот од системот за парно греење во училиштето вредност 70.000,00 ден.-општински средства

**СОСУ „Св.Кирил и Методиј“**

- Молерисување, набавка и монтажа на ПВЦ столарија, набавка на материјал и изведба на преграден ѕид, глетување и молерисување 112.645,00 ден.-општински средства

**ЈОУДГ„Јасна Ристеска“**

- Отворена детска градинка во други просторни услови на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ во рамки на ОУ „Кочо Рацин“ - во реализацијата на проектот Општина Охрид учествуваше со 471.041,00 денари, а УНИЦЕФ со 102.500,00 ден.

- Целосно сменета оградата во објект „Развигорче“ во вредност од 120.000,00 ден. -со сопствени средства;

- Набавени се апарати за кујна и одржување на хигиената и довршени градежни работи и доопремување на групата во ОУ „Кочо Рацин“ во Радојца Новичиќ, за што се потрошени 180.000,00 денари.- со сопствени средства

- Завршени се сите подготвителни работи и се чека стартот на новата група во Пештани која е адаптирана со средства од бугарски конзулат, а комплетно е опремена со средства од МТСП, Локалната самоуправа и градинката, со цел поголем опфат на децата во предучилишните установи , со посебен акцент на децата од руралните средини (градинката вложи средства за опремување на кујната, галантерија средства за хигиена, правосмукалка, теписи, играчки и дидактички материјали, литература за возрасни и деца и сл. во вредност од 100 000,00денари. сопствени средства;

- Реновирана и обновена е канализационата и доводната мрежа во дел од санитарните јазли, и поставена нова галантерија во објектот „Билјана“, поправени се дел од покривите во „Централна“, „Развигорче, “Росица“ и „Лихнида“ во вредност од **190.000,00 денари**, дел од средствта обезбедени се со донации и спонзорства ;

- Изградени се наменски градини во сите објекти за одгледување на зеленчукови растенија од страна на децата и сите вработени за што се потрошени **30.000,00** денари, од градинката , а останатиот дел во форма на цименто, бекатон, песок, и сл. обезбедени со спонзорства.

- Изградено е игралиште во дворот од градинката во Велгошти, а збогатен е фондот на дворни играчки со донација од Локалната самоуправа и ТЛЕР.

- Во текот на 2015 година, за потребите на градинката,заради недостигот на кадар за згрижување на децата од предучилишна возраст, од страна на Локалната самоуправа, преку Агенција за посредување при вработување ангажирани се 24 лица (13 негователи,3 воспитувачи,6 хигиеничари и двајца чувари-градинари).Во текот на 2015 год.поголемиот дел од ангажираните лица со договор на дело и преку Агенција за посредување при вработување го трансформираа својот однос од определено на неопределено работно време.

**Заклучок**:Во изминатата 2015 год. финансирани се активности,проекти и инвестициони зафати кои, во најголем дел се законска обврска за училиштата и детската градинка и се повторуваат секоја година. Тие се основ за непречено одвивање на тековниот згрижувачки и воспитно - образовен процес во општина Охрид .

Евидентно е дека со општински средства се покриваат голем дел од обврските кои училиштата би требало да ги покриваат од средства од блок дотациите Оваа состојба особено е изразена во основното образование, каде 96% од блок дотацијата оди за плати и придонеси на вработените.Речици сите останати трошоци на основните училишта се на товар на општинскиот буџет. Сето тоа е во насока на зачувување на постојниот фонд на часови на наставниот кадар, чие одржување е доведено во прашање, поради намалениот број ученици.

Советот на општината даде поддршка на ваквата стратегија на Општината и Градоначалникот,со изгласувањето согласности за формирање голем број паралелки со помал број ученици од законски дозволениот минимум.Сето ова оди на сметка на намалување на бројот на инвестициони зафати кои се дел од Развојните програми за образование.

***Извештај за реализирани активности од областа на социјалната заштита***

Во тековната 2015 година се реализираа следните тековни активности од областа на социјалната заштита

1. ***Подршка за поголема опфатеност на деца во дневен центар*** за лица со интелектуална попреченост.Програмата е финансирана од Австралиска амбасада со имплементација од страна на Општина Охрид во соработка. Во проектот се ангажираа две лица кои подолго време волонтерски работат во центарот. Главна цел на проектот е поголема опфатност на деца, социализација, поголема грижа и едукација како и чувство на поголема љубов и грижа за лицата со интелектуална попреченост од страна на општеството. Функционирањето на Дневниот центар беше прашање дали ќе продолжи да работи, но со самото започнување на проектот беспрекорно функционира.

2. ***Организирање доброволна крводарителска акција***. Општина Охрид во соработка со Црвен Крст секоја година традиционално организира крводарителска акција на плоштадот во Охрид.

3. ***Организирање на хуманитерна акција за помош на млади и други лица од социјално загрозени семејства –Донирај***. Општина Охрид во соработка со Црвен Крст успешно секоја година организира хуманитарна акција за помош на лица кои навистина имаат потреба и спаѓаат во категоријата на граѓани од социјално загрозени семејства.

4. ***Субвенционирање трошоци за комунални услуги.***Субвенционирани беа трошоци на социјално ранливи групи (невработени,приматели на постојана парична помош ,користење на социјална помош и инвалидизирани лица со најмалку 70 % инвалидитет).Оваа категорија на граѓани доби намалување на сметките од Јавните претпријатија на општината, во вкупен износ од 600 денари месечно.

5. ***Проект “Се грижиме за топол дом“.***Во соработка со Центар за социјални грижи континуирано се води овој Проект.Се работи за донации од семејства (мебел,бела

техника и слично) на други семејства од социјално ранливи групи.Општина Охрид во овој Проект е вклучен во логистичка поддршка,обезбедување и финансиско покривање на превозни средство за транспорт на донациите.

6. ***Проект “Отворени денови на социјална заштита“.*** Во соработка со Центарот за социјални грижи овој Проект се одвиваше во две фази.Главна цел на Проектот беше дирекно запознавање на социјално ранливите групи (приматели на социјална и постојана парична помош) за нивните права и начините како да ги остварат истите.Еден вработен од Центарот за социјални грижи и еден вработен од Општина Охрид беа вклучени во реализација на Проектот

**7.** Општина Охрид доделува ***еднократна парична помош*** на лица и семејства кои се социјално загрозени како и еднократна парична помош за секое прво и второ новородено дете, со подршка кон заложбите на Владата на РМ во насока на зголемување на наталитетот.

**8.** Имплементација на програмата Општинско – корисно работа, Промовирање на одржливи вработувања – 4. Во рамките на програмата општина Охрид успешно реализира две активности , Децата заслужуваат еднакви можности и Транзитен центар – деца на улица. Во првата активност се ангажираа лица во дисперзираните градинки со воведување на нови активности за згрижување, воспитување, социјализација и едукација на деца од предшколска возраст додека во Транзитниот центар се преземаа превентивни активности со семејства и деца кои се во ризик и се занимаваат со пичатење. Проектот е финасиран од УНДП.

**9.** Започнување со имплентација на проектни активности за отворање на ***Дневен центар за деца со аутизам***, со финасиска подршка од Министерство за труд и социјална политика и општина Охрид.

**Изработиле:**

Лиле Маркоска , советник за образование
Флорентина Стерјовска , соработник за образование

Кети Росиќ, соработник за социјална заштита
Наташа Смилеска,Соработник за невладини организации

**Број 08-3698/9-1**
**14.03.2016 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СЕКТОРОТ ЗА СПОРТ, МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Секторот за спорт, млади и невладини организации за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/10**
**14.03.2016 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СЕКТОРОТ ЗА СПОРТ, МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Секторот за спорт, млади и невладини организации за 2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/10**
**14.03.2016 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**За работата на Секторот за спорт, млади и невладини организации**
**ЛО Спорт и рекреација**
*За период од 01.01. до 31.12.2015 година*

Спортот и спортскиот живот во Охрид и охридско е присутен уште од дамнешни времиња . Во прво време се среќавале разни форми на активности за подоцна истите да прераснат во организиран спорт. Првиот клуб во Охрид формиран е во 1921 год. а денес има повеќе регистрирани клубови во повеќе спортови. Во својот развој спортските клубови и спортот воопшто во Охрид имале свои светли и темни моменти во зависност од остварените резултат . Особено забележителни се остварувањата на пливачите, веслачите, едриличарите односно водените спортови а секакао дека најзначајно место во историјата на охридскиот спорт имаат остварувањата на охридските маратонци при што овој спорт ги афирмира и на меѓународната сцена.

Создавањето услови за спортување на сите генерации, за правилен физички развој на младите генерации преку изградба, реконструкција и опремување на спортските сали, фудбалски игралишта, организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности

како и поддршка на талентирани спортисти се трајна определба на Општината Охрид во сферата на спортот .

Спортските содржини на ЈП„Билјанини Извори“ се порепрезентативните спортски објекти со кои располага Општина Охрид и истите се од есенцијално значење за развој на спортот при што спортот и спортската рекреација со сите нејзини активности, програми и содржини во голема мера треба да ја зголемат и туристичката понуда на Охрид. Секако, дека во понудата на спортски објекти во голема мера треба да послужат затворените и отворените спортски објекти во училиштата и неколкуте фудбалски терени на кои активно се одржуваат натпревари, но на истите им е неопходна реконструкција да можат да бидат добра понуда посебно за зимските припреми.

Кога станува збор за младите и спортот и понатаму ќе продолжиме да вложуваме во ресурсите и посветено ќе работиме врз развивањето и насочувањето на потенцијалот на младите бидејќи редовната физичка активност и игра се неопходни за физичкиот, менталниот, психолошкиот и социјалниот развој, а добрите навики се развиваат рано и физички активните деца веројатно остануваат активни и кога ќе пораснат.

Изградбата на затворениот пливачки базен е од големо значењње. Тој ќе биде пристапен за задоволување на потребите на пливачките клубови и активно ќе се користи за обука на училишната младина за пливачките спортови како и за спортска рекреација на граѓаните од општината Охрид и пошироко.

Секако дека на Охрид му е потребна стратегија за обезбедуваање соодветен простор на клубовите од водените спортови.

Со изградбата на повеќенаменското спортско игралиште во с.Лескоец ќе придонесиме за заживувањето на спортскиот и забавниот живот на младите од ова подрачје.

Отворањето на спортскате паралелки во Охрид ги отвори вратите за создавање квалитетни спортски кадри во следните спортови: ракомет, фудбал и кошарка кои во голема мера ќе го промовираат спортот, но и Охрид во спортски град.

Основањето училишни спортски клубови во насока на унапредувањето на системот на натпревари во училишниот спорт. Се залагаме за основање училишни спортски клубови во повеќе спортови во училиштата во кои постојат услови согласно Законот за спорт (терени, број на ученици и сл.).

Поддршката за учество во училишните лиги во повеќе спортови со активности за организирање и спороведување на натпревари во училишните лиги, во повеќе спортови, во соработка со Сојузот на училиштен спорт, се неопходна поддршка за учество во општински,зонски,регионални и државни натпревари. Она што може училишниот спорт да го направи во воспитанието на младите не можат да го направат многу други форми во воспитно - образовниот процес при што физичкото вежбање да се организира под мотото „Масовен училиштен спорт – спорт за сите.“ Неопходна е и поддршката за учество во општинските, зонските, регионалните и државни натпревари меѓу училишните екипи во повеќе спортови.

Преку програмски активности настојуваме да ги возобновиме маалските игри пред се се мисли на маалскиот фудбал и кошарка .

Направена е целосна анализа на состојбата на спортските терени со програма за целосна санација, а воедно направен е приоритет за изградба на спортски терени односно повеќенаменски игралишта онамо каде се неопходни.

Охрид има материјлна основа, но неопходна е функционалност за максимално искористување на истите.

Како резултат на финансирањето и создавањето услови за развој на спортот како дејност од посебен интерес за одбележување се постигнатите резултати на:

Ракометниот клуб „ Охрид 2013“АД, Ракометниот клуб „Лихнид“, КК„АВ“- Охрид, Аеро клубот „Охрид“ е апсолутен првак во Македонија.

Фудбалските школи се во врвот на своите категории во Македонија, а како резултат на тоа е се поголемиот број на фудбалери од Охрид кои играат за повеќе клубови во Македонија.(Охриѓанецот Валентин Кочоски е избран за најдобар млад спортист во Струмица, тој е дел од Академија „Пандев“)

За одбележување е и фактот на возобновувањето на ФК „Охрид-Лихнид“ најстар организиран спортски клуб во Охрид .

Поединечни резултати за почит постигнуваат велосипедистот Јован Јованоски и Нина Балабан во стрелаштво,поединци од Теквондо клубот „Хваранг ИТф“.

Секако за одбележување е и згаснувањето на Охридскиот боксерски клуб.

Извештајот за работата на Секторот за спорт, млади и невладини организации е конципиран врз основа на приоритетноста на дејностите кои се во делокругот на работните обврски, којшто произлегува од обемот на листата надлежности- спорт и рекреација ЗЛС , Закон за спорт ,Закон за здруженија на граѓани и НВО .

Во областа на спортот Општина Охрид и во 2015 год. продолжи со започнатите активности за вложувањата во спортот и спортските објекти и активностите насочени кон подобрување на спортот во општината Охрид .

За таа цел постојано се одржуваа контакти со Агенцијата за млади и спорт, ресорните министерства, спортските клубови, здруженијата, спортските сојузи, јавните претпријатија ,образовните институции и др.

Општина Охрид и оваа година во рамките на своите можности, од Буџетската програма : ЛО Спорт и рекреација издвои средства во висина од **15.142.521,00** за реализација на следните активности:

Согласно Одлуката за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за користењер на спортски терени на ЈП „Билјанини Извори“ – Охрид Бр. 07-785/20 од 29.10.2014 год и Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цени за користење на спортски објекти Бр.07-4189/41 од 30.12.2014 год..по основа на покривање трошоци за користење спортски терени, а со цел омасовување и олеснување на натпреварувачките активности на спортските екипи,здруженија и др. , на ЈП „Билјанини Извори“-Охрид, се исплатени средства во висина од **4.260.700,00** за следните корисници:

**КОНТО 425130** ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ДРУГ ТИП НА ПРОСТОР

| | |
|---|---|
| РК „Охрид 2013 “ АД | 660.200,00 |
| РК „Лихнид“ - Охрид | 232.800,00 |
| КК „Колибри“ -Охрид | 134.400,00 |
| Кик Бокс „Голден Тим“ - Охрид | 42.000,00 |
| Општински Фудбалски Сојуз Охрид | 72.000,00 |
| ЖФК „Билјанини Извори“ –Охрид | 50.000,00 |
| ФК „Академија Пандев“-Охрид | 150.000,00 |
| ФК „Евро Фудбал 2 “ – Охрид | 143.600,00 |
| ФК „ОСК Фер Плеј“ –Охрид | 280.000,00 |
| ФК „Охрид топ Тим“ –Охрид | 150.000,00 |
| ГФК „Охрид Лихнидос“ – Охрид | 188.900,00 |
| КК „АВ“ – Охрид | 189.600,00 |
| ДООЕЛ „Делфина 2012“ Школа за пливање | 75.000,00 |
| Спортски паралелки ОУТУ „Ванчо Питошески“ | 1.008.900,00 |

| | |
|---|---|
| Црвен Крст Охрид | 412.200,00 |
| Супер куп во кошарка | 40.000,00 |
| Училишен спорт – мал фудбал | 50.400,00 |
| Користење терени во 2014 год. фактурирани во 2015 год. | 380.700,00 |

**КОНТО 463120** ТРАНСВЕРИ ДО СПОРТСКИ КЛУБОВИ

Средства во висина од **4.700.000,00** и тоа :

| | |
|---|---|
| РК „Охрид 2013“ | 600.000,00 |
| Сојуз на спортови | 30.000,00 |
| РК„Охрид 2013“ | 400.000,00 |
| РК„Охрид 2013“ | 300.000,00 |
| РК„Охрид 2013“ | 200.000,00 |
| Сојуз на спортови | 30.000,00 |
| РК „Моби Дик“ | 20.000,00 |
| ФК„Сттефан Толески“ | 20.000,00 |
| Сојуз на спортови | 30.000,00 |
| „Делфина 2012“ | 75.000,00 |
| Сојуз на спортови | 500.000,00 |
| РК „Охрид 2013“ | 700.000,00 |
| Охридски атлетски маратон | 40.000,00 |
| Сојуз на спортови | 150.000,00 |
| РК „ Охрид 2013“ | 500.000,00 |
| ОФС Охрид | 70.000,00 |
| ГФК „Охрид Лихнидос“ | 42.000,00 |
| РК „Охрид 2013“ | 150.000,00 |
| РК „Охрид 2013“ | 143.000,00 |
| РК „Охрид 2013“ | 300.000,00 |
| РК „Охрид 2013“ | 400.000,00 |

**КОНТО 464990** ДРУГИ ТРАНСФЕРИ
Средства во висина од **55.400,00**

| | |
|---|---|
| ЈП„Билјанини Извори“ | 50.400,00 |
| Димче Стојкоски | 5.000,00 |

**КОНТО 482920** ИЗГРАДБА НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ
Средства во висина од **4.152.991,00** и тоа:

| | |
|---|---|
| „Тане 2007“ | 600.000,00 |
| „Олимпик МС“ | 29.744,00 |
| „Тане 2007“ | 312.952,00 |
| „Базени“ ДОО | 119.657,00 |
| „Олимпик МС“ | 60.000,00 |
| „Геопрактика“ДОО | 50.000,00 |
| ЈП „Градски гробишта“ | 168.310,00 |
| ЈП „Нискоградба“ | 769.917,00 |
| ЈП „Нискоградба“ | 420.291,00 |

| | |
|---|---|
| „Балканика Трејд“ | 100.000,00 |
| ЈП „Нискоградба“ | 1.000.000,00 |
| „Балканика Трејд“ | 107.270,00 |
| „Тане 2007“ | 100.000,00 |
| ЈП „ Нискоградба“ | 314.850,00 |

**КОНТО 482930** РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ
Средства во висина од **1.973.430,00** и тоа:

| | |
|---|---|
| ЈП„Градски гробишта“ | 434.170,00 |
| „Турбо Инженеринг“ | 339.260,00 |
| „Турбо Инженеринг“ | 200.000,00 |
| ЈП„Нискоградба“ | 1.000.000,00 |

**Позначајни настани и активности во текот на 2015 год.**

*Јануари* Избор за најдобар спортист во 2014 год.

*Февруари* Потпишан Меморандум за соработка помеѓу Општина Охрид и Сојузот на спортови Охрид .
ФФМ изврши тестирање на физички и тактички план на фудбалските арбитри.

*Март* Спортски ден во салата „Тодор Александров“, с.Велгошти.
Ревијален натпревар по повод 70 години Црвен Крст Охрид
Подготовки на Македонската кошаркарска репрезентација .
Натпревари училишни лиги во мал фудбал .

*Април* Одбележан 6 Април Меѓународниот ден на спортот.
Одржан Кока- Кола куп.

*Мај* Пуштено во употреба игралиштето за одбојка на песок . УЗ „Воска“

*Јуни* Пуштено во употреба повеќенаменското игралиште во с.Подмоље .
Традиционален турнир во ракомет за пионери и пионерки .
Ракометен камп Андреа Лекиќ
Ракометен камп Кире Лазаров .

*Јули* Започна со работа летната сезона на пливачкиот базен .

*Август* Спортски ден во Охрид „Прв до врв“
Илинденска едриличарска регата
Традиционален турнир во стрелаштво
Турнир на млади фудбалски категории Фер- плеј куп Охрид 2015
Мал и Голем пливачки маратон
Европско кошаркарско првенство дивизија Б -кадетки

*Септември* 29 Атлетски маратон
Меѓународна регата во кајак и кану на мирни води .
Кошаркарски супер куп Охрид 2015 .

*Ноември* Традиционален есенски крос
Поставен камен темелник на покриениот пливачки базен

*Декември* 20 години Сојуз на училиштен спорт .
Сојузот на спортови ги прогласи најуспешните спортисти во 2015 .

**Млади и НВО**

Општината, свесна за важноста на демократскиот израз, ефикасноста и умешноста на граѓанските организации, постојано се залага системски да ги зајакне основните услови за побрз и поефикасен развој на овој сектор ,преку градење меѓусебен партнерски однос.

Во функција на што поквалитетен одговор на поставените задачи благовремено и во предвидените рокови беа реализирани повеќе проекти од областа на младите и НВО:

-Поддршка на млади таленти и доделување годишни награди за најдобрите ученици

- Успешно организирана „Матурска парада“ со рекорден број на ученици.

Активното учество на Советот на млади од Охрид во кој партиципираат младите од Охрид од повеќе дејности,професии,спортски и културни организации на разни трибини,работилници и сл. има цел, а тоа е - поголемо вклучување на младите во процесот на донесувањето одлуки и младинското информирање, организирање работилници за обука на младите за изработка на проекти итн.

Советот на млади во соработка со здруженија, институции, фондации, успешно со танцов перформанс се вклучија во кампањата „ За борба против говор на омраза“.

Советот на млади во соработка со основните, средните училишта, студентските парламенти при Универзитетот за информатички технологии „ Свети Апостол Павле“ и ФТУ „Свети Климент Охридски“, активно се вклучија во организација на настанот „Мотивациски викенд“.

Советот на млади преку своите вмрежувања со партнерски организации од соседните земји и Европа, даде придонес во промоција на градот Охрид, преку организирање на културни и други настани , каде повеќе млади организации за време на летниот период одржуваа свои концерти и други активности во градот Охрид.

Присуството на младите во настанот „Сите кон Свети Климента“ .

Продолжи успешната повеќегодишна соработка со Црвен Крст, Здужението на глуви и наглуви лица, Здужението на слепи, Здружението на телесни инвалиди, Младинскиот совет, Здужението на жени „Бисера“, Здужението на „Египќани“, Охридскиот градски хор, културно-уметничките друштва , ансамбал „Билјана јуниор“ и др.

Особено за одбележување е востановената соработка со дневниот центар „Зраци“ во однос на подобрувањето на условите за самостојното живеење на лицата со интелектуална попореченост како дел од секојдневните активности, а со обезбедени средства и материјални добра од Општина Охрид.

Во рамките на можностите,логистички и финансиски беа поддржани сите барања на активните невладини организации, кои што реализираа одредени конкретни проекти. Поддржани беа и сите талентирани поединци кои го претставуваа Охрид на разни државни и меѓународни манифестации.

Организирани беа и неколку семинари, обуки, работилници и трибини во соработка со невладиниот сектор при што беше овозможена секаква логистичка помош околу нивните активности, а воедно беа посетени семинари и обуки во нивна организација.

Во делот на културната интеграција на младите во општествениот живот на градот, по повод одбележувањето на позначајни денови и личности, годишнини и јубилеи од значење за градот, согласно Програмата за одбележување празници и манифестации , годишнини и јубилеи за 2015 година од значење на Општина Охрид, како и Програмата за работа на Одделението за култура за 2016 година, од исклучително значење е вклучувањто на младите во сите културно-

општестени активности во градот Охрид.Преку нивното учество и ангажирање во настаните се промовираат младите охридски музички, ликовни и други уметнички таленти пред локалната и поширокаta јавност.
Дадена е финансиска и логистичка поддршка на младите охридски музички таленти да учествуваат на локални, регионални , национални и меѓународни натпревари.
Дадена е финансиска и логистичка поддршка на младите ликовни таленти со својот уметнички труд да учествуваат на разни натпревари во овој домен со цел лична промоција и промоција на градот во светските културни центри.
Дадена е финансиска и логистичка поддршка на Здруженијата на граѓани, танцови клубови, невладини организации од областа на културата , да учествуваат на меѓународни натпревари, семинари, работилници, обуки.
Со распишување на наградни литературни, ликовни творби по повод одредени манифестации, годишнини и јубилеи , општина Охрид, ги наградува младите охридски таленти со соодветни парични и други награди, кои меѓудругото претставува стимулација,за продолжување на нивното творење, како и продолжување на нивната успешна работа на секое поле.

**Број 08-3698/10-1**
**14.03.2016 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СЕКТОРОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, СОРАБОТКА СО УНЕСКО И КУЛТУРА ЗА 2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Секторот за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/11**
**14.03.2016 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СЕКТОРОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, СОРАБОТКА СО УНЕСКО И КУЛТУРА ЗА 2015 ГОДИНА**

**Член 1**
**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Секторот за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура за 2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОРОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, СОРАБОТКА СО УНЕСКО И КУЛТУРА за 2015 година**

Охрид, февруари 2016година

Извештајот за работата на Секторот за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура е изготвен врз основа на приоритетноста на дејностите кои ги извршуваат одделенијата на овој Сектор.

Во рамките на своите надлежности, приоритетни работни задачи на овој Сектор се : соработка на Општина Охрид со збратимените градови, соработка со странски и меѓународни донатори, организации, кредитори, здруженија и други непрофитни организации; Реализација на Годишната програма за одбележување празници и манифестации; Соработка и поддршка на институциите и здруженијата чија основна дејност е културата.

- **Реализирани активности во делот на културата во текот на 2015 година**

Секторот за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура во делот за култура зеде активно учество во организација, поддршка и успешна реализација на бројните културни активности планирани со обемната и содржајната Програма на Комисијата за одбележување празници и манифестации.

Согласно Програмата за работа за 2015 година во делот на музичките, литературните и културните програмски активности, Општина Охрид учествуваше во комплетна и успешно завршена организација на културните манифестации :

- „Прличеви беседи“
- „Вечери на Живко Чинго“
- „Поетска ноќ во Велестово“
- „Бадникова прошетка “
- „Сите кон Свети Климент“

Во делот на поддршката на фестивали Општина Охрид традиционално ги поддржа следните фестивали:

- Охридски хорски фестивал
- Хорски фестивал на духовна музика
- Охридски Трубадурии
- Француски филмски фестивал
- „Балкански фестивал на народни песни и игри“
- „Охридско лето“
- Меѓународениот и мултикултурниот уличен фестивал - „БАСКЕРФЕСТ “

Одделението за култура во соработка со Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици изврши целосна обиколка на сите спомен - обележјата заведени во регистарот на Општина Охрид, со цел да се утврди фактичката состојба на спомен - обележјата во нашата Општина.

Согласно извештајот од направената контрола се постапи кон санирање на направените штети на повеќе спомен - обележја во соработка со јавните претпријатија кои ги основала општината.

Општина Охрид, согласно Програмата за одбележување празници и манифестации, достојно ги одбележа следниве празници на централно и локално ниво :

- Во чест на ловороносецот Григор Прличев, со низа свечености се одбележа 122 години од смртта на охридскиот поет.
- Со хепенинг на новиот плоштад , во соработка со основните училишта се одбележа и Годишнината од победата над фашизмот и Денот на Европската Унија.
- Општина Охрид, достојно го одбележа и 24-ти Мај – Денот на Сесловенските просветители.Традиционално и оваа година на учениците од основните училишта кои освоија значајни награди на национално и меѓународно ниво им беа доделени награди од страна на градоначалникот Никола Бакрачески.
- На достоен начин беше одбележан и големиот национален празник Илинден, со дводневна културно-уметничка програма во чест на овој значаен ден во македонската историја.
- Со пригодна програма беше одбележан и верскиот празник Св. Климент летен .
- Одделението за култура во соработка со Сојузот на борци и основните училишта и сите невладини организации учествуваа во маршот на мирот и големиот хепенинг на градскиот плоштад по повод 21-ви Септември – Меѓународниот ден на Мирот.
- По повод 11-ти Октомври, Денот на народното востание, во големата сала на Општина Охрид се одржа свечена седница, со што на симболичен начин се одбележа овој важен датум во македонската историја.
- Одделението за култура во соработка со Охридскиот театар, основните и средните училишта импозантно го одбележа и државниот празник 23-ти Октомври – Денот на македонската револуционерна борба.
- Во соработка со Сојузот на борци, основното училиште Григор Прличев и учениците од ОМУ Методи Патчев на Свечената седница во големата сала на Општина Охрид одбележаа 71 година од ослободувањето на градот Охрид.
- Одделението за култура во соработка со музичките секции од основните и средните училишта, културно – уметничките друштва, танцовите клубови, реализираа десетдневна предновогодишна програма на градскиот плоштад .
- Одделението за култура комплетно ја реализира програмата за новогодишната ноќ.

Општина Охрид, согласно Програмата за одбележување празници и манифестации достојно го одбележа Јубилејот - 1100 години од смртта на Христо Узунов, во соработка со Институтот за национална историја од Скопје, ОУ Христо Узунов – Охрид и ОУ Христо Узунов од с. Другово , Кичевско .

Во 2015 година, согласно Јавниот повик за програми и проекти беа доделени вкупно **632 000 денари** на следните институции, здруженија и поединци од областа на културата :

- Здружение на граѓани „Поетска ноќ во Велестово“ за проектот „ 27 Поетска ноќ во Велестово“
- Фотографот Стојан Стојаноски за проектот „Охрид низ виртуелни панорами од земја и воздух на Гугл и Охрид 360 и Аир 360“
- Друштво за уметничка дејност, трговија и услуги „Канео фест“ Охрид Дооел, за проектот „ Фестивал Канео фест 2015“
- Здружение за развој и промоција „За Трпејца со љубов“ за проектот „Културно-забавно лето на Трпејца со љубов“
- Методија Баракоски за проектот „Збирка на авторски песни во 500 примероци “
- Културно-уметничко друштво „Ѓердан“ за проектот „Малешевски игри“
- Здружение Друштво за македонско – културно наследство„ Александар Македонски“ за проектот „Обновување на Македонската фаланга“
- Интернационален фестивал „Охрид фест Охридски трубадурии“

- „Здружение Спасовден 2012“ за проектот „Интернационален фестивал Охрид фест охридски трубадурии 2015“
- Ансамбл БИЛЈАНА Охрид за проектот „ Издавање на ЦД со охридска старогрaдска музика“ и проектот „Традиционален концерт на охридска староградска музика“
- Здружение Илинденски марш „Христо Узунов“ за проектот„ Илинденски марш Охрид-Крушево“
- Женски центар „Бисера“ Охрид за проектот „ Меѓународниот ден на таткото 2015“ и проектот „ Меѓународен ден на мајката“
- НУ „Охридско лето“ Охрид за проектот „55 јубилејно издание на Фестивалот Охридско лето 2015“
- Здружение на музичари и изведувачи Охрид за проектот Детски музички фестивал „Распеано Рибарче 2015“

Општина Охрид и во текот на 2015 година ја продолжи успешната меѓусебна соработка со НУ Центар за култура „Григор Прличев“, НУ Завод и музеј Охрид, МАНУ, НУ Библиотека „Григор Прличев“ Охрид и другите институции од областа на културата со цел поголем кулурен развој на градот Охрид.

Општина Охрид, со своја финансиска и логистичка поддршка даде свој придонес и во реализацијата на повеќе културни проекти, манифестации и фестивали, иницирани од други институции, организации и здруженија:

-Во соработка со Министерство за образование и наука се реализира проектот „Популаризација на театарот“;

- Во соработка со основните и средните училишта се реализира проектот „Ораторска вечер по повод 155 годишнината од наградувањето на поемата Сердарот“
- „Младински активизам преку говор против омраза“ со совршен танцов перформанс на градскиот плоштад, во соработка со ОСУ „Св. Климент Охридски“;
- Реализација на проектот „ Уметнички камп “ – проект во организација на турскиот уметник Зухал од Охрид. Проектот се реализираше со изложба на слики од турската заедница во НУ Центар за култура „ Григор Прличев“ Охрид;
- Во соработка со Секторот за туризам и локален економски развој , детската градинка „Јасна Ристеска “ и основните училишта се одржа хепенинг на малиот плоштад на кој присуствуваше Амбасадорот на Словенија во Република Македонија г.динот Бранко Раковец;
- Реализација на проектот „Интернационален фолклорен фестивал за млади музичари“ организиран од г-дин Велко Тодевски, професор на музичката академија;
- Дадена е поддршка за реализација на изложбата на украсни птици од Драган Танески;
- Дадена е поддршка за реализација на манифестациите „ Шарен цвет“ и „Детска ликовна колонија“, на која се презентираа и промовираа ситни птици и животни од автохтона фауна од охридскиот крај, проследена со ликовна изложба од децата од градинката „Јасна Ристеска“;
- Поддршка за реализација на концерт на холанскиот студентски оркестар на малиот плоштад ( кај хотел Александрија);
- Поддршка за одржување на флеш-моб на танчерската група Алгаја на градскиот плоштад;
- Дадена е поддршка за реализација на проектот од Универзитетот IVAN од Венеција за реализација на меѓуграничниот проект ВИА – ИГНАЦИЈА;
- По иницијатива на Здружението на граѓани „ЦИРО“ реализиран е концертот „ АЛО ОХРИД„;
- Дадена е логистичка поддршка на охридската музичка ѕвезда Боби Мојсовски за организација на првиот солистички хуманитарен концерт на градскиот плоштад;

- Соработка со Турскиот кулурен центар „ЈУНУС ЕМРЕ“од Скопје за настанот „Презентација на традиционалниот начин на приготвување турско кафе“ и Презентација на турскиот филм „Невозвратена љубов“;

  Во насока на подобрување и интензивирање на културната соработка на Општина Охрид со општини, институции, здруженија на граѓани и поединци се воспостави интензивна соработка, при што беа одржани повеќе средби и работни состаноци со делегции на збратимените градови со општина Охрид, претставници на земјите учеснички на Меѓународните фестивали кои се одржуваат во Охрид за време на летната туристичка сезона.

- **Во делот за меѓународна соработка и соработка со збратимени градови**

Благовремено, во предвиден рок беа реализирани следниве проекти од областа на меѓународна соработка:

- На 20 јануари во работна посета на општина Охрид престојуваше делегација на Каен , предводена од заменик градоначалникот Кетрин Предал. На средбата со преставниците на општина Охрид беше разговарано за тековните заеднички проекти со Каен чија реализација е во тек, како и за идни заеднички апликации со проекти пред европските и други меѓународни фондови.
- Делегација на општина Охрид, предводена од заменик градоначалникот Ангел Јанев беше во посета на збратимената општина на Стар Град – Сараево, Босна и Херцеговина.На средбата со градоначалникот на Стар Град, Ибрахим Хаџибајриќ, се разговараше за формите за продлабочување на соработката меѓу двете збратимени општини. Градоначалникот Хаџибајриќ презентираше повеќе проекти, особено од делот на заштитата на културното наследство, област во која може да има размена на искуства и заедничко аплицирање пред европските фондови. Во рамките на оваа посета се оддржа и туристичко промотивната манифестација „Охридска вечер``. На оваа манифестација на која што присуствуваа преставници на туристички агенции и туроператори од Босна и Херцеговина, се разговараше и за начините за зголемување на бројот на туристите од оваа држава кои би доаѓале во Охрид и Македонија.
- По повод 6 мај, ден на збратимениот град Крагуевац, делегација на општина Охрид предводена од заменик градоначалникот Ангел Јанев, а на покана на градоначалникот Радомир Николиќ, беше дел од официалните гости на општина Крагуевац. Покрај протоколарниот дел од посетата, охридските советници го информираа градоначалникот Николиќ за расположивоста на градот Охрид и охриѓани за срдечен пречек на туристи од тој дел на Србија преку цела година, како и за продлабочување на соработката на сите полиња. Во рамките на оваа посета, а во насока на проширување на соработката со факултетите при универзитетот во Крагуевац, се оствари средба и со ректорот на универзитетот во Крагуевац, проф.др.Слободан Арсенијевиќ.
- Од 12 мај во три дневна посета на општина Охрид , престојуваше петчлената делегација од збратимениот кинески град Далиан, предводена од Хан Кјујанг, заменик генерален директор за меѓународни односи на градот Далиан.На средбата помеѓу градоначалникот Бакрачески и високите гости од Далијан, градоначалникот на Охрид ги презентира можностите и поволностите за инвестирање во Охрид, преку девет одбрани локации и проекти кои би биле најатрактивни за кинеските партнери.
- Во мај месец, делегација на општина Охрид составена од заменик градоначалникот Ангел Јанев, советникот Јован Стојаноски и Горан Устијаноски, капетан од Охридската капетанија ги посетија градовите Твер, Подолск и Москва во Русија. При посетата на Твер, охридската делегација се сретна со градоначалникот Корозин Александар Борисович, на која се разговараше за унапредување на меѓусебната соработка, како и продлабочување на истата помеѓу охридскиот факултет за туризам и угостителство и

Тверскиот универзитет, со размена на студенти и професори, како и реализирањње на заеднички проекти. На покана од градоначалникот на Подолск, Пестов Николај Игоревич, делегацијата од Охрид оствари многу корисни средби и разговори со раководители на секторите за туризам, економски развој, образование и култура. Во Москва делегацијата се сретна со државниот секретар и заменик гуверенер на народната банка на Русија, Александар Торшин, инвеститерот Василиј Шпилкин и Михаил Алексеев, сопственик на приватна авио компанија. На оваа средба домакините сугерираа, Република Македонија и Охрид да ја зајакнат промоцијата на големиот руски пазар, со што би се овозможило раздвижување на стопанските активности и би се зголемил туристите од оваа земја.

- На 14 септември градоначалникот Никола Бакрачески ја имаше првата официална средба со градоначалникот на Воден, Јану Димитриос, а присуствуваше и на официјалната презентација на проектот `` Вотернет,, кој двата града го спроведуваат преку високообразовни установи ФТОН од Охрид и Универзитетот ``Аристотел,, од Солун, каде што градоначалникот на Охрид имаше свое обраќање.
- Во втората половина на октомври, градоначалникот Бакрачески учествуваше на израелската интернационална конференција на главни градови. За време на неговата посета во Израел , градоначалникот на Охрид се сретна со градоначалникот на Јокнем, Симон Алфаси и градоначалникот на Хаифа,Јона Јахав. При престојот во Јокнем, Бакрачески со неговиот домакин направи обиколка на технолошки парк при што беше запознаен со стратегијата на градот за привлекување инвеститори, додека во Хаифа, присуствуваше на предавањето за урбанистичко планирање на градот.Во рамките на интернационалната конференција на градоначалници во Израел, градоначалникот Никола Бакрачески имаше прием во кабинетот на премиерот на Израел, Бенјамин Нетанјаху, како и средба со градоначалникот на Ерусалим, Нир Баркат при што беа прецизирани концепти за идна заедничка соработка.
- Градоначалникот Бакрачески на 12 ноември оствари работна средба со градоначалникот на Поградец, Едуард Капри. На средбата беше заклучено дека неопходна е поголема соработка меѓу општините Охрид од македонска и Поградец од албанска страна во делот на заштитата на Охридското Езеро во насока на заедничко привлекување средства од Европски фондови и Влади како и градење на заедничка платформа за развој на туризмот
-

**Изработиле:**
Весна Јованоска
Митре Велјаноски
Антигона Наумовска

**Број 08-3698/11-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. - 31.12.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за периодот 01.01. - 31.12.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/12** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. - 31.12.2015 ГОДИНА**

**Член 1**
**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за периодот од 01.01. - 31.12.2015 година.

**Член 2**
Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ од 01.01.2015год до 31.12.2015год.**
**П Р О Г Р А М А Р1**
**Заштита на животната средина и природата за 2015 година**

Врз основа на Законот за животна средина(Сл. Весник на РМ бр. 53/05 ,81/05,24/07 и 159/08 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/2012,93/13,42/14,44/15 и 129/15), член 60 од Законот за локална самоуправа(Сл. Весник на РМ бр.5/02) и член 18 од Статутот на Општина Охрид (Сл. Гласник на Општина Охрид бр 8/07), Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад го доставува следниот извештај :

**ИЗВЕШТАЈ од 01.01.2015год до 31.12.2015год.**
**П Р О Г Р А М А Р1**
**Заштита на животната средина и природата за 2015 година**

Со програмата за заштита на животната средина и природата за Општина Охрид за 2015 година се планирани активности врз основа на анализата на проблемите од аспект на заштита на животната средина и природата во Општина Охрид, а кои се во функција на на истите во сите медиуми, вода, воздух, почва и природата.
Средствата за реализација на оваа програма се планирани во буџетот на Општина Охрид.

Главна цел на оваа програма е заштита и унапредување на животната средина и природата преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање, заокружени со временска и финансиска рамка .

Програмата опфаќа:

- Процена на состојбите со животната средина на локално ниво;
- Дефинирање, процена и поставување на проблемите од областа на животната средина , базирани на ризикот за човечкото здравје , еко системите и квалитетот на животот;
- Развивање на стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината ;
- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во општината ;

Врз основа на степенот на загаденоста на животната средина во дадено подрачје содржи мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето , од интерес и во надлежност на општината , а особено за :

- Снабдување со квалитетна вода за пиење во доволни количини;
- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанци во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода ;
- Заштита на воздухот од загадување и подобрување на квалитетот на воздухот;
- Управување со отпад;
- Заштита од бучава настаната како резултат на стопанските и другите дејности и активности;
- Зголемување на енергетската ефикасност;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Управување и користење на природните ресурси;
- Подигање на јавна свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина и намалување на последиците од економскиот развој.

Оваа програма се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад , а се дел од поголем корпус на активности од делот на заштитата на животната средина и природата кои заради специфичноста и начинот на реализирање се имплементирани во програмите на други сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа на Општина Охрид.

Дел од тие програми се: Изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за за одведување и прочистување на отпадни води, чистење на речни корита и диви депонии, јавна чистота, изработка и одржување на парковско и јавно зеленило и др.

**I. Табела на предвидени проекти за заштита на животната средина и природата за 2015год.**

| Ред.бр. | Назив на проектот | Реализација | Забелешки |
|---|---|---|---|
| 1. | **Цветни балкони- цветен Охрид** | Предвидени средства - 500.000,00ден. Извршени се активности во вредност од 150.000,00ден. | Завршен проект |
| 2. | **Услуги за изработка на** | Предвидени | Проектот е во тек |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **стратегиска оцена на влијанието врз животната средина врз плански документи** | средства - 300.000,00ден. Согласно Законот за јавни набавки спроведена е постапка и извршен е избор на најповолен понудувач, со истиот е потпишан договор, кој ќе се реализира во наредниот период.Вредноста на договорот е 179.000,00денари | |
| 3. | **Изработка на брошура за подигање на јавна свест за управување со зелен отпад на територија на Општина Охрид** | Предвидени средства - 60.000,00ден. Од Секторот за животна средина и управување со отпад ,согласно интерниот акт за постапката за набавка на стоки и услуги и книговодствен третман на истите, е отпочната постапка за набавка на услугата | Проектот не е реализиран |
| 4. | **Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни(акција за собирање на стара хартија во соработка со охридските училишта)** | Акцијата за собирање на стара хартија се одвиваше во кругот на Охридските основни училишта и истата беше успешно спроведена. За реализација на проектот не беа предвидени финансиски средства | Завршен проект |

**II. Реализирани активности за период од 01.01 до 31.12.2015година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | **Есенска рамноденица - почеток на есента 23 септември(ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта)** | Предвидени средства - 30.000,00ден. Проектот беше реализиран во месец септември во соработка со охридските училишта Потрошени беа средства во висина од 30.000, 00ден | Завршен проект |
| 6. | **Одбележување на Европска недела на мобилност–ден без автомобили** | Предвидени средства - 18.000,00ден. Проектот беше реализиран во месец септември потрошени беа средства во висина од 7.080ден | Завршен проект |
| 7. | **Одбележување на 22 декември ( најкраткиот ден во годината)- Изработка на еко календар за Охридските училишта** | Предвидени средства - 80.000,00ден. Од Секторот за животна средина и управување со отпад ,согласно интерниот акт за постапката за набавка на стоки и услуги и книговодствен третман на истите, е отпочната постапка за набавка на услугата | Проектот не е реализиран |
| 8. | **Избор на најубаво украсен новогодишен двор или балкон во Општина Охрид за 2016 година** | Предвидени средства - 12.000,00ден. Проектот беше реализиран во месец декември Потрошени беа средства во висина од 12.000, 00ден | Завршен проект |

**Реализацијата на активностите во наведениот период согласно Извештајот за остварување на буџетот , изнесува 212.100,00ден.кои се однесуваат на исплата на обврски од претходните години и дел од новонастанати обврски**

**Вкупната вредност на реализираните проекти за период од 01.01 до 31.12.2015година изнесува 199.080,00денари**

**Број 08-3698/12-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА 2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/13** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА 2015 ГОДИНА**

**Член 1**
**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за 2015 година.

**Член 2**
Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

***ИЗВЕШТАЈОД 01.01.2015 ДО 31.12.2015***
**ПРОГРАМА J4 Одржување на јавна чистота за 2015 година**

Врз основа на „Законот за јавна чистота“ (Сл. Весник на РМ бр.111/08,130/10,23/11,53/11,80/12,163/13,44/15 и 147/15) „Законот за локална самоуправа“(Сл. Весник на РМ бр.5/02) и Статутот на Општина Охрид (Сл. Гласник на Општина Охрид бр 8/07), Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад го доставува следниот извештај за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за 2015 година.

Оваа Програма ја спроведува Одделението Јавна Хигиена од Работната Единица Комунална Хигиена, а се однесува на годишно одржување на улиците, тротоарите и другите јавни површини на територијата на Општина Охрид.

Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење, метење и миење на јавни и сообраќајни површини, одржување на пешачки патеки, детски игралишта, кејови и други неуредени јавни површини, транспортирање и депонирање на собраниот смет.

Динамиката на одржување на чистота на јавните и сообраќајните површини е одредена со предложенава Програма за работа, која се изготвува согласно Одлуката за комунален ред, а се врши преку:

- Рачно и машинско метење на јавно – прометни површини ;
- Собирање на хартија и други отпадоци;
- Празнење на корпи за отпадоци;
- Прскање и миење на улици во летен период;

За подобро извршување на работите од страна на Одделението „Јавна Хигиена“ улиците се групирани оперативно во четири категории:

- **I категорија** : влегуваат улиците кои се метат секој ден преку цела година, **се мијат секој ден во период од 6 месеци ,а другите шест месеци по потреба.** Тоа се улици главно сконцентрирани во центарот на градот. Овие површини се метат рачно и машински;

  Исто така заради зголемените активности околу одржувањето на јавната хигиена во с.Трпејца, с.Пештани, нас.Св.Стефан, потегот од нас.лагадин до нас.Елешец, плажа грашница и плажа Сараиште и с.Велгошти, истите влегуваат во I –ва категорија, односно ќе се метат секој ден во текот на летната сезона.
- **II категорија** : влегуваат улиците кои се метат секој втор ден во неделата. Тоа се улици кои се тесно поврзани со оние од I-ва категорија, или се дел од нив. Истите **се мијат** секој втор ден, а се метат рачно и машински;
- **III категорија**: влегуваат улиците кои ќе се метат два пати неделно, повеќето од нив од стариот дел на градот и ќе се чистат рачно;
- **IV категорија**: влегуваат улиците кои се чистат еднаш неделно рачно и машински, а се улици од поширок круг од центарот на градот.

  Исто така во оваа категорија со истиот режим на чистење влегуваат и селските населби и туристички места.

Согласно категоризацијата улиците ќе се третираат на следниот начин:

- **I категорија -**
  - метење 365 работни дена;
  - миење на улици 210 дена;
  - празнење на корпи за отпадоци 365 работни дена;
- **II категорија -**
  - метење 183 работни дена;
  - миење на улици 110 дена;
- **III категорија -**
  - метење двапати неделно;

- миење на улици 60 дена.
- **IV категорија -**
- метење еднаш неделно;
- миење на улици 30 дена.

Метењето на улиците се врши секојдневно од 05- 11 часот, а собирањето на хартија и празнењето на корпите за ѓубре се врши во две смени од 12-18 часот и 18-24 часот. Во летниот период се врши и секојдневно прскање и миење на улиците, како и машинско метење на улиците во периодот од 02-08 часот. Работниците се распоредени во групи кои имаат свои реони за работа, а се групирани во групи од двајца извршители и тоа еден метач и еден опслужувач на количка – јапонер.

**I –Изведени активности за период од 01.01. до 31.12.2015 година**

Согласно календарот за работа во изминатиот период се извршени следните активности по месеци:

Месец јануар:

- Метење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 31 ден
- Метење на улици од II –ра категорија.. . . . . . . . . . . . . . . 15 дена
- Метење на улици од III –та категорија. . . . . . . . . . . . . 8 дена
- Метење на улици од IV –та категорија. . . . . . . . . . . . . . 4 дена

Месец февруар:

- Метење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 28 ден
- Метење на улици од II –ра категорија.. . . . . . . . . . . . . . . 14 дена
- Метење на улици од III –та категорија. . . . . . . . . . . . . 8 дена
- Метење на улици од IV –та категорија. . . . . . . . . . . . . . 4 дена

Месец март:

- Метење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 31 ден
- Метење на улици од II –ра категорија.. . . . . . . . . . . . . . . 15 дена
- Метење на улици од III –та категорија. . . . . . . . . . . . . 8 дена
- Метење на улици од IV –та категорија. . . . . . . . . . . . . . 4 дена

Месец април:

- Метење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 30 ден
- Метење на улици од II –ра категорија.. . . . . . . . . . . . . . . 15 дена
- Метење на улици од III –та категорија. . . . . . . . . . . . . 8 дена
- Метење на улици од IV –та категорија. . . . . . . . . . . . . . 4 дена

Месец мај:

- Метење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 31 ден
- Метење на улици од II –ра категорија.. . . . . . . . . . . . . . . 14 дена
- Метење на улици од III –та категорија. . . . . . . . . . . . . 8 дена
- Метење на улици од IV –та категорија. . . . . . . . . . . . . . 4 дена

Месец јуни:

- Метење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 30 ден
- Метење на улици од II –ра категорија.. . . . . . . . . . . . . . . 15 дена
- Метење на улици од III –та категорија. . . . . . . . . . . . . 7 дена
- Метење на улици од IV –та категорија. . . . . . . . . . . . . . 4 дена

Месец јули:

- Метење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 31 ден
- Метење на улици од II –ра категорија.. . . . . . . . . . . . . . . 15 дена
- Метење на улици од III –та категорија. . . . . . . . . . . . . 7 дена

- Метење на улици од IV –та категорија. . . . . . . . . . . . . . . 4 дена

Месец август:

- Метење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 31 ден
- Метење на улици од II –ра категорија.. . . . . . . . . . . . . . . 14 дена
- Метење на улици од III –та категорија. . . . . . . . . . . . . . 8 дена
- Метење на улици од IV –та категорија. . . . . . . . . . . . . . . 4 дена

Месец септември:

- Метење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 30 ден
- Метење на улици од II –ра категорија.. . . . . . . . . . . . . . . 14 дена
- Метење на улици од III –та категорија. . . . . . . . . . . . . . 8 дена
- Метење на улици од IV –та категорија. . . . . . . . . . . . . . . 4 дена

Месец октомври:

- Метење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 31 ден
- Миење на улици од I –ва категорија.. . . . . . . . . . . . . . . 11 ул.

Месец ноември:

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПОМЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ЗА 2015 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работата на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/23** — **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** — **Градоначалник,**
**О х р и д** — **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПОМЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ЗА 2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените за 2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/23** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј ЗА Р А Б О Т А**
**Комисија за еднакви можности на мажите и жените**
**01.01.2015 до 31.12.2015 година**

Програмата на Комисијата за еднакви можности на мажите и жените беше усвоена од Советот на општина Охрид. Со донесување на Буџетот за 2015 година предвидени се средства и за реализација на Програмата на Комисијата за еднакви можности.

Во Програмата се предвидени активности за подигнување на свеста за грижа за стари лица и подигнување на свеста за пријавување на семејно насилство,организација на јавни трибини и советување од стручни лица, изготвување брошури и нивна дистрибуција,вклучување на медиумите со дебати, соработка со здруженија и организации кои реботат на оваа проблематика, поддршка на деца без родители во нивниот развој низ образовниот систем.

Комисијата за еднакви можности на мажите и жените е во постојана соработка со Невладини Организации, како што е „Опција“ - Охрид, ЖЦ „Бисера“- Охрид, и др., во поглед на организација на одредени активности поврзани со родовата еднаквост, како и делот на превенција од семејно насилство и дискриминација.

- На 19.02.2015 год. членови на Комисијата за родова еднаквост учествуваа на јубилејната прослава на ЖЦ „Бисера“ во хотел „Ривиера“.
- На 08.03.2015 год. дел од членовите на Комисијата за родова еднаквост учествуваа на средбата на Градоначалникот со успешни жени во политиката, бизнисот, владини и невладини организации.
- На 09.03.2015 год. членови на Комисијата за еднакви можности на мажите и жените учествуваа на Конференцијата за состојбите со родовата еднаквост, по повод Меѓународниот ден за правата на жените. Конференцијата беше организирана во рамките на проектот Совет за родова еднаквост, финансиран од ИПА Програмата на ЕУ.
- На 28.03.2015 год. во хотел „Дрим“ во Струга се одржа работилница во рамките на проектот „Влијанието на жените во политиките на локално ниво,во организација на Истражувачката организација Реактор, во соработка со Националниот демократски институт за поддршка на Француската амбасада во Македонија. На оваа работилница учествуваа дел од членовите на Кимисијата за родова еднаквост. Целта на проектот е зголемување на процентот на жени во политиката и жени-кандидатки за градоначалник.

- На 29.10.2015 год. во Хотел Бисер во Струга се одржа Работилница во рамките на Проектот на Швајцарската Агенција за развој и соработка - „Зајакнување на општинските совети“, спроведен од УНДП. На истата учествуваше Претседателката на Комисијата за родова еднаквост, заедно со Претседателката на Советот на Општина Охрид. Целта на работилницата беше да се информираат релевантните засегнати страни за проектните цели и очекуваните резултати и да се слушнат очекувањата, мислењата и предлозите на различните чинители за целите на проектот.
- На 10.12.2015 год. во малата сала на Општина Охрид, беше одржана посебна седница на Комисијата за родова еднаквост на мажите и жените, посветена на Меѓународната кампања „16 дена активизам за борба против насилство врз жените“, која започна на 25 Ноември, на „Меѓународниот ден за борба против насилство врз жените“.На седницата, на покана на Комисијата, освен членовите на Комисијата, беа присутни Претседателката на Совет на Општина Охрид, советнички од Советот, Портпаролот на СВР Охрид, претставници од Центарот за социјални грижи-Охрид, од Црвен Крст-Охрид и НВО Опција Охрид. На Седницата се разви широка и плодна дебата на тема „Семејно насилство и насилство врз жената“ во локалнава средина. Секој од присутните, осврнувајќи се од свој аспект дискутираше за оваа проблематика, при што беа разменети многу информации, искуства и сознанија, а покрај тоа беа наведени и доста статистички податоци за бројот на жртви на семејно насилство и случаи на насилство врз жените, за минатата и за оваа година. Беше истакнато дека жртви се пред се жените, потоа децата, а на крај мажите. Најчесто употребуван метод е физичката сила, а има и случаи со употрба на ладно оружје. Често се проблем нарушени брачни односи, но има доста случаи каде сторителот е во алкохолизирана состојба. Изнесени беа јаките, но и слабите страни на локалните инстититуции во чиј интерес е третирањето на оваа проблематика. Од дискусиите произлезе дека соработката меѓу СВР Охрид и Центар за социјални грижи функционира беспрекорно, но затајува соработката со здравствените институции, како и најслабата карика – судско процесуирање на предметите за семејно насилство.Од дискусиите произлегоа неколку приоритетни заклучоци, со кои се согласија сите присутни:

1. Преземање мерки на релевантните институции за итно отворање на Шелтер центар, каде би се згрижиле жртви на семејно насилство и каде би функционирал мултисекторски тим.
2. Формирање на Совет за превенција во рамките на Општина Охрид.
3. Поагресивна кампања, со организирање на работилници со населението, посебно во руралните средини, за борба против семејно насилство и насилство врз жената.
4. Кампања меѓу населението со печатење на флаери и брошури.
5. Организирања на предавања од стручни лица во училиштата и градинките, со вработените, а посебно со педагозите и психолозите за навремено препознавање на деца-жртви на семејно насилство.
6. Организирање предавања со учениците, од стручни лица, за причините и последиците од семејно насилство и насилство врз жената.

Комисијата ја презеде одговорноста за сите потребни активности за реализација на горенаведените заклучоци, како и Буџетот за наредната година да го креира на тој начин што во финансовиот план ќе ги предвиди сите трошоци кои ќе произлезат од истите.

**КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ**
**ПОМЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ**
**Претседател,**
**Оливија Пирузева- Јанева**

**Број 08-3698/23-1**
**14.03.2016 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ЗА 2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/24** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 8 и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 18 став 1 точка 9 и член 84 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ЗА 2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/24** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( Сл.весник на Р.М бр.13/06, бр.86/08 и бр. 6/10 ), имателот на информации Општина Охрид ( „Димитар Влахов“ бр.57, тел. 046/262-492, факс бр.046/262-496 ) преку службените лица за спроведување на одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер , м-р Васил Ложанкоски и Симон Илијески ( е-маил: vasillozankoski@ohrid.gov.mk ,simonilievski@ohrid.gov.mk ,odnosisojavnost@ohrid.gov.mk ) го подготвија следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 01.01.2015 до 31.12.2015 г. )**

Во текот на 2015 година преку службената архива и преку јавно истакнатите електронски адреси ( официјалната веб- страница на Општина Охрид www.ohrid.gov.mk , odnosisojavnost@ohrid.gov.mk , vasillozankoski@ohrid.gov.mk ,simonilijeski@ohrid.gov.mk ) пристигнати се **27** барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, согласно член

4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „ Сл. Весник на Р.М бр.13/1.2.2006 ) .На сите барања навреме е одговорено, освен за еден предмет поднесена е жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, која е одбиена.

Во вкупно примените **27** барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, поставени се **75** прашања во надлежност на повеќе сектори и одделенија во Локалната самоуправа.

Согласно законските прописи, до секторите и одделенијата во општинската администрација испратени се **44** барања за одговори на поставените прашања и тие со посебен допис се испратени до барателите на информации од јавен карактер.

Барања за слободен пристап до информации поднеле **8** граѓани,**21** невладина организација и **6** правни лица.Од вкупниот број, **21** барање се испратени преку архивата на Општина Охрид, а **11** преку електронска пошта, а во неколку случаи и на двата начина.

Според структурата од поставените **75** прашања, **18** се од областа на урбанизмот,**10** од областа на финансиите,**5** за работата на Советот, **5** од комуналната сфера,**5** од јавните набавки, **6** од управувањето со човечки ресурси, **5** од областа даноци, **4** за комунални такси, **4** од култура,**9** за јавни претпријатија и **4** од областа на зажтита на животната средина .

Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.М. бр.13/06, бр.86/08, бр.6/10 и бр.42/14), на 18.02.2016 г. Годишен извештај е поднесен и до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Број на поднесени барања; | **27** |
| 2. | Број на позитивно одговорени барања; | **27** |
| 3. | Број на одбиени барања со наведување на причините за секое одбиено барање; | **0** |
| 4. | Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија и заклучоци) на имателите на информации, со опис на одлуката како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација; | **1** |
| 5. | Број на усвоени жалби со одлука на Комисијата; | **0** |
| 6. | Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Комисијата | **0** |
| 7. | Број на одбиени жалби од Комисијата и причини за нивно одбивање; | **1** |
| 8. | Број на отфрлени жалби од Комисијата и причини за нивно отфрлање; | **0** |
| 9. | Број на случаи на молчење на Комисијата; | **0** |
| 10. | Број на барања за поведување прекршочна постапка и поведени прекршочни постапки; | **0** |
| 11. | Број и видови на изречени прекршочни санкции; | **0** |
| 12. | Број на поведени управни спорови против конечната одлука на Комисијата; | **0** |
| 13. | Број и список на донесени судски одлуки во кои тужбата на барателот во управниот спор е позитивно решена, како и и наведување на причините на кои се темели одлуката на надлежниот суд. | **0** |

Имателот на информациите, Општина Охрид и нејзината администрација, преку овластените службени лица за посредување, во законски утврдениот рок одговори на сите барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Доставените барања ги запазуваа критериумите кои се утврдени со закон и на сите нив им беше доставена бараната информација.

Во извештајниот период нема заведени судски спорови против имателот на информации поради недоставување на бараните информации или поради молк на администрацијата.

**Број 08-3698/24-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/25** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/25** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА**

Советот на општина Охрид на ден 30.12.2014 година донесе Програма за работа на Советот за 2015 година. Во Програмата за работа активностите на Советот за 2015 година беа планирани во четири тромесечија и тоа:

**ПРВО ТРОМЕСЕЧИЕ** (Јануари, Февруари, Март),
**ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ** (Април, Мај, Јуни),
**ТРЕТО ТРОМЕСЕЧИЕ** (Јули, Август, Септември) и
**ЧЕТВРТО ТРОМЕСЕЧИЕ** (Октомври, Ноември, Декември).

**ПРВО ТРОМЕСЕЧИЕ**

**Триесет и петта седница се одржа на ден 28.01.2015 година. За работа на оваа седница беа предложени 82 точки на дневен ред. Советот усвои 71 (седумдесет и една) Одлука и 1 (една) Иницијатива, а останатите 9 (девет) Одлуки и 1 (една) Иницијатива, не беа усвоени.**

Комисија за заштита на животна средина – На дневен ред предложени беа 79 (седумдесет и девет) точки и тоа 78 (седумдесет и осум) Предлог Одлуки и 1(една) Иницијатива. Беа усвоени 69 (шеесет и девет) Предлог Одлуки, а 9 (девет) Предлог Одлуки и 1 (една) Иницијатива не беа усвоени.

Комисија за јавни и комунални дејности – На дневен ред беше предложена 1 (една) Предлог Одлука која не се усвои.

Комисија за урбанизам - На дневен ред предложени беа 80 точки, од кои 78 (седумдесет и осум) Предлог Одлуки и 2 (две) Иницијативи. Беа усвоени 69 Предлог Одлуки и 1 Иницијатива, а 9 (девет) Предлог Одлуки и 1(една) Иницијатива не беа усвоени.

Комисија за финансии и буџет – На дневен ред беа предложени 2(две) Предлог Одлуки и истите беа усвоени.

**Триесет и шестата седница се одржа на ден 27.02.2015 година и за истата седница беа предложени 41 точка на дневен ред. Една точка беше повлечена од дневниот ред. Советот усвои вкупно 40 ( четириесет ) Одлуки.**

Комисија за заштита на животна средина – На дневен ред беа предложени 32 (триесет и две) точки. Беа усвоени 28 (дваесет и осум) Предлог Одлуки, 3 (три) Предлог Одлуки не беа усвоени, а 1 (една) точка беше повлечена од дневниот ред на Комисијата.

Комисија за јавни и комунални дејности – На дневен ред беа предложени 9 Предлог Одлуки и сите беа усвоени.

Статутарно Правна комисија – На дневен ред беше поставена само една точка, која не се усвои, а беше усвоен 1(еден) Заклучок.

Комисија за урбанизам – На дневен ред беа предложени 32 точки. Беа усвоени 31 (триесет и една) Предлог Одлука, а една точка беше повлечена од дневниот ред.

Комисија за финансии и буџет- На дневен ред беа предложени 9(девет) Предлог Одлуки и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Триесет и седма седница се одржа на ден 13.03.2015 година. За работата на оваа седница беа предложени 54 (педесет и четири) точки на дневен ред. Беше повлечена 1 (една) точка. Советот усвои 53 (педесет и три) Одлуки**.

Комисија за млади и спорт – На дневен ред беа предложени 3 точки. Комисијата не усвои ниту една Предлог Одлука.

Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените – На дневен ред беа предложени 2(две) точки. Комисијата ги усвои двете точки, а беше усвоен и 1(еден) Заклучок.

Комисија за заштита на животна средина – На дневен ред беа предложени 10 (десет) точки, а една точка беше повлечена. Комисијата не усвои ниту една Предлог Одлука.

Комисија за јавни и комунални дејности – На дневен ред беа предложени 22 (дваесет и две) точки. Членовите на Комисијата усвоија 20 (дваесет) Предлог Одлуки, а 2 (две) Предлог Одлуки не беа усвоени.

Комисија за туризам и локален економски развој- На дневен ред за оваа комисија беа предложени 2 (две) точки, но седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

Комисија за општествени дејности – На дневен ред беа предложени 22 (дваесет и две) точки. Членовите на Комисијата усвоија 4 (четири) Предлог Одлуки, а 1 (една) Предлог Одлука не се усвои. Комисијата не расправаше за 15 Предлог Одлуки, бидејќи немаше овластен претставник.

Комисија за урбанизам - На дневен ред беа предложени 7 (седум) точки, а една точка беше повлечена. Членовите на Комисијата усвоија 1 (една) Предлог Одлука, а 6 (пет) Предлог Одлуки не беа усвоени.

Комисија за финансии и буџет – На дневен ред беа предложени 48 (четириесет и осум) точки. Членовите на Комисијата усвоија 44(четириесет и четири) Предлог Одлуки. Комисијата не расправаше за 4 (четири) Предлог Одлуки, бидејќи немаше овластен претставник.

**Триесет и осма седница се одржа на ден 27.03.2014 година. За работата на оваа седница беа предложени 46 (четириесет и шест) точки на дневен ред, од кои 44 (четириесет и четири) Предлог Одлуки и 2 (две) Информации. Советот усвои 44 (четириесет и четири) Одлуки и 2 (две) Информации**.

Комисија за заштита на животната средина – Беа предложени 40 (четириесет) точки на дневен ред, од кои 2 (две) Информации и 38 (триесет и осма) Предлог Одлуки. Членовите на Комисијата усвоија 37 (триесет и седум) Предлог Одлуки, а 1 (една) Предлог Одлука не беше усвоена. Комисијата не зазеде став во однос на 2 (две) Информации.

Комисија за јавни и комунални дејности- Беа предложени три точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

Комисија за урбанизам – Беа предложени 40 (четириесет) точки на дневен ред, од кои 38 (триесет и осум) Предлог Одлуки и 2 (две) Информации. Членовите на Комисијата усвоија 38 (триесет и осум) Предлог Одлуки, и 1 (една) Информација). Комисијата не усвои 1 (една) Информација.

Комисија за општествени дејности- Беше предложена една точка на дневен ред и истата беше усвоена од членовите на Комисијата.

Комисија за финансии и буџет – Беа предложени 4(четири) точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ**

**Триесет и деветтата седница се одржа на ден 29.04.2015 година, но беше прекината и се презакажа за ден 12.05.2015 година. На дневен ред беа предложени 45 (четириесет и пет) точки, од кои 44 (четириесет и четири) Предлог Одлуки и 1 (една) Иницијатива. Советот усвои 43 (четириесет и три) Одлуки, а 1 (една) Предлог Одлука и 1 (една) Иницијатива не беа усвоени**.

Комисија за заштита на животна средина – Беа предложени 33 точки на дневен ред, од кои 32 (триесет и две) Предлог Одлуки и 1(една) Иницијатвва. Членовите на Комисијата усвоија 28 (дваесет и осум) Предлог Одлуки, а 4 (четири) Предлог Одлуки и 1 (една) Иницијатива не беа усвоени.

Комисија за јавни и комунални дејности – Беа предложени 12 точки на дневен ред, од кои беше усвоена само 1 (една) Предлог Одлука, а за 11 (единаесет) Предлог Одлуки комисијата не расправаше бидејќи немаше претставници.

Комисија за општествени дејности – Беше предложена една точка на дневен ред и истата беше усвоена од членовите на Комисијата.

Комисија за туризам и локален економски развој – На дневен ред беа предложени 2 (две) Предлог Одлуки и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

Комисија за урбанизам – Беа предложени 28 точки на дневен ред од кои 27 Предлог Одлуки и 1 (една) Иницијатива.Членовите на Комисијата усвоија 27 Предлог Одлуки, а 1 (една) Иницијатива не беше усвоена.

Комисија за финансии и буџет – Беа предложени 16 точки на дневен ред, но седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Четириесетта седница се одржа на ден 12.05.2015 година. Беа предложени 16 (шеснаесет) точки на дневен ред. Советот усвои 15 (петнаесет) Одлуки, 1 (една) Информација и 2 (два) Амандмани**.

Комисија за верификација, избори и именување- На дневен ред беа предложени 2 точки.Членовите на Комисијата усвоија 1 (една) Предлог Одлука.

Комисија за заштита на животна средина – Беа предложени 4 точки на дневен ред, но седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

Комисија за јавни и комунални дејности – Беа предложени 8 точки на дневен ред, од кои 1 (една) Информација и 7 (седум) Предлог Одлуки. Членовите на Комисијата ги усвоија сите точки на дневен ред.

Комисија за туризам и локален економски развој – Беше предложена една точка на дневен ред и истата беше усвоена од членовите на Комисијата.

Комисија за финансии и буџет – Беа предложени 13 точки на дневен ред, од кои 1(една) Информација и 12 (дванаесет) Предлог Одлуки. Членовите на Комисијата ги усвоија сите точки на дневен ред.

Комисија за урбанизам – Беше предложена една точка на дневен ред и истата беше усвоена од членовите на Комисијата.

Комисија за млади и спорт – Беше предложена една точка на дневен ред и истата не беше усвоена од членовите на Комисијата.

**Четириесет и првата седница се одржа на ден 11.06.2015 година. За работата на оваа седница беа предложени 49 (четириесет и девет) точки на дневен ред. На седницата беа усвоени сите 49 (четириесет и девет) Одлуки**.

Пред гласањето за 10-тата точка од дневниот ред - Предлог Одлука за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, советниците на СДСМ – Јован Стојаноски, Жаклина Лазаревска, Оливија Пирузева Јанева и Виолета Мицкоска, советничката на НСДП – Верица Хајба и советникот на ЛДП Дејан Блажески, ја напуштија седницата на Советот.

Комисија за јавни и комунални дејности – Беа предложени 9 точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

Комисија за заштита на животна средина – Беа предложени 39 точки на дневен ред. Членовите на комисијата ги усвоија сите 39 (триесет и девет) Предлог Одлуки.

Комисија за туризам и локален економски развој – Беше предложена една точка на дневен ред, но седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

Комисија за урбанизам – Беа предложени 40 точки на дневен ред. Членовите на комисијата ги усвоија сите 40 (четириесет) Предлог Одлуки.

Комисија за финансии и буџет – Беа предложени две точки на дневен ред и двете беа усвоена од членовите на Комисијата.

**ТРЕТО ТРОМЕСЕЧИЕ**

**Четириесет и втората седница се одржа на ден 08.07.2015 година. Дневниот ред беше предложен со 1 (една) точка која се однесуваше на Советнички прашања.**

**Четириесет и третата седница се одржа на ден 26.08.2014 година. За работа на оваа седница беше предложен дневен ред со 71 (седумдесет и една) точка. Дневниот ред беше дополнет со уште 5 (пет) точки. Советот усвои 74 (седумдесет и четири) Одлуки, а 2 (две) Предлог Одлуки не беа усвоени.**

Комисија за заштита на животна средина – Беа предложени 19 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 18 (осумнаесет) Предлог Одлуки, а 1 (една) Предлог Одлука не беше усвоена.

Комисија за јавни и комунални дејности – Беа предложени 31 точка на дневен ред. Комисијата усвои 30 (триесет) Предлог Одлуки, а 1 (една) Предлог Одлука не се разгледуваше.

Комисија за млади и спорт - Беше предложен дневен ред од 4 точки, но седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

Комисија за општествени дејности – Беа предложени 14 точки на дневен ред, од кои 13 (тринаесет) беа Предлог Одлуки, и 1 (една) Информација. Дневниот ред беше дополнет со уште 5 (пет) Предлог Одлуки. Комисијата усвои 17 (седумнаесет) Предлог Одлуки и 1(една) Информација, а 2 (две) Предлог Одлуки не беа усвоени.

Комисија за туризам и локален економски развој - Беше предложен дневен ред од 4 точки, но седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

Комисија за урбанизам - Беа предложени 14 точки на дневен ред, од кои 13(тринаесет) беа Предлог Одлуки, и 1(една) Информација. Комисијата усвои 10(десет) Предлог Одлуки и 1(една) Информација, а 3(три) Предлог Одлуки не беа усвоени.

Комисија за верификација, избори и именување – Беше предложена 1(една) Предлог Одлука на дневен ред и истата беше усвоена.

Комисија за финансии и буџет- Беше предложен дневен ред од 47 точки, од кои 46 (четириесет и шест) Предлог Одлуки и 1 (една) Информација.Комисијата усвои 43 (четириесет и три) Предлог Одлуки и 1(една) Информација, а три точки не се разгледуваа бидејќи немаше претставници по материјалите.

Статутарно правна комисија - Беше предложен дневен ред од една точка, но седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум

**Четириесет и четвртата седница се одржа на ден 23.09.2015 година. Дневниот ред беше предложен со 64 (шеесет и четири) точки, од кои 63 (шеесет и три) Предлог Одлуки и 1(една) Информација. Дневниот ред беше дополнет со уште 1 (една) точка. Советот усвои 64 (шеесет и четири) Одлуки и 1 (една) Информација.**

Комисија за заштита на животна средина – Беа предложени 30 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 30(триесет) Предлог Одлуки,

Комисија за верификација, избори и именување – Беше предложена 1(една) Предлог Одлука на дневен ред и истата беше усвоена

Статутарно правна комисија - Беше предложен дневен ред од 3 три точки кои беа усвоени од членовите на Комисијата.

Комисија за јавни и комунални дејности – Беа предложени 3 точка на дневен ред. Комисијата усвои 2(две) Предлог Одлуки и 1 (една) Информација, а 1(една) Предлог Одлука не се разгледуваше.

Комисија за општествени дејности- Беше предложен дневен ред од 31 (триесет и една) точка. Комисијата усвои 30(триесет) Предлог Одлуки, а 1(една) Предлог Одлука не се разгледуваше бидејќи немаше претставник.

Комисија за урбанизам - Беше предложен дневен ред од 30(триесет) Предлог Одлуки. Членовите на Комисијата ги усвоија сите точки од дневниот ред.

Комисија за финансии и буџет – Беше предложен дневен ред од 15 точки. Дневниот ред беше дополнет со 1(една) Предлог Одлука. Членовите на Комисијата усвоија 16 (шеснаесет) Предлог Одлуки.

**ЧЕТВРТО ТРОМЕСЕЧИЕ**

**Четириесет и петтата седница се одржа на ден 14.10.2015 година. Дневниот ред беше предложен со 30 (триесет) точки. Советот усвои 30 (триесет) Одлуки.**

Комисија за заштита на животна средина - Беше предложен дневен ред од 28 (дваесет и осум) Предлог Одлуки, но седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

Комисија за јавни и комунални дејности - Беше предложен дневен ред од 1(една) Предлог Одлука, но седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

Комисија за општествени дејности - Беше предложен дневен ред од 1(една)Предлог Одлука и истата беше усвоена од членовите на Комисијата.

Комисија за урбанизам - Беше предложен дневен ред од 27(дваесет и седум) Предлог Одлуки и истите беа усвоени.

Комисија за финансии и буџет – Беше предложен дневен ред од 2(две)Предлог Одлуки и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Четириесет и шестата седница се одржа на ден 13.11.2015 година. За работа на оваа седница беа предложени 34 (триесет и четири) точки, од кои 33 (триесет и три) Предлог Одлуки и 1 (едно) Предлог Решение). Од дневниот ред беше повлечена 1 (една) Предлог Одлука. Советот усвои вкупно 32 (триесет и две) Одлуки и 1 (едно) Решение.**

Комисија за заштита на животна средина – Беа предложени 5 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата не усвоија ниту една од предложените Предлог Одлуки.

Комисија за јавни и комунални дејности – Беа предложени 19 точка на дневен ред. Комисијата усвои 4(четири) Предлог Одлуки, 13 (тринаесет)Предлог Одлуки не беа усвоени, а 2 (две) Предлог Одлуки не се разгледуваа бидејќи немаше претставници по материјалот.

Комисија за млади и спорт - Беше предложен дневен ред од 2 точки, но седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

Комисија за општествени дејности – Беше предложен дневен ред од 4 точки и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

Комисија за туризам и локален економски развој - Беше предложен дневен ред од 3(три) Предлог Одлуки и истите беа усвоени од членовите на Комисијата

Комисија за урбанизам - Беше предложен дневен ред од 2 точки и истите беа усвоени од членовите на Комисијата

Комисија за верификација, избори и именување – Беше предложен дневен ред со 1(едно) Предлог Решение, но седница на Комисијата не се одржа.

Комисија за финансии и буџет- Беше предложен дневен ред од 30 точки, Комисијата усвои 26(дваесет и шест) Предлог Одлуки, 1 (една) Предлог Одлука не се усвои, а 3(три) Предлог Одлуки не се разгледуваа бидејќи немаше претставник по материјалите.

Статутарно правна комисија - Беше предложен дневен ред од една точка, а истата беше усвоена од членовите на Комисијата.

**Четириесет и седмата седница се одржа на ден 20.11.2015 година. Дневниот ред беше предложен со 1 (една) точка која се однесуваше на Советнички прашања**

**Четириесет и осмата седница се одржа на ден 03.12.2015 година. За работа на седницата беше предложен дневен ред со 5 (пет) точки и истиот беше дополнет со уште 22 (дваесет и две) точка. На седницата беа усвоени 27 (дваесет и седум) Одлуки.**

Комисија за заштита на животна средина – Беа предложени 2 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 1(една) Предлог Одлука.

Комисија за јавни и комунални дејности – Беа предложени 5 точка на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со уште 1 (една) Предлог Одлуки. Членовите на Комисијата ги усвоија петте предложени Предлог Одлуки.

Комисија за млади и спорт - Беше предложен дневен ред од 1 точка и истата беше усвоена од членовите на Комисијата.

Комисија за општествени дејности – Беше предложен дневен ред од 1(една) точка и истата беше усвоена од членовите на Комисијата..

Комисија за туризам и локален економски развој - Беше предложен дневен ред од 1 точка и истата беше усвоена од членовите на Комисијата.

Комисија за урбанизам - Беше предложен дневен ред од 2 точки и истите беа усвоени од членовите на Комисијата

Комисија за финансии и буџет- Беше предложен дневен ред од 3 (три) Предлог Одлуки и истите беа усвоени од Комисијата.

**Четириесет и деветта седница се одржа на ден 25.12.2015 година. За работа на седницата беше предложен дневен ред со 34 (триесет и четири) точки. На седницата беа усвоени 33 (триесет и три) Одлуки и 1 (еден) Буџет.**

Комисија за млади и спорт – Беше предложен дневен ред од 3 точки. Беше усвоена 1 (една) Предлог Одлука.Членовите на Комисијата не расправаа за 1(една) Предлог Одлука за која немаше претставник, а една Предлог Одлука не беше усвоена.

Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените – На дневен ред беа предложени 2(две) точки кои беа усвоени од членовите на Комисијата.

Комисија за заштита на животна средина – На дневен ред беа предложени 7(седум) точки. Комисијата усвои 4(четири) Предлог Одлуки, додека 3(три) Предлог Одлуки не беа усвоени.

Комисија за јавни и комунални дејности – На дневен ред беа предложени 20 (дваесет) точки. Членовите на Комисијата усвоија 17 Предлог Одлуки, додека 1(една) Предлог Одлука не се усвои, а за 2 (две) Предлог Одлуки не расправаа бидејќи немаше претставник по материјалот.

Комисија за туризам и локален економски развој- На дневен ред за оваа комисија беа предложени 3(три) точки и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

Комисија за општествени дејности – На дневен ред беа предложени 4 (четири) точки. Членовите на Комисијата усвоија 4 (четири) Предлог Одлуки од дневниот ред.

Комисија за урбанизам- На дневен ред беа предложени 4(четири) точки, и истите беа усвоени од Комисијата.

Комисија за финансии и буџет – На дневен ред беа предложени 32 (триесет и две) точки. Членовите на Комисијата усвоија 32 (триесет и две) Предлог Одлуки.

Комисија за празници и манифестации и доделување награди и признанија - Беа предложени 2 (две) точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

Советот на општина Охрид во 2015 година одржа 15 редовни седници. За работа на сите седници беа предложени вкупно 573 точки. Дополнување на дневниот ред е извршено со вкупно 28 точки на 3 седници, додека повлечени се 3 точки на 3 седници. Советот во 2015 година усвои вкупно 575 Одлуки, 1 Решение, 4 Информации, 2 Амандмани и 1 Буџет.

Советот не усвои 12 Предлог Одлуки и 2 Предлог Иницијативи.

И З В Е Ш Т А Ј
За реализираните расходи од Буџетот на Општина Охрид,
програма А0-Совет на Општина Охрид за 2015 година

Советот на Општина Охрид како орган на локалната самоуправа изработува посебна програма врз основа на која во рамките на Буџетот на општината му се одобруваат средства за наменско трошење. Во 2015 година во Буџетот на Општина Охрид, за програмата А0 - Совет на Општина Охрид беа одобрени средства во висина од 17.050.000,00 денари од кои до крајот на буџетската година беа реализирани 15.104.371,00 денар. Износот на реализираните расходи е распределен по потставки во зависност од утврдената намена.

Од вкупно реализираните расходи, за плати и надоместоци за советници исплатени се 4.887.935,00 денари, додека пак за патувања во земјата и странство направени се трошоци во износ од 46.200,00 денари.

Општина Охрид, преку Советот како нејзин орган, имајќи морална, општествена и социјална одговорност спрема своите граѓани, на дел од жителите со загрозена социјална и финансиска состојба им пружа финансиска помош преку субвенционирање на дел од нивните јавни комунални трошоци преку јавен повик и постапка за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги и по овој основ во 2015 година исплатени се 2.300.000,00 денари кон јавните комунални претпријатија.

Делувајќи одговорно, Општина Охрид од оваа програма има исплатено средства кон физички и правни лица, како помош за настанати штети од пожари, поточно, од постојаната резерва исплатени се вкупно 685.718,00 денари. Исто така исплатениот износ од 922.000,00 денари од тековна резерва, се однесува на средства исплатени кон физички и правни лица за настанати штети од пожари, по заклучоци и одлуки донесени во тековната 2015 година.

Постапувајќи во истата насока на поддржување и помагање на граѓаните и институциите на Охрид, од програмата на Советот на Општина Охрид, трансферирани се средства до бројни здруженија на граѓани и фондации, во висина од 1.598.822,00 денари, до хуманитарни организации во висина од 235.500,00 денари, а имајќи ја истата цел, согласно јавниот повик и постапката за учество во финансирање на проекти и програми, извршени се и други трансфери од истоименото конто во висина од 2.862.032,00 денари.

Како посебна категорија на која Општина Охрид ѝ посветува особено внимание, издвоени се учениците и студентите на кои општината им доделува стипендии со што, ценејќи го и поддржувајќи го нивниот труд и талент, младите уште повеќе се поттикнати да учат и достигнуваат врвни успеси и резултати. Опфаќајќи дел од доделените средства за учебната 2014-2015 година од одобрените средства со Буџетот за 2015 за стипендии исплатени се 352.500,00 денари.

Заради остварување на своите цели, афирмација и промовирање на општината, истата членува во повеќе меѓународни и домашни организации, за што се наметнува обврската од плаќање членарини кон тие организации, па така по овој основ во 2015 година исплатени се вкупно 864.744,00 денари, од овој износ 81,6% се исплатени кон домашни, а 18,4% кон меѓународни организации.За ефикасно извршување на работните задачи за Советот на Општина Охрид во 2015 година реализирани се трошоци по основ услуги за копирање, печатење и издавање во износ од 76.699,00 денари и трошоци по основ купување на информатичка и видео опрема во износ од 272.221,00 денари.

Со сето горенаведено Советот на Општина Охрид има извршено 3,4% од вкупно извршените трошоци од буџетот на Општина Охрид.

**Број 08-3698/25-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ И ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ГОДИШНИОТ ПОПИС ЗА 2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на годишниот Извештај и завршната сметка на Буџетот на единицата на локална самоуправа општина Охрид за 2015 година и Извештајот за годишниот попис за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/26** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ И ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ГОДИШНИОТ ПОПИС ЗА 2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај и Завршната сметка на Буџетот на единицата на локална самоуправа општина Охрид за 2015 година и Извештајот за извршениот годишен попис во општина Охрид со состојба на 31.12.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/26** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 34, точка 2, став 3 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Советот на Општина Охрид на ден 14.03.2016 година го донесе следниот:

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

За реализираните приходи и извршените трошоци
на Буџетот на Општина Охрид за 2015 год.

## *1. БУЏЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД*

По истекот на буџетската односно фискалната година, како збир на сите активности на локалната самоуправа, за сите завршени односно реализирани проекти стручната служба подготвува завршна сметка по што градоначалникот истата ја поднесува на разгледување и усвојување од страна на Советот на општината. Завршната сметка на буџетите се донесува согласно позитивните законски прописи. Формата и содржината на завршните сметки се дадени, односно пропишани од страна на Министерството за финансии. Завршната сметка во својата форма ги содржи истите податоци како и оние кои ги содржи буџетот, само што завршната сметка дава слика и за реализација како на приходната страна, така и на расходната страна. Во процедурата на донесување на годишната сметка, градоначалникот ја доставува до Советот најдоцна до 28 февруари, а Советот ја донесува завршната сметка (за претходната година) најдоцна до 15 март во тековната година. По донесувањето на завршната сметка, истата во пропишана форма се доставува до Министерството за финансии најдоцна до 31 март во тековната година.

Во техничката изработка на завршната сметка, таа се состои од општ дел, кој содржи податоци за планираното ниво и оствареното ниво на буџетот по сите основи, пооделно по групи на приходи, како и остварувањето на расходите, односно го прикажува планираното ниво и реализацијата во номинални износи. Покрај овие податоци, општиот дел уште содржи и податоци за тоа дали во остварувањето на буџетот општината остварила дефицит или суфицит, прикажано како разлика меѓу приходите и расходите.

Вториот дел, посебниот дел од завршната сметка ги прикажува планираните приходи и други приливи по видови и групи, кои се искажуваат во билансот на приходи односно расходи на завршната сметка на буџетот на општината, каде што табеларно се прикажуваат сите планирани и остварени приходи по ставки односно потставки и соодветно на нив планираните и реализираните расходи. Билансот на приходите односно расходите во завршната сметка, исто како и буџетот, содржи пооделни податоци за остварувањата во основниот буџет, буџетот на самофинансирачките активности, дотациите, донациите и остварувањата на буџетот во делот наменет за прикажување на задолжувањата, односно кредитите доколку тие постоеле во таа буџетска година. Пооделните салда кои се јавуваат како непотрошени средства на крајот на годината како разлика помеѓу приходите и расходите, се пренесуваат во буџетот на општината за наредната година како непотрошени средства и тие треба детално да се испланираат во наредниот буџет.

Во процесот на донесување на завршната сметка, Советот на општината ја усвојува и истата е составен дел од годишниот извештај, кој покрај неа содржи и:

- извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата со нивните вредности, односно попис;
- извештај за реализацијата на инвестиционите програми, како и извршувањето во делот на наменските, блок дотациите, капиталните дотации како и делегираните надлежности;
- извештај од одговорниот сметководител за потврда на точноста и веродостојноста на годишната сметка.

Квалитетот во извршувањето на задачите и обврските на ЕЛС во поглед на решавање на проблемите и барањата на граѓаните, неминовно побарува квалитетен и ефикасен процес на буџетирање, односно распределба на расположивите капацитети за реализација на активностите кои се во надлежност на општината. Буџетот како еден од најважните документи во работењето на локалната, во кој се врши годишна проценка на приходите и расходите по намени и активности бара што пореално согледување и утврдување на вкупните годишни приходи и расходи, притоа да се има во предвид фискалниот капацитет на општината. Општина Охрид имајќи ги во предвид своите стратешки определби и потреби на сите засегнати страни од процесот на буџетирање, во процедура пропишана со закон за донесување на буџетот и

напатствијата од Министерството за финансии на ден 30.12.2014 година го донесе Буџетот на општината за 2015 година како единствен развоен документ. Овај процес беше спроведен согласно законските прописи со користење на стандардни процедури и вклученост на граѓани, здруженија, буџетски корисници и други засегнати страни од процесот на буџетирање во локалната самоуправа. Во согласност со насоките на буџетскиот циркулар и направените анализи, Буџетот на Општина Охрид за 2015 година беше проектиран на износ од **913.900.000,оо денари**. Вака проектираниот буџет во овој обем и форма се реализираше до 12.05.2015 година кога на седница на Совет беше донесена Одлука за изменување и дополнување на буџетот на општината бр.08-6405/15 од за 2015 година при што нивото на буџетот се зголеми и истиот беше проектиран на износ од **958.000.000,оо денари**. Ваквото зголемување во најголема мерка се однесуваше во зголемување на приходите од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, а се однесуваше за локациите кои беа продадени за изградба на автобуска станица, изградба на старечки дом и продажба на градежно земјиште сопственост на РМ во областа Канео. Вака утврдениот буџет на Општина Охрид се реализираше до 26.08.2015 година кога на седница на Совет беше донесена нова Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на општината бр. 08-11715/55 со која Одлука нивото на буџетот беше утврдено на 1.024.908.000,оо денари. Ова зголемување во најголем дел се однесуваше на планираните приходи во делот на уредување на градежно земјиште. Согласно природата на овој вид приходи кои во исто време зафаќаат и значаен дел од планираниот буџет, во ниту еден момент овие приходи неможе целосно да биде предвидени и точно утврдени а имајќи ги во предвид условите кои се потребни и кои влијаат на степенот на остварување на овој вид на приходи, стручната служба со наведените измени се одлучи на ваков тип измени во буџетот на оваа приходна категорија.

Вака утврдениот буџет на Општина Охрид се реализираше до 13.11.2015 година кога на седница на Совет беше донесена уште една Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на општината бр. 08-15684/28 со која Одлука нивото на буџетот беше утврдено на 985.300.000,оо денари. Имајќи ги во предвид приходите кои се оствaруваа во периодот помеѓу двете Одлуки за измени на буџетот, степенот на остварување на вкупните приходи во буџетот на општината се спроведе оваа Одлука со цел да се изврши балансирање во рамките на законските норми помеѓу приходите и расходите во буџетската 2015 година. Доколку се погледне билансот на приходите забележително е отстапување во остварувањето на приходите од кредити, додека нивото на планираните приходи по другите основи остануваат на претходно планираното-предвидено ниво. Разликата и намалувањето кое се јавува во делот приходи од кредитирање се однесува на фактот што иако повеќето проекти кои беа планирани во буџетот за 2015 година се целосно завршени или се во фаза на реализација, имајќи ја во предвид целокупната постапка на прибирање, одобрување, книжење на потребната документација, овие изведени активности не предизвикаа финансиски импликации во буџетот за 2015 година. Средствата кои се ребалансирани со оваа Одлука повторно веќе се предвидени во буџетот за 2016 година и соодветно како што се доставува потребната документација се повлекуваат средства во транши, кои се исплаќаат на доверителите. Остварувањето на проектираните приходи по другите основи е во рамките на планираното и очекувањата за остварување на овие видови на приходи.

Структурата на ***планираниот буџет****от* на општина Охрид за 2015 година согласно донесениот буџет и измените прикажани компаративно со претходната година е даден во следната табела:

***Табела бр.1***

| **Ред. број** | **Видови на приходи** | **2014** | **2015** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Изворни приходи | 309.696.398,оо | 439.780.236 |
| **2.** | Трансфери од други нивоа на власт | 75.572.191,оо | 54.379.917 |
| **3.** | Блок-наменски дотации | 358.839.000,оо | 367.196.402 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4.** | Приходи од самофинансирачки активности | 22.701.000,оо | 20.835.000 |
| **5.** | Приходи по основ донации од странство | 2.251.411,оо | 15.662.721 |
| **6.** | Приходи по основ кредити | / | 87.445.724 |

## *2. РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТОТ*

### 2.1 Приходи на Општината

Анализирајќи го приходниот дел на буџетот во изминатите години, во периодот од започнување на процесот на децентрализација до денес, се добиваат податоци кои недвосмислено покажуваат нагорен тренд во остварувањето на буџетот но и една променливост односно непостојаност во остварувањето на разни групи на приходи по години. Зголемувањето на нивото на остварување на приходите аналогно предизвикува и соодветно зголемување на капиталните инвестиции и реализација на инвестиционите програми. Подобрувањето во процесот на прибирање на вкупните приходи, подобрувањето на наплатата на одредедни групи на приходи итоа како би поттикнало обезбедување на повеќегодишна финансиска стабилност на општината, стабилен развој и квалитетно извршување на зацртаните програми и активности во насока на задоволување на потребите на граѓаните. Зголемувањето на нивото на прибирање на приходите ќе обезбеди значително подобрување на квалитетот на животот на граѓаните од комунален аспект, зацврстување на развојните компоненти на општината и транспарентно решавање на настанатите проблеми. Имајќи го во предвид погоре споменатото неминовно се наметнува воспоставување на политики на ефикасно и перманентно зголемување на оние групи на приходи кај кои остварувањето не е на задоволително ниво и задржување на континуитет на нивото на остварување на оние групи на приходи кај кои истото е на задоволително рамниште а сето тоа да биде проследено со рационално трошење на истите. Ваквите заложби во иднина треба да бидат водилка за натамошниот развој на општините, што од своја страна несомнено ќе овозможи развојна компонента на општината и реализација на зацртаните и усвоени долгорочни програми.

Извршувањето на приходите во буџетот на Општина Охрид за 2015 година изнесува **881.460.362,оо** денари од проектираните **985.300.000,оо**.

Според изворите на приходи, структурата на ***остварување на буџетот*** е дадена во следната табела:

***Табела бр.2***

| **Реден број** | **Видови на приходи** | **2015 Планирано** | **2015 Остварено** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Изворни приходи | 439.780.236,оо | 397.036.008 |
| **2.** | Трансфери од други нивоа на власт | 54.379.917,оо | 63.631.798 |
| **3.** | Блок-наменски дотации | 367.196.402,оо | 366.735.039 |
| **4.** | Приходи од самофинансирачки активности | 20.835.000,оо | 17.764.641 |
| **5.** | Приходи по основ донации од странство | 15.662.721,оо | 14.876.264 |
| **6.** | Приходи по основ кредити | 87.445.724 | 21.416.612 |

Во табела 2, точка 2, трансфери од други нивоа на власт во износот на остварувањето за 2015 година влегува и делот пренесен вишок-непотрошени средства, средства кои се пренесени од претходната буџетска година. Од податоците дадени во посебниот дел во делот приходи од завршната сметка која е составен дел од овој извештај, може да се заклучи дека приходите проектирани на ова ниво во голема мера се остваруваат, односно дека Општината во значителен процент ги реализирала зацртаните приходи, со 93,22 % во основниот буџет, приходи кои општината ги остварува во своето работење кои согласно закон има право и обврска да ги

прибира. Доколку пак се анализира вкупното остварување на буџетот по сите основи и по сите категории и групи на приходи, остварувањето изнесува 89,46 %, што исто така укажува дека буџетот се остварува на едно високо ниво но исто така укажува и на можноста за дополнителен акгажман на раководните структури и целокупната администрација како во општината така и во работењето на буџетските корисници, со цел пореално планирање на приходите и ангажирање и подобрување на степенот на наплата на приходите. Во делот на приходите, како во изворните приходи така и по другите категории и групи на приходи воопшто, секогаш постои дополнителен простор за зголемена активност на менаџментот со цел подобрување на остварувањето на приходите а со тоа и можностите за поцелосна реализација на зацртаните активности и програми.

Во посебниот дел во буџетот на општина Охрид за 2015 година, може да се види структуралната распределба на остварување на приходите според единствениот план на класификација на приходите утврден за начинот на евидентирање во буџетските органи и другите буџетски корисници на Р. Македонија.

***Споредбено*** остварувањето на буџетот во 2015 и 2014 година е даден во следната табела:

***Табела бр.3***

| **Реден број** | **Видови на приходи** | **2014 Остварено** | **2015 Остварено** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Изворни приходи | 286.997,171,оо | 397.036.008,оо |
| **2.** | Трансфери од други нивоа на власт | 76.107.702,оо | 63.631.798,оо |
| **3.** | Блок-наменски дотации | 359.791.266,оо | 366.735.039,оо |
| **4.** | Приходи од самофинансирачки активности | 21.445.256,оо | 17.764.641,оо |
| **5.** | Приходи по основ донации од странство | 1.636.411,оо | 14.876.264,оо |
| **6.** | Приходи по основ кредити | / | 21.416.612,оо |

Гледано на ниво на вкупен буџет, вкупните реализирани приходи во 2015 година се за 135.482.556,оо денари повеќе во однос на вкупно реализираните приходи во 2014 година, додека доколку се има предвид остварувањето само на изворните приходи, истото е поголемо за 97.562.933,оо денари во 2015 година споредбено со 2014 година. Особено и воочливо е ова отстапување кај изворните приходи а посебно во делот од даночните приходи.

**2.2 Расходи на општината**

Од реалноста и прецизноста во планирањето на приходите во голема мерка зависи и можноста за реално утврдување на активностите и планирање на расходите за остварување на активностите предвидени во развојните програми. Без квалитетно изработена фискална стратегија, реално испланиран и креиран буџет, многу тешко би било и остварувањето на целите и проектите зацртани во годишните и развојните програми односно реално планирање на активности во овие програми. Она на што посебно треба да се обрати внимание во текот на реализација на зацртаните цели и програми е акцентирање на економското оптимизирање на расходите, со цел овозможување на непречено функционирање на службите во локалната самоуправа, советот, навремена исплата на обврските по сите основи, кон вработените, сервисирање на утужените побарувања, сервисирање на старите долгови и сл. Сите овие споменати активности повлекуваат одредени средства и колку овие средства се поголеми толку во поголема мера ќе влијаат врз намалување на средствата предвидени за инвестиции односно раст и развој на локалната заедница, поради што и укажуваме на потребата за оптимизирање на ваквиот вид на трошоци. Остварениот износ на приходи на буџетот на општина Охрид за 2015

година, претставува основ за степенот на реализирање на програмите за работа и измирување на трошоците согласно усвоените програми од страна на општинскиот совет.

Во посебниот дел на буџетот на општина Охрид за 2015 година искажани се трошоците по носители и корисници. Билансот на трошоците на буџетот на општина Охрид за 2015 година е во рамките на одобрениот буџет и истиот од 01.01 до 31.12.2015 година изнесува 851.671.661,оо денари или 86,44 %, (729.537.572 во 2014 или 94.86%).

Разликата од 29.788.701,оо денари помеѓу остварените приходи и реализираните трошоци во периодот од 01.01 до 31.12.2015 година на вкупно ниво по сите основи, претставува вишок на приходи кои како непотрошени средства во тековната година се пренесуваат и распоредуваат во буџетот за наредната 2016 година, соодветно по намени и категории.

Податоците кои се однесуваат за остварувањата на буџетот во делот самофинансирачки активности како и наменските дотации за образование и детска заштита, поединечно се дадени во извештаите од наведените правни субјекти кои се предмет на разгледување и усвојување од страна на Советот на Општина Охрид.

***2.3 Обврски кон добавувачите***

За обврските кои ги има општина Охрид, за нивната висина и потекло се дискутирало повеќе пати но она што треба да се спомене во овој извештај е фактот дека за прв пат во изминатиот период беа превземени чекори и мерки за намалување на истиот и започнување на еден избалансиран пристап во однос на решавање на наталожените, затекнати обврски и долгови. Ваквиот пристап во голема мерка ќе овозможи поцелосно и оптимално планирање на сите активности на локалната самоуправа како во делот на буџетирањето така и во планираните активности по програми со цел реализирање на нови проекти од значење за граѓаните на општина Охрид. И покрај активната политика и мерки кои беа превземени во изминатиот период, високиот степен на задолженост од една страна и секојдневните растечки потреби на граѓаните на општина Охрид, допринесуваат општината и покрај активните мерки и политика, сеуште да има големи проблеми во своето делување и сервисирање на обврските кон добавувачите. Во минатото, општина Охрид во неколку наврати согласно законските прописи се обиде дел од постојните обврски да ги реши со кредитно задолжување, но истото не беше одобрено од Министерството за финансии поради неисполнување на потребните критериуми од страна на општината. Имајќи ја во предвид ваквата ситуација и тогаш и денес во решавањето на овие проблеми општината се потпира единствено на своите приходи односно тековни средства, што од своја страна повлекува неможност за решавање на тековните проблеми и потреби на граѓаните од проста причина што општината не располага со неограничени можности и фискален капацитет. И покрај сите проблеми, општината и натаму води активна политика, склучува спогодби за подмирување на долговите на рати, преговара со доверителите и во исто време активно во рамките на своите можности ги решава тековните проблеми и потреби на граѓаните на општина Охрид.

Висината на обврските претставува значителна пречка за нормално функционирање на општината, истото континурано предизвикува проблеми како во планирањето на буџетот така и реализација на усвоените програми за работа. Во изминатиот период за утврдување на вкупните обврски кон добавувачите од страна на менаџментот на општината беше изготвен план за реализација на оваа активност и во целост беше утврден вкупниот долг на општината за кој беше поднесен и извештај до Советот на општината кој го содржи вкупниот долг по сите основи, структурално разработен по доверители за изведени работи, доверители за експропијација, каматни побарувања, судски процесни трошоци, спогодбени побарувања и побарувања од физички лица. Обврските кои настануваат после овој извештај тековно на дневна основа се евидентираат и ажурираат во стручната служба при општина Охрид.

Во однос на функционирањето на општината како во изминатиот период така и сега општината работи во услови на блокирана сметка со утврден лимит од основниот суд Охрид со одобрени средства во висина непоходна за извршување на основните функции.

Обврските на општината и во идниот период, се до нивно целосно расчистување ќе го имаат главниот збор во креирањето на политиките на општината, во креирањето на фискалната стратегија и буџетите, во планирањето на стратешките цели и активности, во креирањето и планирањето на буџетите на општината. Ваквата ситуација како досега така и во периодот кој следи налага целосно ангажирање на сите капацитети, максимален ангажман на менаџментот на општината како и висок приоритет во агендата на активности на општината во натамошниот период со цел што поскоро општината да излезе од ситуацијата во која моментално се наоѓа и е голема пречка пред се за економски раст и развој на општината.

### *2.4 Побарувања*

Покрај обврските кои Општина Охрид ги има кон одредени доверители има и побарувања кои произлегуваат од надлежностите кои ги има и за кои согласно позитивните законски прописи општината има обврска да ги прибира и да води грижа за наплата на истите. За оваа цел општината преку надлежните служби и ангажираните правни застапници, редовно ги следи овие побарувања врши пратење на нивното доспевање и превзема дејствија за судска наплата на истите. Од страна на стручната служба за сите оние побарувања кои доспеваат без разлика на нивниот основ и висина како од правни така и од физички лица навремено се дава предлог за утужување до правната служба или правните застапници и сите вакви предмети се навремено процесуирани од страна на стручната служба пред надлежните органи. Бидејќи ваквиот процес се одвива секојдневно односно се работи за континуиран процес каде дел од предметите веќе се завршени, дел се во постапка, а дел започнуваат, во моментов општината не располага со точен податок за висината на износот кој би се добил по овој основ односно од наплата по утужените предмети. Вкупните евидентирани побарувања по сите основи се прикажани и опфатени со пописот за 2015 година.

Крајниот момент и ефект со завршувањето на фискалната година и изготвувањето на годишниот извештај - завршна сметка на општината е поднесувањето на отчет пред Советот и граѓаните на општината за сработеното во претходната буџетска година, како од финансиски аспект, така и од аспект на исполнување на програмите и целите зацртани во буџетот.

Транспарентноста во работењето, трендот на отворање на буџетот и процесот на буџетирање кон јавноста е се` поголем, како во глобални рамки, така и во Македонија. Ваквиот тренд значи целокупното работење на општината вклучително и буџетското работење да бидат навремено и целосно достапни за јавноста, со цел запазување на претходно споменатите принципи а во насока на чесно и одговорно работење на локалната самоуправа. Да се инсистира на транспаренстност во работењето на општините, подразбира администрацијата да биде отворена во своето работење, да се прифаќаат нови предлози и идеи од граѓаните и да се овозможи целосен пристап до информациите од јавен карактер. Партиципацијата во ваквите процеси од страна на граѓаните гради мостови на доверба помеѓу локалните власти и граѓаните, помага во градењето на една транспарентна и одговорна локална власт, помага во подобрување на услугите кои ги добиваат граѓаните. Вклученоста на граѓаните во овие процеси треба да биде како во делот на креирањето на буџетот, предлагање, планирање на активностите, процесот на донесување на буџетот, процесите на извршување на буџетот, така и при поднесување на отчет за сработеното, односно изготвувањето на завршните сметки, се со цел запазување на процесот на транспарентност во трошењето на нивните средства, висината, намената, остварувањата.

На локално ниво транспарентноста ја поттикнува Законот за локална самоуправа, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и статутите на општините, кои даваа право, граѓаните да учествуваат во сите овие претходно споменати активности и процеси.

Основните придобивки од транспарентноста во овие процеси е секако унапредување на демократските процеси во општеството, чувството за отвореност и отчетност кое го имаат граѓаните кон локалните власти и чувството на креатори на својата судбина, која произлегува од нивната активна улога во овој процес.

Во насока на ваквата транспарентност, согласно законските прописи, општините до Министерството за финансии редовно поднесуваат квартални, полугодишни и годишни извештаи за своето работење. Буџетот на општината, кварталните, полугодишните извештаи, како и завршната сметка на буџетот се објавуваат во Службен гласник на општината кој се објавува на официјалната веб страница на општината. Три основни принципи се битни во процесот на транспарентност на буџетскиот процес, и тоа:

- достапност на информации за буџетскиот процес, дали јавноста добива навремени, сеопфатни и точни податоци ;
- вклученост на граѓаните во процесот на донесување на буџетот и во колкава мера;
- мониторинг на процесот на извршување на буџетот.

Битен момент во овој процес е тоа, дали одлуките кои што се носат за трошење на народните пари, парите од буџетот, се донесени на транспарентен начин, дали одлуките кои ги носи локалната самоуправа и ги отсликува барањата односно мислењето и потребите на граѓаните или сето тоа се прави далеку од очите на јавноста. Во овој процес, голема е улогата на граѓанскиот и невладиниот сектор во поттикнување и развој на транспарентен мониторнинг систем, кој во голема мера ќе влијае на процесот на донесување на одлуките на локалната власт и секако намалување на лошото менаџирање со јавните ресурси и буџет. Иако ваквите процеси навидум не изгледаат лесни и се чини дека се ограничувачки, сепак постојат методи и начини за воведување на ваква пракса и систем на транспарентност и отчетност, а во оваа насока во последно време силен поттик дава и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во нашата општина принципот на транспарентност се практикува на едно високо ниво на сите нивоа од работењето од започнување на процесот на буџетирање каде се користи методот на партиципативно буџетирање, процес кој буди се поголем интерес и застапеност, процес кој вклучува директна вклученост на јавноста во целокупниот процес на буџетирање од самиот почеток па до крај, односно од моментот на започнување на планирањето на буџетот, до моментот на изготвување на буџетот па реализацијата на буџетот и на крај отчетот за сработеното. Сето ова се остварува преку разни форуми, јавни трибини, средби со граѓани, процес кој континуирано се врши од самиот почеток, при што улогата на граѓаните во сите овие фази е посебно изразена и е на високо ниво со цел граѓаните да одлучуваат за своите потреби и приоритети, односно да се слушнат нивните барања и мислење. Една од најголемите улоги која ја игра транспарентноста и кон која се стреми нашата општина не само во буџетскиот процес, туку и во целокупното работење е зголемување на транспарентноста во работењето, бидејќи на тој начин се намалува корупцијата, а расте одговорноста во работењето, принципи кои порано или подоцна ќе мора да ги прифатат и спроведуваат сите, бидејќи целокупното работење, не само на локално ниво туку и на сите други јавни и државни институции се темели на работењето со парите на граѓаните.

**Број 08-3698/26-1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** — **Претседател**
**О х р и д** — **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОСТОЈБАТА ВО ОБЛАСТА НА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. - 31.12.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за периодот од 01.07. - 31.12.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/27** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 13 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОСТОЈБАТА ВО ОБЛАСТА НА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. - 31.12.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за периодот од 01.07. - 31.12.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/27** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**За состојбата во областа на јавна безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата**

**Февруари 2016год.**
**О х р и д**

**<u>ОПШТИ СОСТОЈБИ И УСЛОВИ</u>**

**Полициската станица од општа надлежност -Охрид** во изминатиот **шест месечен период** (Втората половина на 2015 година)својата законска функција ја извршуваше во согласност со позитивните законски прописи во насока на создавање и одржување поволна безбедносна состојба на подрачјето на Охрид .

Ангажманот беше насочен кон остварување на човековите права и слободи, заштитата на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, откривачката функција, спречувањето и откривањето на кривични дела и.т.н.,

заштита на јавниот ред и мир и поредокот, а целокупните активности се преземаа согласно определените и приоритетните цели во корелација со останатите организациони единици во СВР-Охрид, односно МВР на РМ.

Динамиката и појавата на нови облици и форми на криминалитетот како и појавата на нови извршители на кривични дела, туристичката сезона, зголеменото обезбедување на објекти и личности, културни манифестации и спортски натпревари беа главни индикатори во извршувањето на работите и работните задачи.

Индикатори кои влијаеа и го детерминираа извршувањето на функцијата на ПС ОН - Охрид во **втората половина на 2015 година:**

а) Моменталната безбедносна состојба во Република Македонија на политички, економски, безбедносен аспект и од аспект на севкупен општествен живот во земјата, ја детерминираат безбедносната состојба на територијата на Општина Охрид, која може да се оцени како **поволна и стабилна** и покрај тоа што негативните општествени појави и настани во нашата земја, соседните држави и регионот имаат влијание и одраз на безбедносната состојба во Општина Охрид.

Во областа на ЈРМ и безбедноста на патниот сообраќај, не се регистрирани извршувања на потешки прекршоци или вршење на прекршоци во поголем обем, а не се регистрирани ни останати недозволени асоцијални однесувања. Лицата нарушители и лица склони кон нарушување на ЈРМ не манифестираат посебни активности.

На подрачјето на Општина Охрид, присутни се вообичаен број на странци во хотелите и во приватните сместувања, а од страна на присутните странци не се регистрирани безбедносно интересни појави.

**ПС од ОН - Охрид** согласно законските одредби ја оствaруваше својата функција со максимално професионално ангажирање на своите работници и со почитување на законитоста при извршување на задачите. Во тој контекст за потенцирање е :

а)Обезбедување на **летната туристичка сезона** со оглед на зголемено присуство на домашни и странски туристи а се со цел безбеден престој на подрачјето од Охрид ;

б) ангажираноста за време на **бројните обезбедувања** при посетата на домашни и странски делегации ;

в) Обезбедување на **културна манифестација„Охридско Лето“,фолклорни фестивали ,одржани бројни концерти на подрачјето** кои ги покрива ПС ОН Охрид,**верски собири**(Петровден,Св.Еразмо,Св Наум,Св Богородица-верски собир во с.Скребатно како најмасовен),обезбедување на **спортски натпревари**(Европско првенство за кошарка за жени до 16 год),**пливачки и атлетски маратон** и др.

г) Обезбедување обезбедување на **министерски состанок „ЦЕИ**“

д) Континуирани редовни и акциски контроли во угостителски објекти во содејство со други надлежни институции, како и контрола и акциски мерки во областа на сообраќајот.

**Состојба за прекршоците и сторителите од областа на јавниот ред и мир на подрачјето на ПС од општа надлежност-Охрид за периодот од 01.07.2015 до 31.12.2015година**

Состојбата во областа на јавниот ред и мир за периодот од 01.07.2015 до 31.12.2015 година бележи зголемување на нарушувањата во однос на истиот период од минатата година, така што бележиме зголемување на бројот на регистрирани прекршоци, намалување на бројот на сторители и зголемување на бројот на барања за поведување на прекршочна постапка. Во анализираниот период на подрачјето на ПС од општа надлежност-Охрид, не е регистрирано нарушување на ЈРМ од поголем обем или со елементи на насилство.

**Регистрирани прекршоци:**

Од 01.07.2015 до 31.12.2015 година

| | |
|---|---|
| Прекршоци | 180 |
| Сторители | 233 |
| Барања | 166 |
| Основен суд | 89 |
| Комисија | 77 |

Од 01.07.2014 до 31.12.2014 година

| | |
|---|---|
| Прекршоци | 154 |
| Сторители | 239 |
| Барања | 140 |
| Основен суд | 85 |
| Комисија | 55 |

**Состојбата на застапеност на прекршоците по видови, споредбено со истиот период од минатата година е следна:**

| 01.07.2015 до 31.12.2015 година | 2015 | 2014 |
|---|---|---|
| Карање и викање (чл.4 ) | 23 | 12 |
| Фрлање или кршење на предмети (чл.5) | 02 | 08 |
| Оддавање на пијанство (чл.6) | 15 | 18 |
| Вознемирување на соседи (чл.7) | 01 | / |
| Гласна музика (чл.8) | 05 | 01 |
| Организирање борба меѓу животни (чл.9) | / | / |
| Навредување или вршење присилба спрема друг (чл.10) | 07 | 01 |
| Учество, предизвикување и поттикнување друг на тепачка (чл. 11) | 23 | 37 |
| Физички напад (чл.12) | 59 | 54 |
| Омаловажува државен орган (чл.13) | 08 | 03 |
| Постапува спротивно на наредба на државен орган или ОСЛ | 04 | 04 |

| | | |
|---|---|---|
| (чл.14) | | |
| Непостапување по наредба (чл.15) | / | / |
| Лажно пријавување (чл.16) | 04 | 02 |
| Изложување на подбив државни симболи на РМ (чл.18) | 01 | / |
| Оддавање на проституција (чл.19) | / | / |
| Уживање на наркотички дроги (чл.20) | 10 | 02 |
| Присуство на малолетни лица во угостителски објекти по 24 ч. (чл.21) | 04 | 01 |
| Лажно претставување (чл.23) | 02 | 02 |
| Питачење (чл.24) | 01 | 05 |
| Кој го ремети ЈРМ во заеднички простории (чл.26) | 03 | 01 |
| Кој без заштитни средства држи кучиња (чл.29) | 06 | 02 |
| Неовластено пукање од оружје (чл.31) | 02 | 01 |
| Неовластено приредување огномет (чл.32) | / | / |
| Не превземање мерки за одржување на ЈРМ (чл.33) | | / |

**Место на извршување на прекршокот:**

Од 01.07.2015 до 31.12.2015 година

| | |
|---|---|
| Град | 150 |
| Село | 30 |
| Улица | 97 |
| Приватен стан | 07 |
| Угостителски објект | 35 |
| Други места | 41 |

Од 01.07.2014 до 31.12.2014 година

| | |
|---|---|
| Град | 136 |
| Село | 18 |
| Улица | 86 |
| Приватен стан | 05 |
| Угостителски објект | 19 |
| Други места | 44 |

**Сторителите најчесто прекршоците ги вршат:**

| **Од 01.07. до 31.12.** | **2015 г** | **2014 г** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| Поединечно | 147 | 100 |
| Здружени 2 лица | 18 | 33 |
| Во група од 3 и повеќе лица | 15 | 21 |

**Возраст и пол на сторителите:**

| **Од 01.07. до 31.12.** | **2015 г** | **2014 г** |
|---|---|---|
| Мажи | 212 | 228 |
| Жени | 12 | 11 |
| Полнолетни | 206 | 219 |
| Малолетници | 18 | 20 |
| Повторници | 45 | 47 |

**Причини кои што довеле до нарушувања на ЈРМ се:**

- должничко доверителни односи
- влошени брачни и семјни односи , влошени меѓучовечки односи
- употреба на алкохол
- прекршоци во сообраќајот кои прераснале во нарушен ЈРМ
- нетолеранција и недолично однесување кое довело до нарушен ЈРМ
- влошени меѓучовечки односи и лична нетрпеливост.

**Состојба во областа на криминалитетот на подрачјето на ПС од општа надлежност – Охрид за периодот од 01.07.2015 година до 31.12.2015година споредбено со истиот период 2013година**

**Пријавени кривични дела**

| | **2015** | **2014** |
|---|---|---|
| Класичен криминалитет | 341 | 369 |
| Расветлени +познат | 199 | 243 |
| Нерасветлени | 142 | 126 |
| Поднесени кривични пријави | 143 | 173 |
| Пријавени лица | 170 | 185 |
| Полнолетни | 140 | 173 |
| Малолетни | 30 | 12 |
| Повторници | 69 | 94 |

**Преглед на пријавени и реализирани КД**

| | **01.07.2015** | **31.12.2015** | **01.07.2014** | **31.12.2014** |
|---|---|---|---|---|
| | Пријавени КД | Реализирани КД | Пријавени КД | Реализирани КД |
| Убиство во обид | / | / | 2 | 2 |
| Телесна повреда | 5 | 5 | 25 | 25 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| член130 став2 | | | | |
| Тешка Телесна повреда член 131 став 1и2 | 5 | 3 | 8 | 8 |
| Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница(член133) | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Кражба | 95 | 36 | 81 | 45 |
| Тешка кражба | 148 | 68 | 150 | 74 |
| Разбојништво | / | / | 1 | / |
| Разбојничка кражба | 1 | 1 | 2 | 1 |
| Одземање МВ | 6 | 1 | 3 | 1 |
| Измама | 9 | 9 | 13 | 12 |
| Изнуда | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Точење алкохолни пијалоци на дете | / | / | / | / |
| Фалсификување исправа | 2 | 2 | 1 | 1 |

Начинот на извршување на КД по куќи и станови е со кршење на буренце од брава, отварање на врата со подесен алат и други предмети и неутврден начин на отворање на блиндор врати.
Предмет на напад на криминалците е имот на граѓаните односно злато, пари , техничка роба и други вредни предмети.
Објект на напад се станови, куќи, колонијални продавници, училишта, цркви, и т.н.

**<u>ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ</u>**

| | 2015 | 2014 |
|---|---|---|
| Пријавени | 47 | 33 |
| Расветлени | 41 | 33 |
| Пријавени лица | 34 | 37 |
| Полнолетни | 34 | 37 |
| Повторници | 14 | |

Во овој период во областа на економскиот криминалитет поднесени се вкупно 31 кривични пријави.

**<u>НТ СО ДРОГА И ОРУЖЈЕ</u>**

| | 2015 | 2014 |
|---|---|---|
| Пријавени | 25 | 34 |
| Расветлени | 25 | 34 |
| Пријавени лице | 24 | 35 |
| Повторници | 16 | |

Во овој период во оваа област поднесени се 23 кривична пријави.

**ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ**

| | **2015** | **2014** |
|---|---|---|
| Пријавени | 19 | 4 |
| Расветлени | 5 | 1 |
| Пријавени лица | 2 | 1 |
| Полнолетни | 2 | 1 |
| повторници | / | |

Во областа на организираниот криминал поднесени се 2 кривични пријави.

**БЕЗБЕДНОСТ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ**

Во периодот од 01.07.2015 до 31.12.2015 година, од страна на ПС за ПБС беа превземени плански мерки и активности на превентивен и репресивен план спрема возила и возачи со цел подобрување на безбедноста на сите учесници во сообраќајот.
За состојбата во областа на сообраќајот во овој период ги изнесуваме следните статистички показатели:

**Вкупно пријавени сообраќајни незгоди:**

**2015** **2014**
181 141

**Сообраќајни незгоди со потешки последици:**

**2015** **2014**

81 67

**Загинати лица**

**2015** **2014**
05 02

**Повредени лица-вкупно:**

**2015** **2014**

134 107

**Тешко повредени лица:**

**2015** **2014**

13 16

**Лесно повредени лица:**

**<u>2015</u>** **<u>2014</u>**

121 91

**<u>Вкупно регистрирани сообраќајни прекршоци:</u>**

**<u>2015</u>** **<u>2014</u>**

937 1637

**<u>Во анализираниот период бележиме</u>:**

| | 2015 | 2014 |
|---|---|---|
| пријавени лица | 912 | 1582 |
| поднесени барања до суд | 636 | 1083 |
| поднесени барања до комисија | 273 | 479 |

**<u>Случени сообраќајни незгоди со потешки последици во населено место (град):</u>**

**<u>2015</u>** **<u>2014</u>**
46 49

**<u>Случени сообраќајни незгоди со потешки последици надвор од населено место:</u>**
**<u>според патни правци:</u>**

| **2015** | **2014** |
|---|---|
| Охрид - Кичево -18 | Охрид -Кичево -10 |
| Охрид - Св.Наум -09 | Охрид - Св.Наум -05 |
| Охрид - Ресен – 01 | Охрид - Ресен – 02 |
| Охрид - Струга - 07 | Охрид-Струга - 01 |

Како најчеста причина за случување на сообраќајните незгоди се јавува неприлагодена брзина према состојбата и условите на патот, односно факторот човек-возач, кој не ги почитува сообраќајните знаци, правила и прописи за однесување во сообраќајот.
Структурата на настрадани учесници во овој период е следна: сопатници -62(42), возачи –43(27) , моторциклисти –12(11) , пешаци –08(15) , велосипедисти –14(14) што укажува на фактот дека сопатниците во пмв се најзагрозена категорија на учесници во сообраќајот.
Исто така во овој период на лица –518(1312) возачи регистрирани им се негативни поени во возачка книшка за сторените сообрачќајни прекршоци.
Во контекст на превземените превентивно репресивни мерки од сообраќај исклучени се 227(356) возачи и 118(200) возила, времено се одземени 75(104) возачки дозволи , употребен е алкотест во818 (1108) случаи при што 84(146) возачи покажале знаци на алкохолизираност.
Исто така од страна на ПС за БПС изведени беа 38(26) акциски контроли од кои 13(08) локални и 25(18) републички контроли по разни основи, односно: техничка неисправност на возилата, регистрирани возила, алкохол, брзина и т.н., со цел превентивно-репресивно да се делува врз возачите да се санкционираат сторителите на прекршоци, а од друга страна да се зголеми безбедноста на сите учесници во сообраќајот.

**КОМАНДИР на ПС од ОН-ОХРИД**
**Самостоен инспектор, Дејан Додевски**

**Број 08-3698/27-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА МЈП„ПРОАКВА“ СТРУГА И Р.Е.ВОДОВОД ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.-31.12.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на финансискиот Извештај и Извештајот за работата на МЈП„Проаква“ Струга и Р.Е.Водовод Охрид за периодот од 01.01.-31.12.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/28** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА МЈП„ПРОАКВА“ СТРУГА И Р.Е. ВОДОВОД ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. – 31.12.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Финансискиот Извештај и Извештајот за работата на МЈП „Проаква“ Струга и Р.Е. Водовод Охрид за периодот 01.01. – 31.12.2015 година, усвоени од Управниот одбор со Одлука бр.02-214/2 од 25.02.2016 година и бр.02-214/7 од 25.02.2016 година и мислење на Надзорниот одбор бр.02-212/2 од 25.02.2016 година и бр.02-212/6 од 25.02.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/28** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД“ ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на годишната сметка и Извештајот за работата на ЈП„Нискоградба Охрид“ Охрид за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/29** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД“ ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишната сметка и Извештајот за работата на ЈП„Нискоградба Охрид“ Охрид за 2015 година, усвоени од Управниот одбор со Одлука бр.02-209/4 од 26.02.2016 година и мислење на Надзорниот одбор бр.02-208/3 од 26.02.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/29** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.12.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП Градски Пазар Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/30** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.12.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП Градски пазар Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2015 година, усвоени од Управниот одбор со Одлука бр.02-82/4 од 29.02.2016 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-82/3 од 29.02.2016 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/30**
**14.03.2016 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ – ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.- 31.12.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП„Охридски Комуналец“ – Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/31**
**14.03.2016 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ – ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.12.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП„Охридски Комуналец“ - Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2015 година, усвоен од Управниот одбор со

Одлука бр.02-265/3 од 26.02.2016 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-264/3 од 26.02.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП„ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.12.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на годишната сметка и Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП„Градски гробишта“ Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/32** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП„ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.12.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** годишната сметка и Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП„Градски гробишта“ Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2015 година, усвоен од Управниот одбор со Одлука бр.02-212/3 од 26.02.2016 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-211/3 од 26.02.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/32** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ - ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП„Билјанини Извори“ - Охрид за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/33** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ - ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП„Билјанини Извори“ - Охрид за 2015 година, усвоени од Управниот одбор со Одлука бр.02-251/3 од 07.03.2016 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-250/2 од 04.03.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/33** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОУ„ХРИСТО УЗУНОВ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОУ„Христо Узунов“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/34** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОУ„ХРИСТО УЗУНОВ“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ„Христо Узунов“ Охрид за 2015 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-89/4 од 24.02.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид”.

**Број 08-3698/34** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОУ„ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОУ„Григор Прличев“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/35** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОУ„ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ„Григор Прличев“ Охрид за 2015 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-54/2 од 18.02.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/35** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОУ„СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОУ„Св.Климент Охридски“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/36** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОУ„СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ОХРИД

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ„Св.Климент Охридски“ Охрид за 2015 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-88/2 од 24.02.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/36** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОУ„БРАТСТВО ЕДИНСТВО“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за финасиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОУ„Братство Единство“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/37** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОУ„БРАТСТВО ЕДИНСТВО“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финасиското работење и Годишната сметка на ОУ„Братство Единство“ Охрид за 2015 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-46/3 од 25.02.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/37** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОУ„КОЧО РАЦИН“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОУ„Кочо Рацин“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/38** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОУ„КОЧО РАЦИН“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ„Кочо Рацин“ Охрид за 2015 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-35/3 од 23.02.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/38** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОУ„ЖИВКО ЧИНГО“ С.ВЕЛГОШТИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОУ„Живко Чинго“ с.Велгошти, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/39** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОУ„ЖИВКО ЧИНГО“ с.ВЕЛГОШТИ**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ„Живко Чинго“ с.Велгошти за 2015 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-43/4 од 24.02.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/39** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОУ„ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“ С.ЛЕСКОЕЦ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОУ„Ванчо Николески“ с.Лескоец, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/40** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОУ„ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“ с.ЛЕСКОЕЦ**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ„Ванчо Николески“ с.Лескоец за 2015 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-41/3 од 24.02.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/40** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОУ„СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ С. ПЕШТАНИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОУ„Св.Наум Охридски“ с. Пештани, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/41** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОУ„СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ с. ПЕШТАНИ**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ„Св.Наум Охридски“ с.Пештани за 2015 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-46/3 од 18.02.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/41** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОМУ„МЕТОДИ ПАТЧЕ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОМУ„Методи Патче“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/42** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОМУ„МЕТОДИ ПАТЧЕ“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОМУ„Методи Патче“ Охрид за 2015 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-42/4 од 25.02.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/42** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОСУ„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОСУ„Св. Климент Охридски“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/43** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОСУ„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОСУ„Св.Климент Охридски“ Охрид за 2015 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-66/3 од 24.02.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/43** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА СОСУ„СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на СОСУ„Св. Кирил и Методиј“Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/44** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА СОСУ„СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на СОСУ„Св.Кирил и Методиј“ Охрид за 2015 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-90/3 од 22.02.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/44** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОЕМУЦ„СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОЕМУЦ„Св.Наум Охридски“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/45** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОЕМУЦ„СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОЕМУЦ„Св.Наум Охридски“ Охрид за 2015 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-186/3 од 26.02.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/45** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОУТУ„ ВАНЧО ПИТОШЕСКИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ОУТУ„ Ванчо Питошески“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/46** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ОУТУ„ ВАНЧО ПИТОШЕСКИ“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУТУ„Ванчо Питошески“ Охрид за 2015 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-100/5 од 25.02.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/46** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ЈОУДГ ЗА ДЕЦА „ЈАСНА РИСТЕСКА“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2015 година на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/47** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2015 ГОДИНА НА ЈОУДГ ЗА ДЕЦА „ЈАСНА РИСТЕСКА“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2015 година на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“ Охрид, донесени со Одлука на Управниот одбор бр.05-105 од 24.02.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид.“

**Број 08-3698/47** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОЈУ ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“ - ОХРИД ЗА 2014/2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на годишниот Извештај за работа на ОЈУ отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Кузман Шапкарев“ - Охрид за 2014/2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/48** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОЈУ ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗАДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“ - ОХРИД ЗА 2014/2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за усвојување на годишниот извештај за работа на ОЈУ Отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Кузман Шапкарев“ - Охрид за 2014/2015 година, донесена од Управниот одбор на ОЈУ Отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Кузман Шапкарев“ - Охрид бр.02-95/4 од 23.02.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/48** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА – РЕКЛАМНИ И ИНФОРМАЦИОНИ ПАНОА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ 2016 – 2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за поставување урбана опрема – рекламни и информациони паноа на подрачјето на општина Охрид за периодот 2016 – 2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/49** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), член 80 од Законот за градење („Сл.Весник на РМ“ бр.130/09; 124/10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12;......129/15; 217/15; 226/15; 30/16; 31/16 и 39/16), а во врска со Програмата за поставување на урбана опрема во општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.14/15) и Одлуката за утврдување на почетна цена за поставување на рекламни паноа бр.07-4429/32 од 26.05.2014 („Службен гласник на општина Охрид“ бр.6/2014), Советот на општина Охрид, на седница одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА – РЕКЛАМНИ И ИНФОРМАЦИОНИ ПАНОА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ 2016 – 2021**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува: начинот за добивање право за поставување на рекламни и информациони паноа на подрачјето на општина Охрид, временскиот период за нивно поставување и висината на надоместокот за поставување на рекламните и информационите паноа.

**Член 2**

Локациите, типот и бројот на рекламните и информациони паноа се утврдени согласно Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Охрид („Сл.Гласник на општина Охрид“ бр.14/15).

**Член 3**

Временскиот период за поставување на рекламните и информационите паноа по локации, тип и број утврдени во член 2 од оваа Одлука се определува за период од 5 ( пет ) години ( 2016 - 2021 ).

**Член 4**

Доделувањето на правото за поставување на рекламните и информационите паноа ќе се врши по пат на објавување на јавен оглас за добивање право за поставување на рекламни и информациони паноа.

Огласот го распишува Градоначалникот на општина Охрид и објавува во „Службен весник на РМ“, официјалната ВЕБ страна на општина Охрид и во најмалку два дневни весника, од кои еден на албански јазик.

**Член 5**

Огласот од член 4 на оваа Одлука, особено треба да ги содржи следните податоци:

1. Податоци за субјектот кој го распишува огласот;
2. Назначување на локациите за кои се врши доделувањето;
3. Време за кое се доделува правото за поставување на рекламни и информациони паноа;
4. Почетна цена за добивање право за поставување на рекламни и информациони паноа;
5. Висина на депозитот за право на учество на јавното електронско наддавање;
6. Содржина и прилози на понудите;
7. Рок за поднесување на понудите;
8. Ден, час и место на отворање на понудите.

**Член 6**

Почетната цена за јавно електронско надавање се определува согласно Одлуката за утврдување на почетна цена за поставување на рекламни паноа бр.07-4429/32 од 26.05.2014 („Службен гласник на општина Охрид“ бр.6/2014), донесена од страна на Советот на општина Охрид.

**Член 7**

Депозитот за учество на јавното наддавање изнесува 20% од почетната цена утврдена за локациите за кои понудувачот доставил понуда на годишно ниво, треба да биде изразена во денари и се уплаќа на сметката на општина Охрид.

Комисијата по зваршувањето на јавното наддавање, ќе го врати положениот депозит на оние учесници во наддавањето чии понуди не се прифатени, во рок од 15 дена од денот на завршувањето на јавното наддавање.

Доколку најповолниот понудувач се откаже од склучувањето на договорот ќе му се реализира депонираниот депозит.

**Член 8**

За најповолна понуда ќе се смета понудата со највисок износ на еднократниот надомест за стекнување на право за доделување на локации.

**Член 9**

Постапката на отворање на понуди ја врши Комисијата што ја формира Градоначалникот.

Комисијата се состои од Претседател и два члена и нивни заменици.

**Член 10**

За својата работа Комисијата изготвува извештај, со предлог за најповолен понудувач до Градоначалникот.

Градоначалникот ќе донесе решение за доделување право за поставување на рекламните и информационите паноа и ќе ги извести останатите учесници за резултатите од распределбата.

**Член 11**

Помеѓу Градоначалникот и најповолниот понудувач се склучува договор за условите и начинот на користење и одржување на добиените локации.

Понудувачот кој ќе го добие правото на поставување, покрај цената која е постигната со јавното електронско наддавање, должен е на сметката на општина Охрид да уплаќа и годишна комунална такса за секоја локација каде е поставено рекламно и информационо пано, во висина утврдена во Одлуката за висина на комуналните такси на општина Охрид, како и надоместок за потрошена електрична енергија доколку постави осветлување на истите.

**Член 12**

Секое рекламно и информационо пано, на барање на најповолниот понудувач со претходно одобрено идејно решение за изгледот, се поставува врз основа на извод од програма за поставување урбана опрема и одобрение издадено од Градоначалникот на општина Охрид.

**Член 13**

Оваа Одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид.

**Број 08-3698/49** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕДЛОГ ПРОЕКТОТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ДРЕНАЖА НА УЧИЛИШЕН ОБЈЕКТ, САНАЦИЈА НА САНИТАРНИ ЈАЗЛИ И ПРОМЕНА НА ВРАТИ ВО ОУ„КОЧО РАЦИН“ ОХРИД – ПУ Д.ЛАКОЧЕРЕЈ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за реализација на предлог проектот за поставување дренажа на училишен објект, санација на санитарни јазли и промена на врати во ОУ„Кочо Рацин“ Охрид – ПУ Д.Лакочереј, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/50** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), а во врска со Јавен повик за прибирање на предлог проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата за 2016 година, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕДЛОГ ПРОЕКТОТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ДРЕНАЖА НА УЧИЛИШЕН ОБЈЕКТ, САНАЦИЈА НА САНИТАРНИ ЈАЗЛИ И ПРОМЕНА НА ВРАТИ ВО ОУ„КОЧО РАЦИН“ ОХРИД - ПУ Д.ЛАКОЧЕРЕЈ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се потврдува дека овој предлог проект за поставување дренажа на училишниот објект, санација на санитарни јазли и промена на врати-столарија, во ОУ„Кочо Рацин“ Охрид - ПУ Д.Лакочереј, е приоритет за општина Охрид и истиот е вклучен во стратешките документи на општината, во Програмата Н1 – Развојна програма за образование за 2016 - 2018 година.

**Член 2**

За реализација на горенаведениот предлог проект се дава согласност општина Охрид да аплицира на јавниот повик распишан од Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој, на кој општините може да поднесат барање за финансиска поддршка каде апликантот ( Општина Охрид ) е должен да обезбеди кофинансирање на проектот во износ од 50% од вредноста на проектот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/50** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Програмата за управување со отпад на општина Охрид за 2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/51** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за управување со отпад на општина Охрид за 2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/51**
**14.03.2016 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

**ПРОГРАМА**
**за управување со отпад на општина Охрид**
**за 2016 година**

*Содржина:*

**Вовед**

1. Проценка на видот и количеството на отпад кој се создава во општината на годишно ниво
2. Мерки и активности за избегнување и за намалување на количеството создаден отпад
3. Мерки и активности за поттикнување на компостирањето на биоразградивиот отпад
4. Начини за едукација и за подигање на јавната свест на граѓаните за управување со отпад
5. Реализација на обврските за намалување на количеството за биоразградив отпад што се отстранува на депониите
6. Реализација на мониторинг и информативен систем за управување со отпад
7. Регионален пристап во управување со отпад
8. Подобрување на работата на општинската депонија

*Вовед*

Врз основа на Планот за управување со отпад на Општина Охрид се предлага следната Програма за управување со отпад за 2016 година:

**1.Проценка на видот и количеството на отпад кој се создава во општината на годишно ниво**

Ј.П.„Охридски Комуналец“ – Охрид врши организираното собирање на комуналниот отпад во 22 населени места, односно подрачјето на град Охрид, викенд населбите Лагадин, Елешец, Исток и селата Пештани, Трпејца, Љубаништа, Долно Лакочереј, Горно Лакочереј, Рача, Коњско, Лескоец, Велгошти, Косел, Ливоишта, Вапила, Опеница, Куратица, Елшани, Велестово, Орман и Св.Наум, со што се опфатени 55.686 жители. Организирано собирање на комуналниот отпад не се врши во селата Речица, Плаќе, Завој, Рамне и Свињишта, заради тоа што во овие населени места има многу малку постојани жители. Според истите податоци за 2016 година предвидено е создавање на 20.111 t комунален отпад на целата територија на Општина Охрид.

Собирањето на отпадот во Општина Охрид во 2016 година ќе се врши секојдневно во потесното централно градско подрачје, а во останатите делови од градот два пати неделно. Во текот на летната сезона во потесното централно градско подрачје подигањето на комуналниот отпад се врши и четири пати дневно.

Собирањето на отпадот се врши во 640 контејнери со зафатнина од 1.1 м$^3$ наменети за објектите за колективно домување и комерцијални објекти, како и поединечно ( рефус ) по индивидуалните станбени објекти.

Во првата половина на 2016 год. ќе се реализира инсталирање и поставување на 3 подземни контејнери со капацитет од 3 м$^3$ на една најфрекфентна локација во централното градско подрачје, со што како примарна цел, во голема мера ќе се подигне степенот на хигиена, а како секундарна цел во голема мера ќе се придонесе во заштита на животната средина.

| Вид на отпад | Количина на примен отпад год. | Понатамошно постапување |
|---|---|---|
| измешан комунален отпад | 20.111 t | депонирање |
| габаритен отпад | 202 м$^3$ | депонирање |
| биоразградив отпад | 2676 м$^3$ | компостирање |
| градежен шут | 8.343 м$^3$ | депонирање |
| хартија | 135,5 t | понатамошна преработка |
| пластика ПЕТ | 10,2 t | понатамошна преработка |

*Табела*: проценети количини на рециклабилни фракции од комуналниот цврст отпад кои се генерираат во Општина Охрид на годишно ниво.
( податоците се добиени од Годишниот извештај за 2015год. за постапување со неопасен отпад од Ј/П.„Охридски Комуналец“).

Од табелата е евидентно зголемувањето на отпадот кој се користи за понатамошна обработка, но сепак целосна искористеност на рециклабилните фракции е можна само со комплетно воведување на системот на примарна и секундарна селекција.

Во текот на 2016 година 120 l садови за отпад ќе се дистрибуираат до индивидуални станбени објекти и правни субјекти, што ќе овозможи значително намалување на бројот на импровизираните садови за отпад, а се во насока на подобрување на условите за подигање на отпадот и на урбаните услови за живеење. Исто така ќе се аплицира за обезбедување на средства за набавка на 500 садови за депонирање отпад со капацитет од 120 l и 50 садови со капацитет од 240 l, како и за набавка на 200 пластични контејнери од 1,1 m$^3$ кои се користат само кај колективни станбени објекти.

Во делот на одржување на јавната хигиена, по јавно- прометните површини на пофреквентните локации ќе се постават нови садови за ситен отпад. Ќе се продолжи одржувањето на јавната чистота и на следните магистрални патишта: Охрид – Подмоље, Охрид – Св.Наум и Охрид – Косел.

Според годишниот календар ќе се организираат 24 акции за подигање на кабаст и зелен отпад во пролетниот и есенскиот период, а се со цел да се избегне создавањето на мини депонии.

**Календар за 2016 год.**
**на акциите за подигање кабаст и зелен отпад**

| Бр.реон | Име на реон | Датум на акција за кабаст | Датум на акција за зелен отпад |
|---|---|---|---|
| 1. | УЗ .1 Стар град | 02.04.2016<br>03.09.2016 | 28.05.16 |
| 2. | УЗ.2 Реон опафатен со граници на ул.„М.Просветители“„Партизанска“, „Д.Влахов“„Кеј Македонија“населба Охридати | 09.04.2016<br>10.09.2016 | 04.06.16 |
| 3. | УЗ.8 Билјанини Извори<br>УЗ.9 8-ми Септември | 16.04.2016<br>17.09.2016 | 11.06.16 |
| 4. | УЗ.12 Гоце Делчев ( нас.Бараки)<br>УЗ.15 15-ти Корпус, УЗ.17 Студенчишта | 23.04.2016<br>24.09.2016 | 18.06.16 |
| 5. | УЗ.10 и УЗ.6 Горна Влашка маала, нас. Х.Узунов, Карабегомаала | 30.04.2016<br>01.10.2016 | 29.10.16 |
| 6. | УЗ.3 населби Кошишта,УЗ.4 Воска, Дaљан и УЗ. 5 Лескајца | 07.05.2016<br>08.10.2016 | 05.11.16 |
| 7. | УЗ.11 Видобишта<br>УЗ.7 7-ми Ноември | 14.05.2016<br>15.10.2016 | 12.11.16 |
| 8. | УЗ.14 Радојца Новичиќ<br>УЗ.13 Железничка | 21.05.2016<br>22.10.2016 | 19.11.16 |
| 9. | МЗ Пештани, МЗ Велестово и<br>УЗ.16 Рача | 28.05.2016<br>29.10.2016 | 26.11.2016 |

Овие активности се прилагодени на инфраструктурните претпоставки на градот, потребите на корисниците на услугите, концентрацијата на населението и степенот на развиеност на екокултурата и секако потребите на Општина Охрид како туристички центар.

Собраниот отпад Ј.П.„Охридски Комуналец“- Охрид го депонира на депонијата Буково и во неа дневно се депонираат околу 700 м$^3$ пресован комунален отпад, додека во летниот период достигнува и до 1.000 м$^3$ или вкупно 290.000 m$^3$ комунален отпад годишно.

Искуствено гледано, според анализите и извештаите за собраните количества отпад од минатите години, во 201 година се планира да се подигне околу 300.000 m$^3$ комунален отпад на територија на Општина Охрид.

Според Националниот План за управување со отпад 2009-2015 година, депонијата Буково спаѓа во категорија на високоризични депонии, кои треба да се затворат и рекултивираат.

Покрај депонијата Буково, во Општина Охрид има уште една депонија, Мауцкер, која е наменета за градежен шут и се наоѓа на 5 км оддалеченост од Охрид се простира на површина од 32.000 м$^2$. Заради тоа што локацијата на оваа депонија ќе се пренамени, за начинот за намалување и искористување на овој вид отпад, Центарот за развој на југозападниот плански регион изработи Студија за одлагање на градежниот шут и негов третман во југозападниот плански регион.

## 2. Мерки и активности за избегнување и за намалување на количеството создаден отпад

Постојната состојба во управувањето со комуналниот отпад се сведува на негово собирање, транспортирање и депонирање во општинската депонија. Дел од комуналниот

отпад, односно ПЕТ амбалажата и хартијата се селектираат, преку нивно собирање во 16 контејнери за ПЕТ амбалажа како и 40 корпи од мрежа за собирање на хартија кои се поставени во делови од градот каде фрекфенцијата на домување е поголема во колективни станбени објекти.

Во 2016 година се планира обновување на постоечките и поставување на дополнителни 20 корпи од мрежа за депонирање на картонска амбалажа. 40 контејнери за ПЕТ амбалажа кои се донација од проектот „Од отпад до кеш“ ќе се поставаат во централното градско подрачје. Нови контејнери за ПЕТ амбалажа ќе се поставаат и во дворните места од училиштата кои немаат вакви контејнери.

Собирањето на овие секундарни суровини се врши со динамика на подигање два пати на ден, наутро и навечер, на сите пунктови каде има поставено контејнери за таа намена, како и на повик за поголема количина хартија и ПЕТ амбалажа од претпријатија.

Со оваа динамика и покриеност на градот со контејнери за ПЕТ амбалажа и корпи за хартија неделно се собира хартија во количина од 2.600 – 3.000 кг и околу 600 кг ПЕТ амбалажа кои се балираат со балирка од 6 KV.

За 2016 година со адекватна едукација на граѓаните на Општина Охрид за правилно селектирање на отпадот, односно за изведување на примарна селекција и рециклирање, се предвидува количеството на селектиран отпад да се зголеми 3-4 пати, односно околу 400t хартија и 40 t ПЕТ амбалажа.

Со поставување на прес контејнерите и подземните контејнери ќе се осовремени начинот на собирање на комуналниот смет, на тој начин што од една страна со нивно пресување се остварува голема заштеда како во капацитетот на традиционалните контејнери за смет, така и во транспортните трошоци, а од друга страна се подобруваат хигиенско – санитарните услови, заради тоа што нема непријатни миризби и нема разнесување на отпадот.Исто така планирана е санација на постоечките и поставување на нови корпи на пофрекфентните улици во градот.

Во 2015 година преку добивање на поволен кредит јавното претпријатие доби возила за подигање на комунален отпад и тоа: 2 возила од 3m$^3$, 1 возило од 9 m$^3$ и 1 возило од 16m$^3$.

Покрај тоа планирана е набавка на две возила за подигање на комунален отпад од 16m$^3$, која треба да се реализира преку добивање на грант од 50%, а другиот дел треба да го обезбеди јавното претпријатие преку кредит.

Согласно законската регулатива Општина Охрид заедно со јавното претпријатие определија локација за одделно собирање на отпадна електронска и електрична опрема од домаќинствата каде крајните корисници ќе можат отпадната опрема бесплатно да ја предаваат. Собирното место се наоѓа во просторот на јавното претпријатие, односно на локација на РЕ„Механизација“ каде се врши и собирање и балирање и на отпад од пакување, односно хартија и ПЕТ амбалажа и од каде го подига овластен постапувач со тие видови отпад.

Сите овие активности за подигање и собирање на секундарниот отпад ќе придонесат до намалување на количеството на отпад кое се депонира во депонијата „Буково“, со што ќе се намалат трошоците за транспорт на јавното претпријатие, со што се продолжува векот на траење на општинската депонија до воспоставување на регионалниот пристап на управување со отадот.

### 3. Мерки и активности за поттикнување на компостирањето на биоразградивиот отпад

Третманот на органски отпад, односно на органската фракција од комуналниот цврст отпад на територијата на Општина Охрид се сведува на негово собирање, транспортирање и депонирање заедно со другите фракции од комуналниот цврст отпад. Органскиот отпад од комуналниот цврст отпад не се одвојува, додека органскиот отпад кој се генерира во

земјоделието, поради непокриеноста на руралниот дел од општината за подигнување на овој вид на отпад, најчесто се фрла на несоодветни места или пак се гори. Ваквите начини на постапување со овој вид на отпад се голем ризик за животната средина и директно придонесува кон загадување на почвата, водите и воздухот.

Врз основа на бројот на жители, може да се констатира дека годишната продукција на биоразградив отпад од домаќинствата во Општина Охрид е приближно 2.676 $м^3$. За добивање на попрецизна слика треба да се земе во предвид и продукцијата на биоразградив отпад кој потекнува од земјоделски активности како и биоразградивиот отпад кој се создава при редовно одржување на парковите и зелените површини на територија на општината.

Речиси најголем дел од комуналниот отпад припаѓа на органскиот – биоразградив отпад, кој го вклучува и земјоделскиот отпад. Заради неселектирањето на биоразградивиот отпад во урбаниот дел од општината, исто како и од руралните средини, биоразградивата фракција завршува на депонија, со што се намалува капацитетот и експлоатациониот период на депонијата, а исто така и одлагањето на органската фракција на отпадот на депонија, резултира со бројни проблеми по животната средина (емисии на стакленички гасови, создавање на депониски исцедок, загадување на почвата и подземните води итн.). Кога на ова ќе се додадат и трошоците за транспортирање и собирање, очигледно е дека има потреба од правилен третман на биоразградивиот отпад, односно од негово компостирање.

Современите трендови и законски решенија од областа на управување со отпадот наметнуваат решенија за намалување на создавањето на отпад, негова реупотреба, рециклирање и искористување на енергетската вредност како предност во однос на депонирањето на отпадот.

Депонирањето на органскиот отпад треба да биде последна опција во третманот на отпадот и неговиот третман треба да се пренасочи надвор од депониите, односно со негово компостирање тој да се преработи како високо квалитетен подобрувач на почвата ( компост ).

Системот треба да овозможи сепаратно собирање на органскиот отпад и со оглед дека истиот претставува секундарна суровина воспоставувањето на одржливо управување со отпад мора да воведе оптимално искористување на потенцијалните ресурси на отпадот како замена за необновливите природни ресурси и да придонесе за намалување на емисиите на стакленички гасови, земајќи ги во предвид економските, еколошките и социјалните аспекти. Отпадот кој може да се депонира на депонија треба да биде стабилизиран, неактивен материјал со цел да се намали мобилноста на штетните материи како и нивните емисии во почвата, воздухот, водата и надвор од капацитетите.

За таа цел во 2016 година потребно е да се воведе интегрален систем за собирање и управување со отпадот, односно треба да се подготви и воведе селектирање и посебно собирање на биоразградливиот дел од комуналниот цврст отпад, како во градот, така и во руралниот дел. Општината ова треба да го реализира во соработка со југозападниот регионот, согласно легислативата која е на сила.

## 4. Начини за едукација и за подигање на јавната свест на граѓаните за управување со отпад

Секоја години Секторот за за заштита на животна средина и управување со отпад организира проекти за подигање на јавната свест, со нагласок на училишната младина како целна група, кај која се очекува најголем ефект. Проектите за подигање на јавната свест предвидени да се организираат во 2016 година и кои наидоа на позитивен ефект во јавноста во претходните години се следните:

-Акција за собирање на стара хартија во соработка со охридските училишта;

- Ликовен и литературен конкурс во соработка со основните училишта на еколошка тема;

- Изработка на еко каледнар за охридските училишта;

-Изработка на информативни флаери за повик на граѓаните за одбележување на Европската недела на мобилност – ден без автомобили;

- Изработка на брошура за подигање на јавната свест за управување со зелен отпад на територија на Општина Охрид, пред се' на земјоделците за корисноста на компостот за подобрување на почвата, како и на сите други целни групи во однос на компостирањето во домашни услови.

Општината исто така ќе се вклучи во сите иницијативи за селективно собирање на специјалните текови отпад (отпадни масла, искористени гуми и возила и отпадна електрична и електронска опрема) кои ќе бидат организирани на национално ниво.

**5. Реализација на обврските за намалување на количеството на биоразградив отпад што се отстрануваат од домовите**

Количеството на биоразградив отпад кој се носи на депонија потребно е да се сведе на минимум, како тој кој се собира од домаќинствата, така и тој кој се добива со одржување на јавните и земјоделските површини.

За таа цел за изведување на примарната селекција, ќе се изработи брошура за подигање на јавната свест за управување со зелен отпад на територија на Општина Охрид и ќе врши кампања за селекција на биоразградивиот отпад во домашни услови, како и на земјоделците за корисноста на компостот за подобрување на почвата. Исто така ќе се организираат акции во пролетниот и есенскиот период за собирање на зелениот отпад од домаќинствата и од земјоделските површини кој заедно со биоразградивиот отпад кој се собира од одржување на јавното зеленило ќе се користи во процес на компостирање кој се врши во расадникот на јавното претпријатие.

**6. Реализација на мониторингот и информативниот систем за управување со отпад**

На локално ниво мониторингот за управување со отпад ќе се спроведува преку дневникот за евиденција за постапување со отпад и идентификационите формулари за транспорт и депонирање на отпадот. Со редовно водење на дневникот за евиденција за постапување со отпад на дневна основа се прави месечен извештај, врз основа на кои се изработува годишниот извештај. Овие документи се дел од подзанонскиот акт: Правилник за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишен извештај за постапување со отпад.

Исто така ќе се изработи регистар на контејнери за отпад , хартија и ПЕТ амбалажа, со што ќе се подобри ефикасноста во процесот на подигање на комуналниот отпад и отпадот предвиден за рециклирање, а со тоа ќе се подигне и нивото на хигиена во општината. Согласно Законот за животна средина ќе се воспостави катастар на загадувачи на воздухот, водите и почвата, со што јавноста ќе биде информирана за инсталациите класифицирани според соодветни дејности кои работат на територија на Општина Охрид и кои исполнуваат соодветни еколошки стандарди.

**7. Регионален пристап во управувањето со отпад**

Врз основа на Одлуката за давање согласност за склучување договор за соработка за воспоставување на Регионален одбор за управување со отпад во Југозападниот плански регион, потребно е да се одреди локација за изградба на регионалната депонија, како и да се изработи Физибилити студија за регионално управување со отпад.

**8. Подобрување на работата на општинската депонија**

Програмата предвидува реализирање на проектни активности за санација и доуредување на депонијата „Буково“. За таа цел во 2015 година се постави ограда и бетонски столбови во должина од 700 м и се изврши санирање на пристапните патишта во должина од 700 м. Се постави цистерна за вода за миење на возилата и тркалата при излез од депонијата.

Во 2016 година планирано е доградување на депонијата до вкупна должина од 1.850м, како и нанесување на слој од тампон и земја со изведба на патна мрежа. Исто така ќе се врши редовно покривање на депонираниот смет со слој од земја со што ќе се спречи можноста од самозапалување на депонијата во летниот период.

Поаѓајќи од законската обврска за 24 часовна чуварска служба во 2016 година е планирано поставување на монтажна чуварска куќа за која е изработен проект за изградба, а која ќе обезбеди минимум услови за непречено работење и функционирање на депонијата.

Овие активности се предвидени како дел од активностите во процесот на вклучување на Општина Охрид во системот на регионално управување со отпадот, при што депонијата „Буково “ ќе мора да се затвори и рекултивира.

Во меѓувреме предвидените мерки во однос на рециклирање и компостирање на отпадот, треба да се запазат во целост, како би се намалиле количините на отпад кои се депонирааат.

За реализација на горенаведените активности ќе се користат средства од буџетот на Општина Охрид, буџетот на Ј.П.„Охридски Комуналец“ и донации.

**Број 08-3698/51-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП„ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП„Градски гробишта“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/52** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96...41/2014), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП„ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП„Градски гробишта“ Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП„Градски гробишта“ Охрид бр.02-115/4 од 05.02.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/52** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 19 од Статутот на ЈП“Градски ГробиШта “Охрид, Управниот Одбор на ЈП“Градски ГробиШта “Охрид ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За утврдување на висината на надоместокот на услугите Што ги врШи**
**ЈП “Градски ГробиШта“Охрид**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот на услугите кои ги врШи ЈП “Градски ГробиШта“ - Охрид.

**1.Надоместок за доделување на гробно место**

**Член 2**

Надоместокот за извршена услуга - доделување на гробно место се утврдува во зависност од распоредот на гробните парцели и тоа:

| | |
|---|---|
| за гробно поле X1 парцела од 01 - 08 | **46.000,оо ден** |
| за гробно поле X2 парцела од 01 - 06 | **31.000,оо ден** |
| за гробно поле X3 парцела од 01 - 03 | **31.000,оо ден** |
| за гробно поле X4 парцела 01 | **73.300,оо ден** |
| за гробно поле X4 парцела 1А | **46.000,оо ден** |
| за гробно поле X4 парцела 02 | **31.000,оо ден** |
| за гробно поле X5 | **84.300,оо ден** |
| за муслимански дел М1 | **15.850,оо ден** |
| за муслимански дел М2 | **31.000,оо ден** |

**Член 3**

Висината на надоместокот за одржување на гробиШтата (гробарина) изнесува:

| | |
|---|---|
| одржување на гробиШтата- Гробарина(за старателство на едно гробно место/годиШно) | **571,оо ден** |
| одржување на гробиШтата- Гробарина(за старателство на две гробни места/годиШно) | **952,оо ден** |
| одржување на гробиШтата- Гробарина(старателство на три и повеЌе гробни места/годиШно) | **1.143,оо ден** |

**II. Надоместок за градежни услуги кои се изврШуваат во и надвор од кругот на Градските ГробиШта**

**Член 4**

Корисниците на услугите на давателот на услугите ЈП “Градски ГробиШта “- Охрид се должни за изврШените услуги да му исплатат надоместок во зависност од изврШената услуга и тоа:

| **Назив на услугите** | **Ед. Мерка м$^2$** | **Цена без ДДВ** |
|---|---|---|
| 1. Изработка на фундамент | | 5600,оо ден |
| 2.Поткревање и нивелирање на фундамент на поплочено гробно место | | 3000,оо ден |
| 3. Поткревање и нивелирање на фундамент на непоплочено гробно место | | 2000,оо ден |
| 4. Нивелирање на споменик | | 1500,оо ден |
| 5. Монтажа на споменик | | 3000,оо ден |
| 6. Демонтажа на стар споменик со одвоз на Шут | | 1200,оо ден |
| 7. МаШинско брусење (полирање) на покривна плоча | м$^2$ | 1350,оо ден |
| 8. Рачно чистење и полирање на вертикални елементи од споменик | м$^2$ | 1200,оо ден |
| 9. Изработка на облоги (страници) од бехатон | м$^2$ | 2900,оо ден |
| 10. МаШински испиШување на текст | Буква или број | 60,оо ден |
| 11. Рачно испиШување на текст | Буква или број | 90,оо ден |
| 12. Гравирање на отвор за слика | | 300,оо ден |
| 13. Лепење на слика (порцелан) | | 100,оо ден |
| 14. Фарбање на текст на споменик | | 120,оо ден |
| 15. Користење на комора | 1 час | 60,оо ден |
| 16. Користење на капела | 1 час | 900,оо ден |
| 17. Набавка и изработка на талпи( за муслимани) | 1 гроб | 1700,оо ден |
| 18. Изработка на дрвени ниШани | | 300,оо ден |
| 19. Изработка на дрвени крстови | | 400,оо ден |
| 20. Изработка на гробница-ѕидана | | 25.000,оо ден |
| 21. Влез за монтажа на споменик и делови од споменик | 1 час | 1200,оо ден |
| 22. Влез за лепење на слика | | 200,оо ден |
| 23. Влез за испиШување на букви на споменик | | 600,оо ден |
| 24. Промена на евиденција на старател | | 300,оо ден |
| 25. Пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиШтата од страна на погребалните оператори | 1 погреб | 1000,оо ден |
| 26. Поплочување со бетонски плочки и ураудување и набивање на слој од песок до д=10 см | м$^2$ | 1200,оо ден |
| 27. Поплочување со бехатон плочки и ураудување и набивање на слој од песок до д= 10 см | м$^2$ | 1230,оо ден |
| 28. Набавка, транспорт и ураудување бехатон коцки врз припремена подлога со мал слој ризла за поравнување | м$^2$ | 820,оо ден |
| 29. Вадење на бехатон и бетонски плочки и поставување на истите со поравнување | м$^2$ | 420,оо ден |
| 30. Бетонски ивичњак (12/8/80 см парковски) | парче | 120,оо ден |

| | | |
|---|---|---|
| 31. Бетонски ивичњак(24/18/80см коловозен) | парче | 350,оо ден |
| 32. Бетонска корпа ( голема) | парче | 2100,оо ден |
| 33. Бетонска корпа мала | парче | 1150,оо ден |
| 34. Бетонски цевки ф300 л= 100 см | парче | 900,оо ден |
| 35. Бетонски цевки ф 500 л= 100 см | парче | 1200,оо ден |
| 36. Бетонски столбчиња (украсни) | парче | 200,оо ден |
| 37. Набавка и уградување на бетонски столбчиња (украсни) | парче | 380,оо ден |
| 38. Демонтажа и монтажа на стари бетонски столбчиња (украсни) | парче | 260,оо ден |
| 39. Клупа дрвена (без наслон ) | | 1440,оо ден |
| 40. Клупа дрвена (со наслон ) | | 2200,оо ден |
| 41. Клупа метална без наслон ) | | 2200,оо ден |
| 42.Клупа метална ( со наслон ) | | 3100,оо ден |
| 43.Промена на даски (талпи) на клупа до 5/10/100 см со нови Шграфови и офарбана | м² | 200,оо ден |
| 44.Набавка и монтажа на талпи 5/15/100 cm | м1 | 300,оо ден |
| 45.Промена (ковање) на даски,ламперија на под,ѕид и стреа за фарбање | м² | 1050,оо ден |
| 46.Изработка на дрвена ограда со потребна конструкција за укрутување | м² | 1200,оо ден |
| 47. Фарбање на даски на клупа 5/10/100 см | м² | 50,оо ден |
| 48. Фарбање на дрвени поврШини даски , талпи, греди и огради | м² | 150,оо ден |
| 49. Поставување на ситна гранитна коцка врз припремена подлога со ситна песок со цементна заливка | м² | 900,оо ден |
| 50. Вадење на камени гранитни коцки плочки залиени со цемент, малтер | м² | 350,оо ден |
| 51. Поставување на камени, гранитни коцки плочки со заливање со цемент малтер | м² | 450,оо ден |
| 52. Рачно Штемовање на бетонски поврШини д=10см | м² | 1450,оо ден |
| 53. КрШење,вадење на бетонски поврШини ( бехатон, парковски и коловозни рабници)со користење на хилта | м² | 1000,оо ден |
| 54. Набавка, поставување на коловози ивичњаци на бетонска подлога л=80 см | м² | 450,оо ден |
| 55. Набавка, поставување на парковски ивичњаци на бетонска подлога л=80 см | м² | 340,оо ден |
| 56.Набавка, поставување на парковски ивичњаци од бекатон елементи на бетонска подлога л=80 см | парче | 320,оо ден |
| 57.Вадење и повторно поставување на истите камени и бетонски рабници | парче | 550,оо ден |
| 58.Рачен ископ на земја 3. Категорија тесен откоп и транспорт до 10 км | м³ | 600,оо ден |
| 59. Рачен утовар на Шут и транспорт до 10 км | м³ | 480,оо ден |
| 60. Грубо планирање на земја | м² | 45,оо ден |
| 61. Нанесување на хумусен слој на планирано земјиШте | м² | 90,оо ден |
| 62. Набавка и изработка на тампон слој од толченик со набивање | м³ | 1015,оо ден |
| 63. Ѕидање на ѕидови од блок д=12 см | м² | 930,оо ден |
| 64. Ѕидање на ѕидови од блок д=25 см | м³ | 7126,оо ден |
| 65. Ѕидање на оџаци со полна тула( еден отвор) | м³ | 8537,оо ден |
| 66. Ѕидање на ѕидови од камен до д=50 см со едно лице само работна рака | м³ | 1800,оо ден |
| 67. Ѕидање на ѕидови од камен до д=50 см со две лица само работна рака | м³ | 2300,оо ден |
| 68. Ѕидање на столбови од камен само работна рака | м³ | 2900,оо ден |
| 69. Малтерисување на зидови | м² | 432,оо ден |
| 70. ш прицање на фасада со гриз и варово млеко ( без скеле) | м² | 195,оо ден |

| | | |
|---|---|---|
| 71. Набавка, поставување на дрвен под од даски без дрвена подконструкција | м² | 650,оо ден |
| 72. Набавка, поставување на дрвен под од даски со дрвена подконструкција | м² | 900,оо ден |
| 73. Набавка, поставување на дрвен под од талпи без дрвена подконструкција | м² | 850,оо ден |
| 74. Изработка на дрвена конструкција за поставување на ламперија | м | 640,оо ден |
| 75. Набавка, поставување на дрвена ламперија на постоечка конструкција | м² | 640,оо ден |
| 76. Набавка, поставување на пластична ламперија на постоечка конструкција | м² | 560,оо ден |
| 77. Бетонирање на плоча, тротоари, патеки врз припремена подлога д=10см | м² | 580,оо ден |
| 78. Бетонирање на ѕидови (елементи) во еднострана оплата | м³ | 6200,оо ден |
| 79. Бетонирање на ѕидови (елементи) во двострана оплата | м³ | 7200,оо ден |
| 80. Бетонирање на ѕидови (елементи)во четворострана оплата | м³ | 9200,оо ден |
| 81. Армирање ( набавка, кроење, монтажа) | кгр | 65,оо ден |
| 82. Изработка на цементна подлога од 3-5 см. | м² | 480,оо ден |
| 83. Поставување на керамички плочки ѕидни и подни ( само работна рака ) | м² | 310,оо ден |
| 84. Набавка и поставување на керамички,бетонски и бехатон плочки ѕидни и подни ( просечен квалитет ) | м² | 980,оо ден |
| 85. Одржување на тревнаци со косење | м² | 20,оо ден |
| 86. Косење на трева со косачка | м² | 5,оо ден |
| 87. Косење на трева со тример | м² | 7,оо ден |
| 88. ОпШг работник | 1 час | 180,оо ден |
| 89. Работник КВ | 1 час | 250,оо ден |
| 90. Столарски услуги | 1 час | 480,оо ден |
| 91. Фарбање со основна боја (миниум) | м² | 110,оо ден |
| 92.Набавка и поставување на камени гранитни коцки, плочки и калдрма и заливање со цемент малтер | м² | 1450,оо ден |
| 93.Ѕидање на ѕидови од камен до д=50 cm набавка и изработка | м³ | 3800,оо ден |
| 94. Ѕидање на ѕидови од камен над д=50 cm набавка и изработка | м³ | 5300,оо ден |
| 95.Ѕидање на столбови од камен набавка и изработка | м³ | 5900,оо ден |
| 96.Набавка и поставување на слој од камења ризла-гранулат (пола кубик во еден гроб) | м³ | 1200,оо ден |
| 97.Рушење (преклопување) бетонски камени и асвалтни подлоги д=10cm | м²□ | 450,оо ден |

**Член 5**

**Надоместок за градежни услуги кои што се извршуваат по налог на општина Охрид**

| | Назив на услугите | Ед мерка М² | Цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1. | Поплочување со бетонски плочки и уградување и набивање на слој од песок до д=10 см | м² | 1.000,оо ден. |
| 2. | Поплочување со бехатон плочки и уградување и набивање на слој од песок до д=10 см | м² | 900,оо ден. |
| 3. | Набавка, транспорт и уградување бехатон коцки врз припремена подлога со мал слој ризла за порамнување | м² | 700,оо ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | Вадење на бехатон и бетонски плочки и поставување на истите со порамнување | м² | 350,оо ден |
| 5. | Бетонски ивичњаци (12/8/80 см парковски) | парче | 120,оо ден. |
| 6. | Бетонски ивичњаци (24/18/80 см коловозен) | парче | 350,оо ден. |
| 7. | Бетонски корпа (голема) | парче | 1.470,оо ден. |
| 8. | Бетонски корпа (мала) | парче | 805,оо ден. |
| 9. | Бетонски цевки ф300 л=100 см | парче | 900,оо ден. |
| 10. | Бетонски цевски ф500 л=100 см | парче | 1,200,оо ден. |
| 11. | Бетонски стобчиња (украси) | парче | 180,оо ден. |
| 12. | Набавка и уградување на бетонски столбчиња (украси) | парче | 230,оо ден. |
| 13. | Демонтажа и монтажа на стари бетонски столбчиња (украси) | парче | 150,оо ден. |
| 14. | Клупа дрвена (без наслон) | | 1.440,оо ден. |
| 15. | Клупа дрвена (со наслон) | | 2.200,оо ден. |
| 16. | Клупа метална ( без наслон) | | 2.200,оо ден. |
| 17. | Клупа метална (со наслон) | | 3.100,оо ден. |
| 18. | Промена на даски (талпи) на клупа до 5/10/100 см со нови штрафови и орфабана | м | 300,оо ден. |
| 19. | Набавка и монтажа на талпи 5/15/100 | м | 400,оо ден. |
| 20. | Промена (ковање) на даски, ламарија на под. Ѕид и стреа без фарбање | м² | 840,оо ден. |
| 21. | Изработка на дрвена ограда со потребна конструкција за укрутување | м² | 960,оо ден. |
| 22. | Фарбање на даски на клупа 5/10/100 см | м | 50,оо ден. |
| 23. | Фарбање на дрвени површини даски, талпи, греди и огради | м² | 150,оо ден. |
| 24. | Поставување на ситна површина гранитна коцка врз припрема подлога со ситна песок со цементна заливка | м² | 420,оо ден. |
| 25 | Вадење на камен гранитни коцки плочки залиени со цемент малтер | м² | 200,оо ден. |
| 26 | Поставување на камени, гранитни коцки плочки си заливање со цемент малтер | м² | 420,оо ден. |
| 27. | Рачно штемовање на бетонски површини д=10 см | м² | 1.015,оо ден. |
| 28. | Кршење, вадење на бетонски површини (бехатон, парковски и коловозни рабници) со користење на хилта | час. | 850,оо ден. |
| 29 | Набавка, поставување на коловози ивичњаци на бетонска подлога л=80 см 24/18/80 | бр | 430,оо ден. |
| 30. | Набавка, поставување на парковски ивичњаци од бетонска подлога 12/8/80 | бр | 240,оо ден. |
| 31. | Набавка, поставување на парковски ивичњаци од бекатон елементи на бетонска подлога л=80 см | бр | 320,оо ден. |
| 32. | Вадење и повторно поставување на истите камени и бетонски рабници | бр | 350,оо ден. |
| 33. | Рачен икоп на земја 3 категорија тесен откоп и транспорт до 10 км | м³ | 580,оо ден. |
| 34. | Нанесување на хумусен слој на планирано земјиште | м² | 90,оо ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 35. | Набавка и изработка на тампон слој од точеник со набивање | м³ | 1.015,оо ден. |
| 36. | Ѕидање на ѕидови од блок д=12 см | м² | 700,оо ден. |
| 37. | Ѕидање на ѕидови од блок д=25 см | м³ | 5.500,оо ден. |
| 38. | Ѕидање на оџаци со полна тула (еден отвор) | м³ | 6.500,оо ден. |
| 39. | Ѕидање на ѕидови од камен до д=50 см,со едно лице само работна рака | м³ | 1.350,оо ден. |
| 40. | Ѕидање на ѕидови од камен до д=50 см, со две лица само работна рака | м³ | 1.800,оо ден. |
| 41. | Ѕидање на столбови од камен, само работна рака | м³ | 2.300,оо ден. |
| 42. | Шприцирање на фасада со гриз и варано млеко (без скеле) | м² | 150,оо ден. |
| 43. | Набавка, поставување на дрвен под од даски без дрвена подконструкција | м² | 520,оо ден. |
| 44. | Набавка, поставување на дрвен под од даски со дрвена подконструкција | м² | 750,оо ден. |
| 45. | Набавка, поставување на дрвен под од талпи без дрвена подконструкција | м² | 850,оо ден. |
| 46. | Набавка, поставување на дрвена  ламперија на постоечка контрукција | м² | 500,оо ден. |
| 48. | Набавка, поставување на пластична ламперија на посетиечка контрукција | м² | 430,оо ден. |
| 49. | Бетонирање на плоча, тротоари, патеки врз припремена подлога д=10 см  -мв-300 | м² | 900,оо ден. |
| 50. | Бетонирање на ѕидови (елементи) во еднострана оплата | м³ | 6.200,оо ден. |
| 51. | Бетонирање на ѕидови (елементи) во двострана оплата | м³ | 7.200,оо ден. |
| 52. | Бетонирање на ѕидови (елементи) во четворосреана оплата | м³ | 8.800,оо ден. |
| 53. | Армирање (набавка, кроење, монтажа) | кгр | 70,оо ден. |
| 54. | Изработка на цемент подлога од 3-5 см | м² | 360,оо ден. |
| 55. | Поставување на керамички плочки ѕидни и подни (само работна рака) | м² | 235,оо ден. |
| 56. | Набавка и поставување на керамички плочки зидни и подни (просечен квалитет) | м² | 880,оо ден. |
| 57. | Одржување на треваци со косење | м² | 20,оо ден. |
| 58. | Косење на трева со косачка | м² | 5,оо ден. |
| 59. | Косење на трева со тример | м² | 7,оо ден. |
| 60. | Столарски услоги | 1 час | 410,оо ден. |
| 61. | Фарбање со основна боја (миниум) | м² | 150,оо ден. |
| 62. | Ѕидање на ѕидови од камен до д=50 см набавка и изработка | м³ | 3.800,оо ден. |
| 63. | Ѕидање на ѕидови од камен над д=50 см набавка и изработка | м³ | 5.300,оо ден. |
| 64. | Ѕидање на столбови од камен набавка и изработка | м³ | 5.900,оо ден. |
| 65. | Рушење (преклопување)бетонски камени и асвалтни подлоги д=10 см | м² | 450,оо ден. |
| 66. | Општ работник | 1 час | 180,оо ден. |
| 67. | Работник КВ | 1 час | 250,оо ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 68. | Малтерисување на ѕидови | м² | 330,оо ден. |
| 69. | Изработка на дрвена конструкција за поставување на ламперија | м2 | 200,оо ден. |
| 70. | Монтажа на гранитни плочки на полувлажен бетон | м2 | 550,оо ден. |
| 71. | Обложување на површини со украсен камен | м2 | 734,оо ден. |
| 72. | Браварски услуги | час | 480,оо ден. |
| 73. | Набавка и изработка слој од ситна песок | м³ | 1.850,оо ден. |
| 74. | Набавка на камени и гранитни производи | | Цена по тендер |
| 75. | Армирање со мрежа (набавка, кроење, монтажа) Q188 | м² | 170,оо ден. |
| 76. | Армирање со мрежа (набавка, кроење, монтажа) Q335 | м² | 350,оо ден. |

**III. Издавање под закуп на деловни простори,киоск, тезги и неизградено земјиШте**

**Член 6**

ЈП “Градски ГробиШта“ - Охрид деловните простори,киоскот, тезгите и неизграденото земјиШте со кои стопанисува може да ги издава под закуп со закупнина утврдена согласно пазарните услови, во постапка со јавно огласување или прибирање на понуди.

**Член 7**

Почетната цена за издавање на деловните простори, киоскот, тезгите и неизграденото земјиШте со своја Одлука ја одредува Управниот Одбор на ЈП Градски ГробиШта-Охрид.

**IV. Издавање на паркинг простор.**

**Член 8**

Уредениот дел од паркинг просторот за обука на возачи во Градските Гробишта во Охрид со кои стопанисува ЈП Градски Гробишта Охрид се издава на користење на автошколите, со намена практична обука на кандидатите за возачи и полагање на возачки испит.

**Член 9**

Надоместокот за користење на уредениот дел од паркинг просторот за практична обука за кандидати за возачи изнесува 5.300,оо денари месечно без ДДВ.

**V. Надоместок за урбана опрема**

**Член 10**

Сопствениците на запленета урбана опрема од страна на Одделението за инспекциски надзор при општина Охрид се должни да плаќаат лежарина во износ од 500,оо денари + ддв 18% дневно.

**Член 11**

Во висината на надоместоците за услугите кои ги врШи ЈП “Градски ГробоШта“ - Охрид утврдени во оваа Одлука не е пресметан данокот на додадена вредност. Данокот на додадена вредност е на товар на корисникот на услугата.

**Член 12**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на добивање согласност од Советот на ОпШтина Охрид.

**Член 13**

Со стапување на сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите Што ги врШи ЈП Градски ГробиШта-Охрид бр.02-181/3 од 16.02.2015 год. и Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП Градски гробишта бр.02-691/3 од 31.07.2015 год.,

***ЈП "Градски ГробиШта " Охрид***
***Претседател на УО,***
***Никола Савиќ,с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП„ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП„Градски гробишта“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/53** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96...41/2014), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП„ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП„Градски гробишта“ Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП„Градски гробишта“ Охрид бр.02-212/8 од 26.02.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/53** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 19 од Статутот на ЈП `Управување со Градски Гробишта􀀀Охрид, на ден _________ година, Управниот Одбор на ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП за управување со Градски Гробишта Охрид бр.02-4/4 од 06.10.2010 год.**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на Статутот на ЈП за управување со Градски Гробишта Охрид бр. 02-4/4 од 06.10.2010 год.

**Член 2**

Во член 19 алинеа 11 точката на крајот се брише и се додаваат зборовите за давателите на услуги и помошно-техничките лица "

**Член 3**

Во член 27 алинеа 13 се менува и гласи: "предлага Правилник за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работни места "

Алинеа 14 се менува и гласи: "одлучува за прием и распоредување на работниците во согласност со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места, на начин и под услови утврдени со позитивните законски и подзаконски акти"

Алинеа 15 се менува и гласи: "изрекува дисциплински мерки во согласност со Закон за административни службеници, Закон за работни односи и колективните договори"

**Член 4**

Во член 38 став 2 зборовите "актот на систематизација и организација" се бришат и се додаваат зборовите "Правилникот за внатрешна организација и правилникот за систематизација на работните места".

**Член 5**

Членот 39 од Статутот на ЈП Градски Гробишта се менува и гласи:

“ Дејностите и работите на јавното претпријатие се обавуваат во следниве сектори и одделенија:

1. ***Сектор гробишта, одржување на животна средина и градежништво*** во чии рамки процесот на работа ќе се одвива во две оделенија и тоа:

- “**Одделение за гробишта, градежно одржување и каменорезачки работи**”- изградба и реконструкција на гробишта со придружни објекти, изградба и уредување на улици, патеки и зеленило, производство на градежни елементи и производи од бетон, нискоградба, производсво од браварско и столарско занаетчиство, изградба и одржување на надгробни споменици, изработка, обработка и производство на други видови производи од мермер и гранит и други услуги,

- “**Одделение за одржување на животна средина и хотрикултурно уредување**”- одржување на јавната чистота, одржување на улици и придружни патеки, зелени

површини, косење, чистење, метење, миење, хортикултурно облагодарување и оплеменување на просторот, одржување на инасталации и други услуги;

2. ***Сектор за финансиско работење*** во чии рамки процесот на работа ќе се одвива во три одделенија и тоа:

- "**Одделение за наплата и услуги**" - доделување на гробни места, водење на евиденција за погребани лица, водење евидеција за носителите на гробни места, контрола на организација на погреби и работа на погребалните оператори, комора, капела, фактурирање и наплата на услуги, дистрибуција и наплата на фактури и сметки, прима барање од корисниците на услугите и во соработка со другите организациони единици обезбедува брз и ефикасен одговор, го организира работењето на шалтерите за наплата, изготвува информации, извештаи и анализи, ја комплетира целокупната документација потребна за подготовка на предмети за утужување, предлага интерни процедури и упатства за работа, предлага мерки за подобрување на наплатата и дава предлог решенија во однос на претставки и рекламации на корисници, обезбедува и ажурира поребни податоци за корисниците на услуги и ги внесува во база на податоци, изготвува и доставува одобренија, задолженија и дополнителни сметки за корисниците и друго.

  "**Одделение за јавни набавки**" - Ги евидентира потребите за набавка од секторите и одделенијата; Ја координира подготовката на планот за јавни набавки; Изготвува одлуки за јавни набавки; Објавува огласи за јавни набавки, известување за склучени договори и периодична евиденција на набавките на ЕСЈН; Ја советува комисијата при спроведување на постапки за доделување на јавни набавки; Подготвува соодветни акти врз основа на извештаи од спроведени постапки; Дава насоки и упатства во врска со жалбена постапка во соработка со комисијата за јавни набавки; набавка на материјали, магацинско работење и друго.
- "**Одделение за финансии**" – планирање на фимансиското работење, водење посебно сметководтсво, изработка на годишни и периодични пресметки, фактурирање, евиденција, ликвидирање а фактури, ажурирање на податоци, платен промет, планско аналитички и статистички работи, води финансиска и материјална евиденција за влез и излез од магацините на претпријатието, води евиденција и врши пресметка и исплата на плати и други надоместоци за вработените во Претпријатието, членовите на Управниот Одбор и Надзорниот Одбор и други работи.

3. ***Сектор за правни, кадрови и општи работи*** во чии рамки процесот на работа ќе се одвива во две одделенија и тоа:

- "**Одделение за општи и правни работи**" - изготвување на општи и поединечни акти, предлог Статут, Деловник, припрема на предлог одлуки и одлука, заклучоци и други акти и материјали за Управен и Надзорен Одбор, записници од седници, колегиуми, по потреба покренува судски, управни и други постапки и го застапува претпријатието пред надлежни органи, архивски работи, осигурување и други работи.

- "**Одделение за човечки ресурси**" -водење на кадровска политика и евиденција, ги води персоналните досиеја на вработените, подготвува акти поврзани со распоредување,

плати, годишни одмори и други отсуства, престанок на работен однос, подготвува предлог годишна програма за обука на вработените и води евиденција за реализирани обуки, оценување на административни службеници, врз основа на законски барања и потребите од управување со човечки ресурси подготвува статистички и други извештаи и анализи, технички работи околу прием на работници, социјална политика, заштита при работа и други работи."

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила по добивањето на согласност од Советот на Општина Охрид.

**УО на ЈП „Градски Гробишта“Охрид**
**Претседател,**
**Никола Савиќ,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ВАЖНОСТ НА ОДЛУКИТЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО БР.08-2815/36 ОД 29.02.2016 ГОДИНА И БР08-.2815/50 ОД 29.02.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување престанок на важност на Одлуките за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето бр.08-2815/36 од 29.02.2016 година и бр.08-2815/50 од 29.02.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/54**
**14.03.2016 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ“ бр.23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13 и 44/14), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ВАЖНОСТ НА ОДЛУКИТЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО БР.08-2815/36 ОД 29.02.2016 ГОДИНА И БР.08-2815/50 ОД 29.02.2016 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува дека престануваат да важат Одлуката на Советот на општина Охрид бр.08-2815/36 од 29.02.2016 година за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето на Кп.бр.1788/2 КО Охрид 4 и Одлуката на Советот на општина Охрид бр.08-2815/50 од 29.02.2016 година за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето на Кп.бр.2143/3 КО Охрид 4.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3698/54** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕДЛОГ ПРОЕКТОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ И САНАЦИЈА НА ПАТИШТА ЗА ПРИСТАП ДО ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ, ШУМСКИ И ВОДОСТОПАНСКИ ПОВРШИНИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за реализација на предлог проектот за уредување и санација на патишта за пристап до земјоделско земјиште, шумски и водостопански површини, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година.

**Број 09-3698/55** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), а во врска со Јавен повик за прибирање на предлог проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата за 2016 година, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2016 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕДЛОГ ПРОЕКТОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ И САНАЦИЈА НА ПАТИШТА ЗА ПРИСТАП ДО ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ, ШУМСКИ И ВОДОСТОПАНСКИ ПОВРШИНИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се потврдува дека овој предлог проект **„Тампонирање на земјоделски патишта во с.Лескоец, с.Долно Лакочереј и с.Горно Лакочереј“** за уредување и санација на патишта за пристап до земјоделско земјиште, шумски и водостопански површини е приоритет за општина Охрид и истиот е вклучен во стратешките документи на општината – Подстратегијата за рурален развој на општина Охрид и во Развојна Програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици.

**Член 2**

За реализација на горенаведениот предлог проект се дава согласност општина Охрид да аплицира на јавниот повик бр. 06-2016, распишан од Агенцијата за поддршка на земјоделството и руралниот развој, Мерка 124 - ИНВЕСТИЦИИ ВО ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3689/55**
**14.03.2016 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска**